**УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА**

# ДИДАКТИЧКО - МЕТОДСКИ ДИМЕНЗИИ ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

***-Магистерска теза-***

**Кандидат:**
***Нела Радевска***

**Ментор,**
***проф. д-р Снежана Адамческа***

**Скопје, 2009**

***СОДРЖИНА***

*ВОВЕД*........................................................................................................ *4*

**I ДЕЛ**

**ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ**

*1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ УЧЕБНИК*........................................ *8*
*2. ДИДАКТИЧКА ФУНКЦИЈА НА УЧЕБНИКОТ*................................ *18*
*2.1.Дидактичка функција на учебникот по музичко образование...* *20*
*3. ЦЕЛИТЕ НА МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ*
*ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ*............................................... *36*
*4. НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ И УЧЕБНИЦИТЕ*
*ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ*............................................... *38*
*5. СТРУКТУРА НА УЧЕБНИКОТ* ........................................................ *53*
*5.1.Структура на учебникот по музичко образование*...................... *59*
*6. ДИДАКТИЧКА АПАРАТУРА ВО УЧЕБНИКОТ*................................ *64*
*6.1.Дидактичка апаратура во учебниците по музичко*
*образование*............................................................................ *74*
*7. ИЛУСТРАЦИИ ВО УЧЕБНИКОТ* ................................................ *77*
*7.1.Илустрации во учебникот по музичко образование*.................... *82*
*8. ДИЗАЈН НА УЧЕБНИЦИТЕ ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ.* *84*
*9. ПРЕГЛЕД НА НЕКОИ РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА*
*ЗА КОНЦЕПЦИЈАТА НА УЧЕБНИК*........................................ *94*

II. ДЕЛ

**МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

*1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*................................................ *100*
*2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*...................................... *101*
*3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*................................................ *101*
*4. ХИПОТЕЗИ*.............................................................................. *103*
*5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*........................................... *104*

*6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ* ........ *104*
*7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК* ........ *106*
*8. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ* ........ *107*

*III ДЕЛ*

*АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО* ........ *108*

*IV ДЕЛ*

*1. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА* ........ *183*
*2. ЕДУКАТИВНИ ПРЕПОРАКИ* ........ *186*
*РЕЗИМЕ* ........ *188*
*SUMMARY* ........ *189*
*КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА* ........ *190*
*ПРИЛОГ – Анкетен лист – скалер* ........ *208*

## *ВОВЕД*

Современите модерни тенденции на образовната технологија со нејзините импликации ја афирмираат потребата од концепирање квалитетен учебник – дидактички обликуван.

Со овие едукативни вредности учебникот ја има улогата на комуникативен мотиватор за иницирање на сознајни интереси, способности, креативност кај ученикот.

Современиот учебник завзема значајно место во наставниот процес со тенденција за интерактивна комуникација на наставникот со ученикот.

Во оваа смисла на преден план е самостојната работа на ученикот со цел интензивен негов едукативен развиток.

Учебникот со својата полифункционалност има значајна улога и во наставата по музичко образование во основното училиште.

Со новиот Наставен план и програм од 1996 година се појави прв учебник по музичко образование именуван како Музичка сликовница за I одделение од авторите Тоде Радевски и Нела Радевска. Тоа е **прв** учебник по музичко образование во историјата на македонската музичка педагогија и методи-ка и наставниот предмет музичко образование.

Во 2000 година се издаде и Музичка сликовница за II одделение која претставуваше **прв учебник** за II одделение во историјата на наставниот предмет музичко образование во Р Македонија.

Музичките сликовници се работеа по избор на наставникот и учениците и беа успешно прифатени со цел за усвојување и восприемање на содржините од наставниот предмет музичко образование.

Во 1999 година излезе нов учебник по музичко образование за IV одделение од авторите Радевски Т. и Н., а во 2000 година излезе и учебник по музичко образование за IV одделение од авторите Витанова А., Атанасов З.

Во 2002 и 2003 година излегоа од печат учебници за I,II,III одделение од авторите Радевски Т. и Н., Поповски В и Г., Љафтова С., Витанова А, Атанасов З.

Со актуелните наставни програми од 1998 година излегоа нова генерација на учебници од V,VII,VII и VIII одделение од авторите Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж. Витанова А., Атанасов З., Димова С., Ангеловска В., Маљановска В., Поповски В., Георгиевски Г., Радевска Н.

Преку музичко – уметничките содржини од учебниците учениците го сознаваат и навлегуваат во чудесниот свет на музиката во насока на учењето музика се учи со музика. На пример, се прифаќа, доживува и засакува богатиот музички фолклор, патриотските песни одразени во музичкото творештво од нашето културно – историско подалечно и поблиско минато. Својата музичка култура учениците ја градат со музичко сознавање и меморирање на многу дела од музичките великани: Бах, Бетовен, Хендел, Моцарт, Шопен, Чајковски, Штраус, Верди, Роселини, Бизе и др., како и македонските музички творци: Атанас Бадев, Прокопиев, Скаловски, Тома Прошев, Ристо Аврамовски, Стојан Стојков, Кирил Македонски, Томислав Зографски и сл.

Од изложеново може да се констатира дека во наставата по музичко образование проникнува плурализам на учебници чија тенденција е зачестена употреба од страна на ученикот како на самиот час и надвор од него, со придонес за љубов кон музиката, како и восприемање и доживување на истата.

Во овој контекст е и изработката на магистерскиот труд со наслов "Дидактичко – методички димензии во учебниците по музичко образование во основното училиште" со кој ќе се направи обид да се осветлат елементите на структурата на учебникот по музичко образование и неговата дидактичка апаратура – прашања, задачи, вежби, како и видовите илустрации.

Овој дидактичко – методски проблем во македонската педагошка литература не е доволно истражуван, затоа се направени и првични чекори врз основа на темелно проучување на педагошка и музичка литература која го третира проблемот учебник.

Во трудот се дефинирани поимот учебник, а се истакнува и дефиницијата за појмовното определување учебник по музичко образование.

Во понатамошниот тек на трудот истакнати се целите на наставата по музичко образование, како и наставните програми и нивната имплицираност во учебниците по музичко образование.

Експлицирана е и дидактичката функција на учебникот, како и дидактичката функција на учебникот по музичко образование во основното училиште.

Истакната е и општата структура на учебникот, како и структурта на учебникот по музичко образование.

Темелно е обработен и централниот проблем – дидактичката апаратура во учебникот – општа рамка, како и дидактичката апаратура во учебникот по музичко образование.

Аналитички е обработен и проблемот илустрации во учебникот, како и илустрации во учебникот по музичко образование.

Експлициран е и дизајнот на учебник по музичко образование.

Даден е и ориентационен преглед на некои истражувања за концепцијата за учебник.

Трудот е концепиран и со методолошки дел на истражување во кое е дефиниран предметот на истражување, целите, задачите, хипотезите, варијблите, методите, техниките и инструментите на истражувањето, примерокот на истражување, статистичката обработка. Изработена е аналитичка мултидимензионална интерпретација на резултатите од истражувањето.

На крајот од трудот процесуално следат заклучните согледувања. Дадени се и едукативни препораки за усовршување на учебниците по музичко образование во основното училиште.

Овој труд ќе биде основа за понатамошни научни истражувања во својство на развивање на македонската музичка педагогија, дидактика и методика на наставата по музичко образование во основното училиште.

Во системната изработка на научниов труд особена благодарност изразувам кон мојот почитуван ментор проф. д-р Снежана Адамческа за несебичната поддршка и доверба во изработката на трудот.

Во овој контекст изразувам благодарност и кон проф. д-р Наташа Ангеловска – Галевска за научните инструкции во процесуалниот тек на изработката на методолошкиот дел и интерпретацијата на разултатите од научниот труд.

# I ДЕЛ ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ УЧЕБНИК

Учебникот е значаен дидактички проблем кој за негово сфаќање и проникнување на неговите суштински вредности неопходно е да се познава неговата дефинираност.

Ќе проследиме дефинираност од повеќе автори кои се бават со оваа педагошка проблематика.

Во **Енциклопедискиот речник на педагогијата** (Enciklopedijski rječnik pedagogije, 1963, str. 1059) учебникот се третира како наставно средство во кое научно и достапно е изложено наставното градиво според наставниот програм на поединиот предмет. За поедини предмети во одредено одделение постојат посебни учебници. Учебникот е еден од многу значајните извори на знаења. Во него се содржани најбитните знаења кои учениците треба да ги усвојат според пропишаниот наставен програм. Наставниковото излагање и текстот во учебникот меѓусебно се дополнуваат.

Од ова може да се констатира дека учебникот како наставно средство и извор на знаења им овозможува на учениците усвојување наставни содржини според наставниот програм.

Во **Педагошката енциклопедија 2** (Pedagoška enciklopedija 2, 1989, str. 472) учебникот се смета како книга во која научните или стручните содржини на корисникот се посредувани со посебно уреден дидактички инструментариум, зависно од целта на воспитанието и образованието, психофизичката зрелост на корисникот кој му се наменети посебни задачи со наставниот план и програм, односно училиштето или нивото на образованието. Тоа што учебникот се издвојува од редот на останатите училишни книги кои се користат во процесот на воспитание и образование

се состои од фактот дека учебникот е масовна, основна и задолжителна школска книга.

Од ова произлегува дека содржините во учебникот со дидактичкиот инструментариум внимателно се приспособени според целта на воспитанието и образованието и психофизичките потенцијали на ученикот и наставниот план и програм. Констатацијата дека учебникот се разликува од другите училишни книги со неговата афирмација како масовна, основна, задолжителна книга значи ја користи цела популација ученици на ниво на држава.

Во **Педагошкиот лексикон** (1996, стр. 522) учебникот се смета како основна и задолжителна училишна книга, работена според важечкиот наставен план и програм и дидактичко методички и ликовно – графички преработена за самостојно учење.

Оваа дефиниција го имплицира значењето на учебникот со неговото дидактичко – методско обликување да служи како мотиватор за самостојно учење на корисникот, ученикот.

**А. Мијатовиќ** (Mijatović, A, ) како автор на **Лексиконот на темелни педагошки поими** (Leksikon temeljnih pedagogijskih pojmova, 2000 str. 276-277) истакнува дека учебникот е книга која е пишувана за потребите на еден или повеќе предмети според наставниот план за едно или повеќе одделение. Темелната содржина на учебникот е одредена со наставниот програм на дадениот предмет за одредено одделение при што авторот или авторите на учебникот се обврзани да го почитуваат обемот, редоследот и структурата на програмот.

Со ова толкување може да се забележи дека битот на конституирање е наставната програма со сите нејзини импликакции - обем, редослед, структура, кој е потребно е да ги почитуваат авторите при самото концепирање на учебникот.

**И. Лешковски** во **Педагошкиот речник** (2002. стр. 263) учебникот го толкува како наставно средство, основна и обврзна училишна книга во која на научен и достапен начин е изложено наставното градиво по определен предмет според наставната програма, зависно од целите на воспитувањето и образовнието и психофизичката зрелост на учениците. Учебникот е еден од мошне важните извори на знаења и ги содржи најбитните содржини што учениците треба да ги усвојат според пропишаната наставна програма.

Со ова дефинирање се истакнати основните сегменти за развој на функционирање на учебникот како наставно средство, извор на знаење кое се конституира врз основа на наставната програма, едукативните цели прилагодени на психофизичката зрелост на учениците.

**В.Пољак** (Poljak, V., 198O, str.29) поимот учебник го операционализира како:

- основна училишна книга, за разлика од останатите книги како дополнителна и помошна литература во текот на школувањето;
- учебникот е пишуван врз основа на пропишаниот наставен план и програма, што не е случај со останатата стручна, научна и уметничка литература;
- учебникот учениците скоро секојдневно го употребуваат во своето школување заради образование, односно само образование, додека останатата литература ја проучуваат повремено и привремено;
- по својата основна намена учебникот треба да биде дидактички обликуван заради порационално, пооптимално, поекономично и поефикасно образование, што не важи за останатата литература.

Со овие истакнати карактеристики се препознава содржинското одредување на поимот учебник. Покрај повеќето показатели значајно е да се напомене дека за квалитетен учебник услов е неговото дидактичко обликување.

**А.Дамјаноски** (1970 стр. 19) го експлицира поимот учебник како интегрален дел на наставниот процес и редовно се асоцира со поимот настава. Тој зазема првично место и се одликува со најзачестена употреба.

Ова гледиште го имплицира фактот дека учебникот и неговата зачестена употреба го осмислува процесуалниот тек на наставата.

**Д.Д.Зуев** (Zujcv, D.D. 1988 str. 12) учебникот го третира како масовна наставна книга која ја изложува содржината на предметот на образование и ги одредува формите на активности, утврдени со наставниот програм, учениците задолжително ги усвојуваат во зависност од својата возраст и други карактеристики.

И овој автор ја истакнува карактеристиката масовност на употребата на учебникот утврден со наставниот програм и сл.

**В.П. Беспаљко** (Zujev, D.D.1988, str. 7) потпирајќи се на теоријата на педагошките системи го разгледува училишниот учебник како информационен модел на наставно – воспитниот процес со посредно учествување на наставникот во него. Учебникот може да се посматра како средство за автоматизација на управување на наставно – воспитниот процес.

Од ова гледање може да се констатира дека учебникот е модел на информации кои ги осмислува наставникот во наставниот процес. Учебникот има и значајна функција на управување, насочување во наставата.

**Гинтер Шулце** (Петровски, Б, 1994, стр. 20) учебникот го дефинира како таков вид книга во која целосно и системно е изложен учебниот материјал на определен предмет, а разновидните дидактичко – методски принципи што се во неговата основа го поставуваат ученикот во разновидни дидактички ситуации.

Суштината на учебникот е имплицирано во системниот развој на содржините кои по пат на разновидни дидактички ситуации го ангажираат ученикот во усвојување, совладување на истиот.

**Н. Вученов** (Vučenov, N., 1988, str. 110) истакнува дека учебникот е истовремено и извор на знаења и средство за нивно пренесување.

Со оваа дефиниција се потенцирани две есенцијални вредности на учебникот – извор и средство врз кои се надоградуваат и други развојни функционални вредности за стекнување знаења.

**Н.Потковьак** (1997, стр. 33) врз основа на проучената дидактичко – методичка литература на учебникот констатира дека тој е задолжителна училишна книга со законски утврдена процедура, со основна задача да го конкретизира наставниот програм кој ги предвидува содржините (пред се знаењата) кои учениците треба да ги усвојат од одредениот наставен предмет и област.

Во овој контекст основна импликација за учебникот е наставната програма која како ориентационо ги насочува содржините, знаењата кои примерно учениците ги усвојуваат.

**Б.Петровски** (1994, стр. 21) го операционализира поимот учебник како извор на знаења за ученикот, средство што овозможува самостојна индивидуална настава и работа на ученикот кое на своевиден начин служи за конкретизација на наставниот план и програма по соодветниот предмет, наставните единици и теми дидактички ги обликува, поаѓајќи од сознанијата на дидактиката за современата настава, со правилно дидактичко обликување учебникот му служи на наставникот како основа за дидактичко обликување на наставниот час и, на крајот, при определени возрасти на учениците, им се овозможува на родителите да им помогнат на своите деца во совладувањето на задачите на наставата.

Во ова дефинирање се опфатени повеќе функционални елементи на учебникот, а значајна предност е што авторот ја истакнува и улогата на родителите кои со користење на учебникот им помагаат на своите деца во усвојување на наставните задачи.

**Р. С. Круљ** (1997, стр. 65) учебникот го имплицира како основна книга за учениците и наставниците во која се наоѓа еден од основните избори за планирање и програмирање на воспитно – образовната работа

на наставникот, како и интересна селекција на значајни информации неопходни за напредување на ученикот. Тој е еден од основните градители на наставниот процес.

Во ова гледиште е истакнато влијанието на улогата на учебникот за наставникот кој ќе го планира и програмира воспитно – образовниот процес со помош на учебникот.Се спомнува и улогата на учебникот како еден од градителите на наставниот процес, а со своите селективни, оперативни информации овозможува квалитетен напредок на ученикот.

**М.Недељковиќ** (Недељковић, М., 1997, стр. 71) смета дека учебникот како основно училишна книга пишувана на основа на соодветната наставна програма е наменета за ученикот, учебникот служи како за самостојно усвојување на ново наставно градиво, така и за проширување, продлабочување, систематизирање и утврдување на веќе обработеното наставно градиво.

Во овој контекст е изразена предноста на употребата на учебникот за самостојно усвојување на нови наставни содржини и истите по пат на повеќе квалитети (проширување, продлабоченост, систематизираност, утврдување на знаењата) резултираат на успешна трансфербилност на знаењата.

**Н.Трнавац** (1997, стр. 86) го дефинира учебникот како наставно средство, не со тоа што го прикажува наставното градиво (тоа го прават и другите книги), туку првенствено што му помага на ученикот во усвојување на наставно градиво. Тогаш учебникот ја добива карактеристиката на педагошки обработена книга. Дијалектичкото единство на содржината и формата се мери врз основа на приемот од страна на ученикот.

Со ова дефинирање приматот на учебникот е ставен во неговата употреба од страна на ученикот во насока на негово прифаќање, усвојување.

**Б.Ѓорѓевиќ** (Ђорђевић, Б.,1999, стр. 32) истакнува дека училишниот учебник пред се е книга која на систематски начин ги изложува основните научни знаења на одредениот наставен предмет спрема возраста на ученикот (т.е. спрема одделенијата) ги воведува учениците во процесот на усвојување знаења, развивајќи ги нивните сознајни способности, а овозможува и различни видови активности кои се поврзани со успешно усвојување знаења.

Во оваа експликација може да се согледа едукативната вредност на учебникот развивање сознајни способности како основа за усвојување знаења во процесот на учењето на наставата.

**Н. Лакета** (1999, стр. 64) зборува за современиот учебник како задолжително, најмасовна и најзначајна училишна книга во однос на другите книги има низа специфични функции интегрирани во единствена целина, во последно време се повеќе позната како сценарио на процесот на учење.

Ставот дека учебникот е сценарио на процесот на учење се имплементира како водич кој има сложени интегрирани функции во интерес на развојниот потенцијал на ученикот.

Според **Концепцијата за учебник** за основно и средно образование (1998, стр. 3) учебникот се дефинира како книга наменета за самостојно учење на ученикот во која што на педагошки начин се разработени содржините од наставната програма по конкретен наставен предмет за определено одделение, односно година , содржан во наставниот план.

Во оваа смисла акцентот се става на самостојното учење на ученикот како основа на усвојување на учебникот.

Според **Концепцијата за учебник** за основно и средно образование (2006, стр.8-9) се подразбира дека учебникот за основно и за средно образование е извор на знаење и дидактички обликувано наставно средство што се користи за постигање на воспитно-образовните цели во наставата и учењето. Учебникот му овозможува на ученикот да ги постигне стандардите на знаење и да го поттикне развивањето на

способностите: **во когнитивното подрачје**- за разбирање и примена на знаењето, анализа, синтеза па сé до вреднување; **во афективното подрачје** – за развивање на способности за прифаќање и заземање за вредности, па сé до формирање на одредени вредности на личноста; и во **психомоторното подрачје** – со поттикнување осмислени активности за усвојување на вештини со користење алати, прибор, па сé до самостојно вреднување на целовита практична работа.

Во зависност од природата на наставниот предмет учебникот може да биде целовит (самостоен) или разгранет со повеќе делови (работна тетратка, збирки на задачи, односно вежби или други наставни средства), што ги налага природата на наставниот процес и учењето.

Во современата практика покрај учебникот се препорачува да се издава и методски прирачник за наставникот.

Во оваа комплексна дефинираност се истакнаа трите порачја когнитивно, афективно, психомоторно кои се значајни, применливи фактори во учењето на ученикот со учебник. Значајно е што се препорачува покрај издавањето на учебникот да се издава и методски прирачник за наставникот.

**Е.Маказлиева** ( 1995, стр. 28-29) зборува за современите учебници кои се разликуваат од традиционалните најмногу по својата концепција, по својата темелна трансформираност не само што преставуваат значаен извор на знаења, туку и средство за духовен и интелектуален развиток, силно мотивационо средство за развиток на способностите и поттик за креативно мислење.

Со овој поглед за учебникот значајно е што функција на учебникот е да го мотивира ученикот за учење, во насока да ги развива разновидните способности со што процесуира и креативната продукција.

**М.Стевановиќ** (Stevanović, M, 2001, str. 23) врз основа на перманентна научна истражувачка работа за учебникот го третира истиот како специјално напишана школска книга прилагодена на типот на

училиштето, определениот наставен предмет, возраста на ученикот, пропишаниот наставен план и програм.

Може да се истакне дека специфичноста на учебникот е негово адаптирање на повеќе фактори како на пример возраста на ученикот, типот на училиштето, наставниот план и програм. Без тие едукативни показатели не може да се замисли успешно структурирање и употребување на учебникот.

**М. Стевановиќ, Н. Радевска** (2001, бр. 4 стр. 70) истакнуваат дека учебникот е еден од суштествените употребливи елементи во наставниот процес. Со своето функционално процесуирање му помага на ученикот системно, перманентно, самостојно да ги усвојува и совладува наставните содржини предвидени со наставниот план и програм (курикулум).

Од ова гледиште може да се согледа предноста на учебникот воведување и помагање на ученикот во културата на самостојна работа за совладување на наставни содржини.

**А.Бежен, К.Мунк** (Bežen, A. Munk, K, 2002, str. 414) зборуваат дека учебниците постојат како извори на информации наменети за поучување и учење, напоредно со компјутерите и другите производи на информациска и образовна технологија, спрема исто кумулативно начело по кое во денешниот свет постојат сите комуникациски медии кои настанале во текот на историјата (живиот збор, ракопис, печат, електронски медии.

Во овој контекст може да се истакне дека учебникот функционално се усовршува со развојот на модерните трендови на образовната технологија.

Врз основа на поголемиот број истакнати педагошки погледи за учебникот може да се констатира дека *учебникот е есенцијален, често употреблив, интегрален дел на наставниот процес, концептиран според наставниот план и програм, како модел на информации е дидактички – методски обликуван, прилагоден на возраста на корисникот – ученикот,*

*процесуира како комуникативен мотиватор за развивање сознајни способности и креативни потенцијали по пат на поучување и учење, а е во согласност со современите тенденции на образовната технологија.*

Како продолжен тек на дефинирањето на поимот учебник се чувствува потребата да се  дефинира и поимот учебник по музичко образование.

*Учебникот по музичко обрзование во основното училиште е значајна училишна книга, конципиран според наставниот план и програм по постојниот наставен предмет. Како модел на музички информации е прилагоден на возраста на ученикот и дидактичко – методски обликуван за активна музичка интерактивна комуникација меѓу наставникот и ученикот во насока на развивање музички способности и музичка креативност, а е и функционален составен дел на мултимедијален пакет во соглалсност со концептот музика се учи со музика.*

# 2. ДИДАКТИЧКА ФУНКЦИЈА НА УЧЕБНИКОТ

За да се сфати успешното процесуирање на учебникот во наставниот процес потребно е да се познава и неговата дидактичка функција.

Во оваа смисла ќе се истакне **Зуевата** (Zujev, D.D., 1988, str. 48) експликација на поимот дидактичка функција на училишниот учебник која подразбира целисходно формирање на квалитетот на учебник како носител на содржината на образование и основни наставни средства, во форма на книга најпотполна соодветност на неговата намена во процесот на реализација на содржината на образованието во услови на настава која развива и воспитува.

Ова дефинирање имплицира дека дидактичкото функционирање на учебникот доведува до поголем квалитет на наставата која образува, развива и ја воспитува личноста на ученикот во еден континуитет.

**А.Дамјановски** (1970, стр. 21) во дидактичкото компллексно проучување на учебникот истакнува дека функцијата на учебникот може да се определува и да се осветлува само во врска со општата концепција за наставата, со нејзините задачи, форми и модели на практичната реализација.

Со ова педагошко гледање се афирмира суштинската врска на учебникот со дидактичките компоненти на наставата.

Дамјановски во продолжение истакнува дека учебникот треба да биде полифункционален во современата настава, да се става во служба за остварување на комплексните задачи на наставата и учењето.

Со полифункционалноста се изразува процесуалното сообразување на учебникот со развојниот иновативен тек на наставата.

Функцијата на учебникот која како импликација ја оживотворува динамичноста во насока на перманентни усовршувања во согласност на поддршка и афирмација на современи креативни модели на наставна работа и учење.

**Б. Камчева–Лакинска** (1996, стр. 56) презентира суштински елементи на поимот учебник со истакнување дека учебникот во систематското помагање на оптималниот развиток на ученикот има поливалентна функција, но дека една од најзначајните е оспособување на ученикот за самостојна работа.

Ова педагошко гледиште ја имплицира суштествената функција на учебникот развој на интелектуални креативни потенцијали на ученикот иницирани, водени по пат на самостојна работа.

За успешно функционирање на учебникот предуслов се и ***импликациите на образовната технологија*** која подразбира систем на знаења, операции научно засновани кои ја остваруваат целината на наставниот процес.

Оваа значајна технологија како *применета наука* со своите импликации развојно го унапредува и концепирањето учебник во насока на:

- *следење на суштината на програмите како и нивно доусовршување;*
- *усовршување на концептот настава;*
- *максимални можности за осамостојување на ученикот;*
- *функционално користење разновидни извори на знаења, разновидни аудио, визуелни, аудио – визуелни средства во наставата и надвор од неа;*
- *креативна примена на наставни методи, принципи, модели, средства;*
- *примарната вредност – учењето да биде достапно за секој ученик со можност да напредува по своја оптимална мера.*

## *2.1. Дидактичка функција на учебникот по музичко образование*

Едукативните квалитети на образовната технологија ги афирмираат дидактичките функции на учебникот. Во оваа насока ќе ги конкретизираме дидактичките функции на учебникот по музичко образование, како на пример:

- *информативна функција;*
- *трансформативна;*
- *функција на систематизација;*
- *функција на утврдување и самопроверка,*
- *функција на самообразование;*
- *интегрирачка функција;*
- *координирачка функција*
- *развојно –воспитна функција*

**Информативната функција** ја акцентира улогата на учебникот како еден од основните извори на информации, поточно *музички информации.*

Музичките информации претставуваат разновидност на музички факти и музички генерализации, детерминирани од наставниот план и програм по наставниот предмет музичко образование. Музичките информации во учебникот се конкретизирани во определен систем и се достапни за усвојување од страна на ученикот.

Импликации на информативната функција се музичките програмски теми:

Во овој контекст ќе се истакнат програмските теми од I,II, и III одделение во деветгодишното основно образование и воспитание кое започна да се реализира од учебната 2007/2008 година.

1. *Пеење*
2. *Музика и движење*
3. *Слушање музика*
4. *Свирење на детски музички инструменти*
5. *Основи на музичката писменост*
6. *Основи на детското музичко изразување и творење*

Факт е дека надлежната стручна служба – Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука **не предвиделе** учебник за учениците од I,II и III одделение во деветгодишното основно образование.

Во осумгодишното основно образование и воспитание, конкретно во III и IV одделение во кое се имплементира учебник за ученици, музички програмски теми се:

- *Пеење песни;*
- *Свирење на детски музички инструменти;*
- *Слушање музика;*
- *Основи на музичката писменост;*
- *Детско музичко творење и изразување.*

Програмската тема ***Пеење песни*** содржи пеење народни и уметнички песни различни по содржина и карактер, жанр од домашни странски автори. Како на пример: Песни за почетокот на учебната година, песни за годишните времиња, песни од нашето културно и историско минато, песни за екологија и сл.

Оваа програмска тема при пеење на песни народни и уметнички (од домашни и странски композитори) се фокусира на *елементите на вокална техника*

- правилен пејачки став
- правилно пејачко дишење
- импостација (правилно изговарање на вокалите, самогласките и согласките) на гласот
- пеење во адекватно темпо
- динамичко нијансирање
- создавање одделенска хорова култивирана звучност

Преку програмската тема ***Свирење на де̄тски музички инс̄трумен̄ти*** се овозможува свирење на детски музички инструменти, ритмички и мелодиски кои се познати како Орфови.

Со ритмичките инструменти се придружуваат песни со мотивски примери или ритам земен од самата му песна. Со мелодиските инструменти се свири мелодијата на песните и мелодии од познати полесни композиции наменети за оваа возраст.

Со овие инструменти учениците директно учествуваат како изведувачи на музички композиции.

Програмската тема ***Слушање музика*** рефлектира на внимателно, активно слушање на песни кои учениците не можат да ги пеат, мали инструментални композиции за поедини инструменти како на пример за клавир, виолина, мали камерни композиции од домашни и странски композитори различни по карактер, стил.

Целта на оваа програмска тема е учениците постепено да ги совладуваат основните елементи од музиката (мелодија, ритам, темпо, динамика, такт, форма) преку активно слушање, доживување и изразување со движење или со уметнички елементи на доживеаната музика.

Во овој контекст учениците слушаат вокална, вокално-инструментална и инструментална музика сообразена со психофизичките и музички способности за восприемање на композицијата што се слуша.

Со програмската тема ***Основи на музичка̄та ӣисменос̄т*** во III одделение преку музичките симболи се откриваат особините на тонот со

што се развива мелодискиот и ритмичкиот слух. Тоналните функции се откриваат со музички симболи на непотполно петолиние од тонот до до тонот ла. Значајно е да се напомене во ова одделение се поставуваат основите на особините на тонот. На пример:

- Високо – ниско
- Долго – кратко
- Силно – тивко
- Воочување и разликување бојата на тонот на човечки гласови и музички инструменти преку кои учениците ги препознаваат.

Во рамките на оваа програмска тема се откриваат тактовите мери: дводелен, триделен и четириделен такт – без теоретско објаснување.

Во IV одделение од оваа програмска тема учениците го откриваат нотното писмо (ноти) четвртини, половини, осмини, цели ноти, соодветни паузи, петолиние и виолински клуч како и основната тонска скала. Учениците ги усвојуваат тоналните функции од основната скала со солмизациони слогови (до, ре, ми, фа, сол, ла, си, до)

Преку програмската тема ***Детско музичко творење и изразување*** доаѓаат до израз музичките креативни способности на учениците преку примена на различни музички форми на работа. Како на пример:

- дополнување ритмичка вежба
- од ритам создаваме мелодија
- од текст создаваме мелодија
- музички прашања и одговори

Во V одделение во осумгодишното основно образование се изучуваат следниве програмски теми:

- *Пеење (вокална интерпретација)*
- *Основи на музичка писменост*
- *Слушање музика*
- *Инструментална интерпретација*
- *Детско музичко изразување и творење*
- *Народно музичко творештво*

- *Музичка граматика*
- *Музички инструменти*

Во програмската тема ***Пеење (вокална интерпретација)*** се обработуват разновидни народни и уметнички песни различни по содржина и карактер поврзани со националните празници, со нашето културно – историско минато, со годишните времиња.

Со програмската тема ***Основи на музичката писменост*** се утврдуваат тоналните функции – откриени во IV одделение, како и ритмичките соодноси на нотните траења 1:1 – четвртина- четвртина: 2:1 – две осмини - четвртина, две четвртини – половина, две половини – цела нота. Се откриваат нови тонски скали C- dur неговата паралелна молска скала е a-moll, како и F-dur и неговата молска скала d-moll.

Преку програмската тема ***Слушање музика*** учениците слушаат разновидна музика по содржина, карактер и жанр. Особено се посветува внимание на композициите од македонските композитори во кои тие земаат теми од богатиот македонски музички фолклор – народната музика. Се слушаат разновидни пиеси со проверени уметнички квалитети и од странски композитори достапни за восприемање, доживување и изразување на оваа возраст. На пример:

- Волганг Амадеус Моцарт: Мала ноќна музика
- Леополд Моцарт: Детска симфонија
- Жорж Бизе: Детски хороТ операта Кармен
- Тодор Скаловски: Гоце
- Трајко Прокопиев: Дојранка
- Камиј Сен Санс: Лебед од Карневалот на животните

Преку програмската тема Слушање музика се реализираат и содржините од програмската тема ***Инструментална интерпретација***.

Програмската тема ***Детско музичко изразување и творење*** во V одделение се надоградува на стекнатите знаења од претходните одделенија. Оваа комплексна активност на учениците им внесува повеќе

радост и активно учество во творештвото со што ја развиваат својата детска фантазија, имагинација преку:

- Довршување на незавршена мелодија
- Пополнување на испуштени тактови
- Од ритам создаваме мелодија
- Избор на инструмент за придружба на песна
- Слободно движење на восприемена и доживеана песна или слушање музика
- Импровизација на карактеристични движења при слушање музика на пример: маршева, танцова, ороводна, приспивна
- Музички разговор: прашање – одговор
- Ритмички импровизации со детски музички инструменти т.н разговор помеѓу инструментите

Со програмската тема ***Народно музичко творештво*** учениците се запознаваат со особеностите и карактеристиките на богатиот македонски музички фолклор. Се здобиваат со музичкиот поим поделба на народните песни според содјината и намената на обредни и необредни песни. Обредни песни се:

- коледарски
- велигденски
- ѓурѓовденски
- лазарски
- додолски

Необредни песни се:

- ајдучки
- комитски
- печалбарски
- љубовни
- семејни
- хумористични

Учениците се запознават и со орската народна традиција која е тесно поврзана со народните обичаи, националниот дух, историјата, културата и начинот на живеење на Македонецот. Учениците ги осознаваат формите на ората, поделбата на народните ора по пол, имињата на ората, како и инструменталната и вокалната придружба на ората. Преку ората учениците ги запознаваат и народните носии во Македонија како и непроценливото богатство на културно-уметничкото наследство.

Програмската тема ***Музичка граматика*** всушност се основните елементи на музичката форма. Учениците се запознаваат со музичките форми како што се музичка реченица, мотив, фраза, период.

Програмската тема ***Музички инструменти*** се обработува во V,VI и VII одделение. Преку оваа тема за трите учебни години учениците се запознаваат со сите видови инструменти од симфонискиот оркестар – гудачки, дувачки и жичани инструменти, како и видовите оркестри: гудачки, дувачки, симфониски. Учениците ги осознаваат следниве инструменти:

- гудачки: виолина, виола, виолончело, контрабас
- дувачки дрвени инструменти: флејта, пиколо, кларинет, бас, фагот
- дувачки лимени инструменти: труба, хорна, тромбон, туба
- ударни мелодиски инструменти: тимпани, ксилофон, металофон, вибрафон, камбани
- ударни ритмички инструменти: стапчиња, кастањети, тропалки, триангл, тапан, барабанче, чинели
- ударни жичани инструменти: чембело, клавир

Основна интенција на оваа програмска тема е визуелно и акустично доживување и препознавање на разни видови инструменти преку слушање музика.

Во новата учебна година 2008/2009 започнува да се применува нова наставна програма во VI одделение, а се предвидуваат и подготвуваат нови учебници.

Програмски теми се:

- *Пеење (вокална интерпретација)*
- *Основи на музичка писменост*
- *Слушање музика*
- *Инструментална интерпретација*
- *Детско музичко изразување и творење*
- *Народно музичко творештво*
- *Музичка граматика*
- *Музички инструменти*

Истите програмски теми се повторуваат од V одделение и содржински се слични во надоградба.

Програмските теми во VII одделение се:

- *Вокална интерпретација*
- *Музичка писменост*
- *Слушање музика*
- *Народно музичко творештво*
- *Музички форми*
- *Вокална музика и вокални состави*
- *Музички инструменти*
- *Инструментална музика и инструментални состави*

Програмската тема ***Вокална интерпретација (пеење песни)*** во VII одделение е застапено во помал обем зошто настапува мутациониот период на учениците. Тоа не значи дека учениците не треба да пеат. Во контекст на надополнување на оваа природна промена на детскиот глас во ова одделение се посветува поголемо внимание на вокалната музика и тоа видови гласови:

- женски – сопран, алт, мецосопран
- машки – тенор, баритоне, бас

Учениците се запознаваат и со хорското пеење, видови хорови, соло песна. Овие музички поими учениците не ги запознаваат теоретски, туку преку активно слушање на соодветна музика на содржината која се обработува. И во оваа програмска тема се применува основното мото во музиката музика се учи со музика.

Фундаментална програмска тема во VII одделение е ***Слушањето музика*** зошто преку оваа тема се реализираат и следние музички програмски теми:

- Музички форми
- Вокална музика и вокални состави
- Народно музичко творештво
- Инструментална музика и инструментални состави

Преку соодветна музика која е компатибилна на секоја програмска тема на пример ***Музичките форми*** се откриваат со општествено стилизираните игри.

- менует
- валцер
- марш
- полка
- мазурка
- полонеза
- болеро
- чардаш

За остварување на целта учениците да ги разберат и доживеат овие значајни музички поими слушаат соодветна музика, совладлива на она што се открива. Пример:

- Менует се слуша од Луиџи Бокерини
- Валцер - На убавниот син Дунав од Јохан Штраус

Програмската тема *Вокална музика и вокални сосшави* се реализира исклучиво преку слушање музика. Пример:

- Џузепе Верди - Травијата – Арија на Виолета - сопран
- Жорж Бизе – Кармен – Хабанера – алт
- Жорж Бизе – Кармен – Арија на Ескалино – баритоне

За музичкиот поим *хорско пеење и видови хорови* учениците се запознаваат преку слушање хорски композиции. Пример:

- Стојан Стојков: Мајска песна – детски хор
- Трајко Прокопиев: Печал - женски хор
- Тодор Скаловски: Гоце – машки хор
- Јоханес Брамс: Приспивна – соло песна

Некои содржини на програмската тема ***Народно музичко шворешшво*** се обработуваат во V и VI одделение. Факт е дека македонскиот музички фолклор е мултидимензионално богата го карактеризираат следните елементи кои се осознаваат во VII одделение.

1. Поделба на народни песни според времето кога настанале и нивните стилски особености.

   а) песни и свирки настанати во селска средина

   б) песни и свирки настанати во градска средина
2. Разлика на песните според начинот на изведување
3. Бројот на гласовите кај песните и начинот на изведување
4. Разлики на мелодиски изразни елементи во основни тонски низи
5. Метричко – ритмички карактеристики и разлики

Содржински програмската тема ***Музички иншрументи*** имплицира повторување, утврдување и продлабочување на разни видови музички инструменти обработени во V и VI одделение. Се слушаат и доживуваат нови музички творби во исполнение на различни инструменти и инструментални групи – оркестри. Во ова одделение се врши систематизација и утврдување на изразните елементи на секој инструмент преку слушање на композицијата Водач на младиот човек низ оркестар од

англискиот композитор Бенџамин Бритн. Во оваа композиција настапуваат постапно сите инструменти од симфонискиот оркестар преку 13 варијации.

Во VIII одделение програмски теми се:

- *Вокална интерпретација*
- *Народно музичко творештво*
- *Музички форми*
- *Музички епохи*
- *Музичко – сценски дела*
- *Програмска и апсолутна музика*
- *Музика за филм и драма*
- *Современа музика*
- *Џез и забавна музика*

Во програмската тема ***Вокална интерпретација*** е дадена во помал обем имајќи го во предвид фактот дека на оваа возраст учениците го достигнуваат највисокиот стадиум на мутација.

Содржината на програмската тема ***Народно музичко творештво*** е дадена преку народната музика одразена во уметничкото творештво на македонските композитори како на пример:

- Тодор Скаловски – Македонско оро
- Трајко Прокопиев- Ленка

Програмската тема ***Музички форми*** се надградува на сложената форма на песна обработена во VII одделение, Во ова одделение се обработуваат посложени форми на музички композиции како што се:

- соната
- симфонија
- концерт

Значајна е и програмската тема ***Музички ейохи*** во која се дава преглед на музиката од средниот век до XX век со музички претставници на секоја епоха – ренесанса, барок, класицизам, романтизам, музика на XX век.

Преку програмската тема ***Музичко – сценски дела*** се објаснува настанувањето на операта и нејзините составни делови, солисти, орекестар, хор, сцена, како и оперски композитори и опери. Пример:

- Џоакимо Роселини – Севилскиот берберин
- Ѓузепе Верди – Травијата, Аида, Набуко
- Жорж Бизе- Кармен

Во овој контекст посебно се обработува македонското оперско и балетско творештво.

Со програмската тема ***Прографска и айсолуйна музика*** учениците најелементарно се запознаваат со музичките поими програмска и апсолутна музика преку слушање на соодветна музика. На пример:

- Беджих Сметана – В'лтава – програмска музика
- Волганг Амадеус Моцарт – Концерт за виолина и оркестар – апсолутна музика

Преку програмската тема ***Црковна и духовна музика*** учениците се запознаваат со вредностите на световната и духовната музика во времето на Св. Климент Охридски и неговата книжевна школа во која ги учел учениците на црковно пеење. Со цел да се доближи духовната музика, како и да се доживее учениците имаат можност да ја слушаат Златоустовата литургија од македонскиот композитор Атанас Бадев – делот Слава Оцу и Сину.

На програмската тема ***Музика за филм и драма*** е предвиден само една час и затоа учениците се запознаваат информативно за улогата на музиката во филмот, радиото и телевизијата.

Преку програмската тема ***Современа музика*** учениците добиваат информативни податоци за развојот на современата музика во XX век, како на пример електронска музика, експериментална музика со музички илустрации.

Со програмската тема ***Џез и забавна музика*** учениците го запознаваат џезот како специфична појава на музика во XX век чии корени лежат во ропството на американските Црнци кои ги пееле при берење памук или во црквите со кои ги усогласувале движењата. Познати стилови на оваа музика се: блуз, рокенрол. Учениците се запознаваат со музиката на Битлси, Елвис Присли, поп музика, техно, рап и реге. Посебно место се посветува на македонската забавна музика која почнува да се развива после 1945 година.

Овие програмски теми меѓусебно се поврзани и логички се испреплетуваат во музички систем.

Содржините од овие теми ја осмислуваат информативната функција која е основа за продлабочување и надоградување на другите функции на учебникот.

Сите овие музички едукативни вредности на учебникот ја отвараат можноста за развојно градење и функционирање на музичката култура и креативност на личноста на ученикот.

**Трансформативната функција** претставува преработка на научно – теоретските и уметничките елементи од областа на музиката, односно музичките сознанија вклучени во учебникот, на флексибилен начин се конкретизираат програмските вредности на наставната програма со првично почитување на дидактичкиот принцип достапност. Овој принцип имплицира музичките содржини да бидат достапни непосредно восприемливи за секоја категорија ученик.

Комуникативните импулси што проникнуваат од учебникот по музичко образование овозможуваат отворени можности за воспоставување врска помеѓу музичките содржини и практиката. Во оваа

насока се зголемува интерес за восприемање и емотивно доживување на музиката, а со тоа се развива и музичката писменост и креативност.

Во овој контекст современиот учебник по музичко образование содржи преработени, трансформирани основи на музички сознанија, музички знаења, музички вредности.

**Функцијата на систематизација** процесуира во учебникот по музичко образование при што имплицира постапност во излагањето на музичките наставни содржини во еден флексибилен логички редослед.

За усвојување на музичките наставни содржини од страна на ученикот неопходен услов е наставникот да го поттикне ученикот да го сфати, разбере и усвои логичкиот редослед и поврзаност на музичките содржини. Со ученикoвата системна прифатеност на музичките содржини од учебникот резултира понепосредно восприемање, усвојување и доживување на истите .

Значајно е да се истакне дека реализацијата на функцијата на систематизација е неопходен услов за егзистирање, проникнување на другите функции на учебникот по музичко образование.

**Функцијата на утврдување и самопроверка** овозможува учебникот по музичко образование да го мотивира ученикот на музичка активност, усвоените музички знаења да ги утврди и самопровери, а како резултат на тоа да се добие нивото на музичко умеење. На пример, по усвојувањето на песната по слух може ученикот и надвор од училиштето да си ја утврди и самопровери со помош на учебникот и аудиокасета, CD на која е снимена песната. Со утврдување и самопроверување постепено се развиваат музичките способности. Самопроверката на ученикот на изучените музички содржини претставува висок степен на проверување а во тој контекст се развива и самокритичноста за утврдување на степенот на запознатост, усвоеност на предвидените музички содржини.

**Функција на самообразование** имплицира формирање и развивање на интризична мотивација, сознајна љубопитност за самостојно

стекнување музички знаења. При самостојна употреба на учебникот по музичко образование од страна на ученикот на час или надвор од училиште иницира потреба за планирање и реализирање на определените музички содржини. На ваков начин доаѓа до израз умеењето на ученикот со наставникот заеднички да ги планираат и остваруваат програмските музички теми комбинирано и интегрирано.

Ученикот со оваа функција на учебникот по музичко образование има можност усвоените музички знаења и умеења практично во различни конкретни ситуации да ги примени.

**Интегрирачката функција** ја истакнува важноста на учебникот по музичко образование во кои на систематски начин се обработени основните музички знаења, а дава можност да се поврзат, интегрираат со други извори на знаења.

Во интегрирачките сегменти спаѓаат аудио средствата, радио, аудиовизуелни-телевизија, видео, DVD, музички енциклопедии, музички списанија.

Современиот учебник обезбедува внатрешна взаемна поврзаност на повеќе наставни музички извори со цел за квалитетно восприемање на музиката од страна на ученикот во својство *музика се учи со музика.*

**Координирачката функција** дава можност најефикасно, најрационално користење на учебникот по музичко образование со сите наставни музички средства.

Учебникот функционира како јадро, центар околу кој се групираат и другите наставни музички средства.

Може да се истакне пример учебникот по музичко образование како центар на музички информации околу кои се поврзуваат музичките наставни средства како што се: аудио касетите, компакт дисковите и други кои имаат внатрешна суштинска логичка поврзаност.

**Развојно- воспитната функција** ја имплицира улогата на учебникот по музичко образование кој како конститутивност ја има не само образовната компонента, туку и воспитната.

Учебникот кој преку музички содржини не само што дава образовни ефекти, туку и развојно воспитува. Богатството на илустрациите во учебникот по музичко образование формира естетски претстави, а сукцесивно се воспитува естетскиот вкус и критериуми на ученикот. Разновидните музички содржини проникнуваат со своето воспитно влијание на ученикот, а придонесуваат во развивање отворена активна, флексибилна, креативна, комуникативна личност на ученикот.

**Дидактичките функции** на учебникот по музичко образование не се статични,туку флексибилно динамично меѓусебно се поврзани во една целина.

Со своето системно процесуирање меѓусебно се надополнуваат, надоградуваат и овозможуваат најцелисходна реализација на образовните, развојно- формативните и воспитните задачи на наставата по музичко образование.

Дидактичките функции на учебникот по музичко образование ја определуваат и неговата структура.

# 3. ЦЕЛИТЕ НА МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Целите на наставата се есенцијален дел, индикатор за развојно функционирање на наставата воопшто. Целите се фундаменталниот, појдовниот елемент на процесуирањето на наставната програма. Според возрасните психофизички карактеристики на учениците во наставните програми по музичко образование наставните цели се диференцирани како:

- наставни цели од I-IV одделение
- наставни цели од V-VIII одделение

Во наставната програма од I-IV одделение по музичко образование наставната цел е дефинирана како:

*Цел на наставата по музичко образование е преку содржините и активностите да придонесува на индивидуалниот развој на учениците во зависнсот од нивните предиспозиции за музика, да придонесува за изразување со звучни средства; постапно да ги запознава со вредни музички остварувања, да развива осетливост за различни можности на изразување, да усвојува основни знаења кои придонесуваат за самостојно запознавање на музичките дела од народното и уметничкото творештво и да ја негува осетливоста за прифаќање и доживување на убавото во музиката.* ( Основно образование: Содржини и организација на воспитно – образовната дејност и Наставни програми за I-IV одделение (II), 1997, стр. 211).

Оваа дефинираност имплицира целта на наставата по музичко образование од I-IV одделение да се фокусира на иницирање на индивидуалниот развој на учениците во зависност од нивните предиспозиции и способности за восприемање на музиката. Учениците системно, постапно да се запознаваат со квалитетните вредни музички остварувања со проверени уметнички вредности. Примарно е кај нив да се гради осетливост за различни видови музички доживувања и изразувања.

Во оваа насока акцент се става на активно самостојно запознавање на музичките дела од народното и уметничкото творештво. Во овој контекст функционално е поттикнувањето на учениковото воспириемање и емотивно доживување на оригиналното, убавото на разните жанрови во музиката.

Целта на наставата по музичко образование според наставната програмата од V-VIII одделение изразува:

*Содржините и активностите во наставата по музичко образование придонесуваат за натамошно надградување на музичката писменост, збогатување на знаењата и развој на способностите за различни видови музичко изразување и постепено запознавање со музичките дела од народното музичко творештво, класичната, современата, забавната, црковната и духовната музика, поттикнување на интересот за самостојно запознавање со музички дела и развивање љубов и свест за значењето на музичката уметност во животот и работата на човекот.* (Музичко образование: V-VIII одделение: Наставен план и наставни програми, 1998, стр. 11).

Оваа цел имплицира развој на музички знаења, односно музичка писменост, музички способности, музичка креативност. Во процесуалниот тек на наставата учениците се запознаваат и усвојуваат разни видови аспекти на музиката, конкретно народно и уметничко творештво од домашни и странски автори. Музичкиов концепт дава можност, основа за градење ученикова музичка комуникативна компетентност во училиштето и надвор од него.

# 4. НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ И УЧЕБНИЦИТЕ ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Учебникот по музичко образование е концепиран според педагошките законски документи Наставен план и Наставни програми. Неопходен услов за изработка на квалитетен учебник по музичко образование е оптималната компатибилност со наставната програма. Во овој контекст ќе ја елаборираме компатибилноста на наставните програми со учебниците од I одделение и V одделение.

Наставната програма во I одделение започнува со програмската тема ***Пеење*** која е примарна и најзастапена со 16 часа. Се обработуваат песни различни по содржина и карактер (расположение) за почетокот на учебната година, годишните времиња, пригодни празници – Нова година, Божик, Велигден, Бајрам, песни за животната средина (еко песни) итн. Програмата му дава можност на наставникот по сопствен избор да избере за обработка две до три песни од крајот во кој работи. Се предвидуваат 8-10 песни за обработка. Значаен сегмент на програмската тема ***Пеење*** се знаењата и способностите кои имплицираат:

- развивање интерес за слушање и пеење песни,
- развивање чувство за восприемање и доживување на содржините и карактерот на песните,
- постепено стекнување елементарни знаења и умеења за правилно пеење,
- иницирање осетливост за развивање на ритам и мелодија,
- негување љубов кон песните и пеењето,
- оспособување песната да се пее со соодветно темпо и со умерена јачина на тонот,
- емотивно доживување на убавото во песната.

Поими кои се осветлуваат со оваа програмска тема се: пеење, глас, пејач, песна, музика, заедничко пеење (хор), свечена песна.

Импликацијата на оваа наставна тема може да се согледа во содржините во сите три учебника по музичко образование за I одделение.

На пример: во учебникот од авторите Радевски Т. и Радевска Н, од повеќето песни ќе ги истакнеме следниве:

- Честито стр. 3
- Добредојдовте првачиња стр. 3
- Како треба правилно стр. 4
- Есенски плодови стр. 7
- Ѕвездичка стр. 12
- Дедо Мраз стр. 17
- Мајка стр. 25
- Славејче стр. 35
- Мира има роденден стр. 36

Во учебникот на Љавтова С. ги има следниве содржини:

- Честито стр. 5
- Дедо Мраз стр. 14
- Весели свирачи стр. 21
- Мајка стр. 27
- Пролетна песна стр. 29
- Зајаче стр. 30
- Ајде, ајде маченце стр. 36
- Пчелка стр. 37

Во учебникот на Поповски В., Поповска Г. се сретнуваат следниве содржини:

- Добро дојдовте првачиња стр. 5
- Ајде, ајде маченце стр. 10
- Есен стр. 12
- Играле ергени стр. 17
- Меца стр. 21 и др.

Во втората програмска тема ***Свирење на детски музички инструменти*** се даваат основните поими за детските музички инструменти: ритмички и мелодиски. Тенденција е учениците да се запознаат со начинот на ракување и свирење со овие инструменти.

Значајно е ритмизирањето на говорен ритам со ДМИ, како и свирење на тактови делови при придружба на песни, бројалки и музички игри со ДМИ. Посебно внимание се посветува на свирење високи – ниски тонови, свирење силни – тивки тонови. Основни знаења и способности кои учениците треба да ги стекнат е чувството за ритам, осетот за мелодија, темпо и динамика. Учениците постапно да се насочат да ја разликуваат бојата на ДМИ поединечно и колективно како и да умеат за едновремено свирење и пеење и самосвирење.

Во учебникот на Радевски Т. и Радевска Н., импликации од оваа програмска тема се во следниве содржини:

- Свириме (на сопствени инструменти) стр. 6
- Есенски плодови стр. 7
- Рамномерни ритмички движења стр. 9
- Долги траења стр. 10
- Пееме и свириме стр. 11
- Молчи ти! стр. 13
- Пееме и свириме различни траења стр. 15
- Зимски радости стр. 21
- Научив да бројам и пеам стр. 23
- Мајка стр. 25
- Складна песна гласовита стр.30
- Елка стр. 33

Во овој контекст треба да се истакне во поголемиот дел на наставните содржини од учебникот е присутно свирење со ДМИ.

Во учебникот на Љавтова С. програмските елементи од оваа програмска целина се проткаени во следниве содржини:

- Да се запознаеме со инструментите стр. 9
- Рамномерни ритмички траења стр.10
- Различни ритмички траења стр. 25

Во учебникот на Поповски В. и Поповска Г. од програмските аспекти на свирењето на ДМИ се сретнуваат следните содржини:

- Запознавање со детски музички инструменти стр. 16
- Маче, маче, маченце стр. 18

- Свирење на ДМИ стр. 27
- Свирење на ДМИ стр. 38

За третото програмско подрачје ***Слушање музика*** се предвидени 8 часа. Во ова подрачје основни едукативни вредности се кај ученикот да се развие интерес за слушање музика, создавање љубов и навика за слушање музика, како и восприемање, запомнување и усвојување одреден број музички творби. Во оваа насока се поттикнуваат учениците да разликуваат различни музички исполнувања (пеење, свирење, пеење и свирење и видови човечки гласови). Учениците системно усвојуваат елементарни знаења за доживување на расположението во музиката весела, тажна, свечена, маршева, приспивна, смешна (хумористична). Учениците усвојуваат и елементарни знаења за темпо и динамика.

Со оваа прогамска тема учениците ги усвојуваат поимите пеење-пејач, свирење – свирач, пеење и свирење како заедничка форма на музцирање; заедничко пеење; хор – детски хор; раководење на хор – диригент; инструмент и изведувачи.

Во учебникот на Радевски Т. и Радевска Н. импликации на програмските елементи во содржините на учебникот се:

- Т. Радевски- Еко песна стр. 5
- Свириме на сопствени инструменти стр. 6
- С.Прокофијев: Марш стр. 10
- Ѕвездичка стр. 12
- К.Пахор: Чекор по чекор стр. 14
- Р. Матц: Стариот часовник игра полка стр. 16
- Б.Барток: Игра
- Ч. Шелбауер: Зар не е весело стр. 17
- Ј.С.Бах: Весел разговор стр. 18
- Корсаков: Бумбаров лет стр. 29
- Роберт Шуман: Смелиот јавач стр. 32

Во учебникот на Љафтова С. од програмската тема ***Слушање музика*** рефлектирани се следниве содржини:

- Денес над Македонија се раѓа стр. 6
- Марш на џуџињата стр. 12
- Танц на снегулките стр. 18
- Лет на бумбарот стр. 39

Во учебникот од авторите Поповски В. и Поповска Г. од програмската тема ***Слушање музика*** истакнати се следниве содржини:

- Денес над Македонија се раѓа стр. 6
- Тома Прошев: Моето коњче стр. 7
- Камиј Сен Санс: Петел и кокошки стр. 11
- Роберт Шуман: Дивиот јавач стр. 15
- Тома Прошев: Пролетен ветерец стр. 29 и др.

Четвртото програмско подрачје ***Основи на музичката писменост*** е верифицирано со 5 часа. Во него значајни и едукативни вредности се: развивање елементарна осетливост за ритам и мелодија. Кај ученикот потребно е да се негува и умешност за точно и чисто пеење на тонови преку дидактички игри со еднакви траења (1:1) и различни траења (2:1) и обратно, како и тонови по висина и со фономимија. Постапно се учат местата на тоновите во непотполно петтолиние забележани со пригодни симболи.

Основни поими кој учениците ги запознаваат и учат се: Ритам, долги траења (1:1) и обратно, како и мелодија: тонови сол, ла, ми,непотполно петтолиние.

Во учебникот од авторите на Радевски Т. и Радевска Н. имплицирани се содржини од оваа програмска тема:

- Рамномерни ритмички движења стр. 9
- Учениците маршираат (долги траења) стр. 10
- Пееме и свириме стр. 11
- Молчи ти! стр. 13
- Есенска прошетка (големи и мали чекори) долги и кратки траења стр. 14

- Пееме и свириме различни траења стр. 15
- Високо – ниско силно-тивко стр. 18
- Пееме... стр. 19
- Научив да бројам и пеам стр. 23
- Довикување стр. 27
- Соле (сол), Мира (ми) стр. 28
- Складна песна гласовита стр. 30
- Гласот е музика, пеењето е музика стр. 31
- Елка, облак, полжав стр. 33
- Славејче стр. 35
- Мира има роденден стр. 36
- Песна за славејчето стр. 38

Во учебникот од Љафтова С. од оваа програмска тема се истакнати следниве содржини:

- Рамномерни ритмички траења стр. 10
- Тонови сол, ми стр. 16
- Пееме високо – ниско стр. 17
- Сол – ла – сол стр. 23
- Пееме – свириме стр. 24
- Различни ритмички траења стр. 25
- Мамини прегратки стр. 28
- Долги и кратки траења стр. 32
- Пееме, свириме, твориме стр. 33

Во учебникот од авторите Поповски В. и Поповска Г. во контекст на оваа програмска тема рефлектирани се следниве содржини:

- Претставување на еднакви ритмички траења 1:1 стр. 13,14
- Маче, маче, маченце стр. 18
- Претставување различни ритмички траења: долго кратко и обратно 1:2, 2:1 стр. 25

- Пролетна прошетка – тонови сол, ми стр. 32
- Тон ла стр. 33
- Детско музичко изразување и творење стр. 35
- Свирење на ДМИ стр. 38

Петтата програмска тема ***Детско музичко изразување и творење*** предвидува три часа реализација со што содржински функционално се испреплетува со останатите програмски подрачја. Преку едукативните вредности на ова подрачје се развива детската музичка креативност имплицирана преку изразно пеење, спонтана или договорена имитација, импровизација и сл.

Во учебникот од авторите Радевски Т. и Радевска Н. имплементација на оваа програмска тема се сретнува во следните содржини:

- Пееме и свириме – Состави вежба стр. 11
- Свириме, дополнуваме, твориме стр. 20
- Твориме, дополнуваме, пееме, слушаме... стр. 22
- Проверување на своите знаења стр. 34
- Творечко катче стр. 39

Во учебникот од Љафтова С. оваа програмска тема е изразена во содржината Изразуваме чувства стр. 31.

Во учебникот од авторите Поповски В. и Поповска Г. петтава програмска тема е изразена во следниве содржини:

- Детско музичко изразување и творење стр. 20
- Детско музичко изразување и творење стр. 35

Во наставната програма по музичко образование во V одделение концепирани се 8 наставни теми кои ќе се елаборираат како компатибилни со содржините од трите учебника за ова одделение.

Знаењата и способностите во првата наставна тема ***Пеење (вокална интерпретација)*** се насочени на развивање интерес и љубов за пеење и вокалната интерпретација. Тенденција е да се применуваат основните елементи на вокалната интерпретација (пеење песни) по слух и нотен

текст. Во овој контекст се продлабочува и осетот за разликување на дурска и молска звучност како и доживување и изразување на изразните елементи мелодија и ритам во соодветно темпо и динамика. Оваа наставна тема има развојни импликации во содржинските концепти на постојните учебници. Како на пример во учебникот од авторите Радевски Т, Стојков С, Колев Ж - В. концепирани се следниве содржини:

- Колку сакам - песна по слух стр. 5
- Боже чувај ја Македонија (по слух) стр. 6
- Денес над Македонија–химна на Република Македонија стр. 7
- Мачарот Станко стр. 18
- Ода на радоста – тема од IX симфонија стр. 23
- Добра ноќ стр. 79 и др.

Во учебникот од авторите Витанова А, Атанасов З, Димова С. компатибилни содржини со наставната програмска тема се:

- Денес над Македонија се раѓа стр. 5
- Ластовица стр. 11
- Свирам весело стр. 45 и др.

Во учебникот од авторите Поповски В, Георгиевски Г. соодветни содржини од учебникот со оваа програмска наставна тема се:

- Мојата учителка стр. 5
- Збогум, збогум, лето мило стр. 10
- Божична песна стр. 37 и др.

Во наставната тема ***Основи на музичката писменост*** во која се предвидени 25 часа ориентациони содржини се:

- Тонални функции на основната С-дур
- Дурски трозвуци
- Молски трозвуци
- Продолжување на траењето на нотите со лак, точка, корона
- Предзнаци (диес, бемол, бекар)

- Предтакт
- Темпо
- Динамика

Во оваа програмска тема <u>Знаења и способности</u> :

- усвојување музички правопис
- оспособување за ритмичко читање
- сфаќање на поимите: стапало, степен, интервал, тетрахорд
- усвојување на скалата a-moll разликување дур од мол
- разликување и користење предзнаци
- воочување и разликување видови тактови
- воочување и разликување видови темпа и динамички знаци

Импликации на оваа тема во учебникот од авторите Радевски Т, Стојков С, Колев Ж-В се:

- Пеам и свирам стр. 14
- Музичка абецеда стр. 19
- Степен стр. 21
- Темпо стр. 32
- Канон стр. 34
- Ритам и метрика стр. 73 и др.

Во учебникот од Витанова А, Атанасов З, Димова С. имплицирани содржини од оваа програмска тема се:

- Тонска скала стр. 7
- Интервали стр. 22
- Темпо стр. 56-57
- Преттакт стр. 64 и др.

Во учебникот од авторите Поповски В, Георгиевски Г. компатибилни соджини на учебникот со едукативните вредности на програмската тема ***Музичка йисменосӣ*** се:

- Продолжување на нотите и паузите стр. 11

- Интервали стр. 14,15
- Хроматски знаци стр. 42, 43,44
- Динамика стр. 50 и др.

Во програмската наставна тема ***Слушање музика*** во која се предвидени 15 часа едукативни вредности се:

- распознавање елементи од музичката граматика
- разликување видови темпа
- спознавање на динамиката и нејзините нијансирања
- препознавање видови тактови
- препознавање бојата на звукот
- запознавање со музиката од различните музички правци
- доживување и изразување на музиката со цртање, танцување, диригирање, ритмичко пулсирање, поетско-прозно творење

Во учебникот од авторите Радевски Т, Стојков С, Колев Ж-В компатибилни содржини со наставната програма за оваа програмска тема се:

- Денес над Македонија–химна на Република Македонија стр. 7
- Тодор Скаловски: Мачорот Станко стр. 18
- Билјана од балетот Охридска легенда од Стеван Хрисиќ стр. 31
- Николај Римски Корсаков: Златното петле, суита од истоимената опера, III дел, почеток стр. 36
- Волганг Амадеус Моцарт: Мала ноќна музика I став стр. 58
- Џорџ Гершвин: Рапсодија во сино, почеток стр. 65 и др.

Во учебникот од авторите Витанова А, Атанасов З, Димова С. адекватни содржини со оваа програмска тема се:

- Кумановка III од Трајко Прокопиев стр. 18-19
- Хор на ловџиите, од операта "Волшебниот стрелец" композитор К. М. Вебер стр. 25
- Бумбаров лет од операта Приказната за цар Салтан од Н.Р Корсаков стр. 69
- Гоце – Тодор Скаловски, стр. 79 и др.

Во учебникот од Поповски В., Георгиевски Г. имплицирани содржини во соодветност со оваа програмска тема се:

- Партизанка од Тодор Скаловски стр. 18
- Свадбен марш од Феликс Менделсон стр. 30
- Радетски марш стр. 36
- Детска симфонија од Јозеф Хајдн стр. 51
- Ода на радоста од Лудвиг Ван Бетовен стр. 67 и др.

Во програмската тема ***Инструментална интерпретација со детски музички инструменти*** едукативни вредности се:

- усовршување на техниката за свирење ДМИ
- развивање умешност за индивидуално и групно музицирање
- придружување на песни и слушање музика

Овие вредности имаат импликации во одделни содржини на постојните учебници од V одделение. Оваа програмска тема функционално се испреплетува со другите наставни теми, програмски теми.

Во учебникот од Радевски Т., Стојков С, Колев Ж-В. имплицирани содржини со програмската тема се:

- Свири и пеј стр. 8
- Тон сол ми стр. 11
- Ј. Хајдн: Детска симфонија стр. 12
- Лет, лет, буба маро стр. 13
- Тон до – ла стр. 14
- Тон ре – фа стр. 17
- Мачорот Станко стр. 18
- Музичка абецеда стр. 19
- Дурска скала – С-дур скала стр. 25
- Мамо, знаеш ли стр. 59

Во учебникот од авторите Витанова А, Атанасов З, Димова С. соодветни содржини со програмскава тема се:

- Детска игра стр. 16
- Седнало е Ѓоре стр. 34
- Рондо стр. 38

Во учебникот од авторите Поповски В, Георгиевски Г. адекватни содржини со оваа програмска тема се:

- Инструментална интерпретација со ДМИ стр. 21
- Инструментална интерпретација стр. 68

Наставната програмска тема ***Детско музичко изразување и творење*** со предвидени 4 часа нуди:

- ученикот да воочува и дополнува испуштени делови од мелодијата и ритамот
- развивање на музичка меморија
- создавање кратки ритмички целини во одреден такт
- создавање мелодии на зададен ритам
- создавање мелодии на зададен текст
- решавање тонски скривалки

И оваа тема наоѓа примена, осмислување во учебниците за V одделение. Како на пример во учебникот од авторите Радевски Т, Стојков С, Колев Ж-В компатибилни содржини со оваа програмска тема се:

- Состави ритмичка вежба стр. 10
- Тон сол-ми стр. 11
- Чујте ме стр. 12
- Пеј, број и свири стр. 13
- Татковци стр. 20
- Тонови ре ($d^2$) ми ($e^2$) стр. 25
- Играле јунаци стр. 34
- Ајдутски песни стр. 53
- Печалбарски песни стр. 61
- Љубовни песни стр. 66
- Петар Илич Чајковски – Лебедово езеро стр. 67

Во учебникот од авторите Витанова А, Атанасов З, Димова С. соодветни содржини со оваа програмска тема се:

- Детско изразување и творење стр. 39
- Твориме – прашуваме – одговараме стр. 84

Во учебникот од Поповски В, Георгиевски Г. адекватна содржина со оваа програмска тема е На убавиот син Дунав стр. 35.

Во наставната тема ***Народно музичко творештво*** верифицирана со 6 часа едукативни аспекти, вредности на знаењата и способностите се:

- учениците се запознаваат со народната музика, начинот на создавање народна песна
- се запознаваат со поделбата на народната песна според содржината и намената, а со тоа се поттикнуваат да слушаат народна музика
- се насочуваат да разликуваат народни песни според содржината и намената, да разликуваат рамноделни (прости и сложени) и сложени нерамноделни тактови
- тенденција е да се поттикнат да умеат да ги објаснуваат особеностите на народната музика, а и да се запознаат со мелографи како и значењето на народните инструменти.

Во учебникот од авторите Радевски Т., Стојков С., Колев Ж-В. имплицирани содржини од оваа програмска тема се:

- Билјана платно белеше стр. 31
- Се скарале, се степале стр. 33
- Моминче бело црвено стр. 33
- Играле јунаци стр. 34
- Обредни песни стр. 48
- Трудови песни стр. 50
- Ајдутски песни стр. 53
- Комитски песни стр. 54
- Љубовни песни стр. 57
- Што ми е мило стр. 75 и др.

Во учебникот од авторите Витанова А., Атанасов З, Димова С. соодветни содржини со оваа програмска тема се:

- Голем мерак имам мамо стр. 17
- Семејни песни стр. 30
- Револуционерни песни стр. 32
- Дафина болна легнала стр. 56
- Се скарале, се степале стр. 57
- Бојот започна стр. 80 и др.

Во учебникот од авторите Поповски В., Георгиевски Г., имплицирани содржини со оваа значајна програмска тема се:

- Ленка Пингова стр. 39
- Не си го продавај Кољо чифликот стр. 57
- Што ми е мило ем драго стр. 58
- Излегол Делчев Војовода стр. 62 и др.

Со програмската тема ***Музичка ѓрамаѿика*** се истакнува ученикот да запознае: мотив, двотакт или фраза, реченица, период. Значајно е ученикот да ја воочува деливоста во композицијата и сл.

Во учебникот од авторите Радевски Т., Стојков С., Колев Ж-В. од оваа програмска тема имплицирана е содржината Основни елементи на музичката форма стр. 51, 52.

Во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Димова С., од програмскава тема се изразени следниве содржини:

- Мотив стр. 14
- Двотакт или фраза стр. 15
- Реченица стр. 60
- Период стр. 61

Во учебникот од авторите Поповски В, Георгиевски Г, од оваа програмската тема е истакната содржината Музичка граматика стр. 70,71.

Содржински елементи на програмската тема ***Музички инструменти*** која е застапена со 4 часа се видовите музички инструменти:

- гудачки инструменти
- дувачки инструменти
- ударни инструменти

Значано е ученикот да ја воочи звучноста на видовите инструменти, да го препознае видот на музичките инструменти според начинот на добивање на тонот, како и да се насочи ученикот визуелно и акустички да го препознава музичкиот инструмент.

Во учебникот на Радевски Т., Стојков С., Колев Ж-В. компатибилност на содржините со програмската тема се:

- Гудачки инструменти стр. 35,36,37,38,39
- Дувачки инструменти стр. 64
- Дрвени дувачки инструменти стр. 65,66,67,68
- Лимени дувачки инструменти стр. 69,70
- Ударни инструменти стр. 77
- Ритмички ударни инструменти стр. 78

Во учебникот од Витанова А, Атанасов З, Динмова С. имплицирани содржини со оваа програмска тема се:

- Оркестар стр. 24
- Ударни инструменти стр. 46,47
- Дувачки инструменти стр. 54, 55
- Жичени инструменти стр. 84,85

Во учебникот од Поповски В, Георгиевски Г. соодветни содржини со оваа програмска тема се:

- Музички инструменти стр. 22
- Гудачки инструменти стр. 22,23,24
- Дувачки инструменти стр. 26,27,28
- Ударни инструменти стр. 29

# 5. СТРУКТУРА НА УЧЕБНИКОТ

Вредносните импликации на учебникот се огледуваат по неговата структура.

Според **Д.Д.Зуев** (Zujev, D.D., 1988, str. 79) под структурна компонента на училишниот учебник се подразбира неопходен структурен блок (систем на елементи) тесно поврзан со другите компоненти на дадениот учебник (создавајќи со нив целосен систем) кој поседува одредена форма и ја остварува својата функција со својствени средства.

Во дефиницијава е истакнато дека секоја компонента се карактеризира како целосен систем составен од повеќе меѓусебно поврзани елементи. Секоја структурна компонента се испреплетува, поврзува со другите компоненти, сите имаат своја дидактичка функција во остварувањето на поставените разновидни едукативни задачи.

**Н.Лакета** (2000, стр. 423) истражувајќи ги општите структурни вредности на учебникот истакнува дека структурата на современиот учебник е специфичен резултат на материјализација на научните идеи изразени низ различни, современи дидактичко-методички вредности засновани на законитостите на процесот на учење, развојот на детето и законитостите на наставниот процес.

Во овој контекст акцентот се става на научната заснованост на структурата на учебникот која е потребно перманентно да се следи, проучува во согласност со современите тенденции на научните сознанија од дидактиката, методиката, образовната технологија, психологијата и сл.

Се поставува прашањето од што е составена структурата на учебникот?

Одговор на ова прашање дава **Б.Петровски** (1994, стр. 24) кој вели дека структурата на учебникот е составена од делови, елементи ( текстови со кои се изнесуваат одделни информации, содржини, илустрации, прашања, задачи, воведни елементи и др.) кои меѓусебно се поврзани во една целина при што елементите се релативно самостојни, поточно нивната содржина е компонирана како во внатрешен однос на одделните делови така и во надворешен однос, формата е под влијанието на

општествената функција на целината што ја сочинува учебникот, односно под влијанието на функцијата која треба да ја врши учебникот во реализацијата на наставните задачи во современите услови.

Од изложеново може да се констатира дека е направена темелна аналитичка експликација на деловите, елементите на структурата која ја имплицира закономерноста на нејзината логичка поврзаност.

Во натамошниот тек на презентирањето на структурата на учебникот потребно е да се истакне **Зуевата** (Zujev, D.D., 1988, str. 85) поделба на структурата на учебникот на два система текстуален и вонтекстуален кои си имаат свои потсистеми.

*Текстуалната компонента* е составена од:

1. основен текст
2. дополнителен
3. појаснувачки текст

Во контекст на основниот текст значајни се две групи текстови

- теориско – сознајни текстови
- иструментално – практични текстови

*Вонтекстуалната компонента* се дели на три потсистеми:

1. апаратура за организација на усвојување
2. илустративен материјал
3. апаратура за ориентација

Фундаментален, суштински текст на учебникот е **основниот текст** кој **Зуев** (Zujev, D.D, 1988, str. 85) го дефинира како посебна вербална структура која содржи дидактички и методички обработено и систематизирано наставно градиво кое авторот го создал во строга согласност со програмата.

Согласно со оваа дефинираност може да се истакне дека основниот текст е дидактички – методички обликуван во согласност со програмата,

дава комуникативни можности за усвојување задолжителни наставни информации од страна на ученикот.

Основниот текст како суштински структурален дел на учебникот ги имплицира знаењата со нивните основни изворни елементи факти и генерализации.

Основниот текст ја иницира логичката поврзаност на презентирање на сите содржини во учебникот.

**Теориско-сознајните текстови** како елемент на основниот текст основна функција им е информативната, а нивни основни елементи се основните факти (појави, објекти, процеси, случувања), и разни генерализации, општи поими и нивни дефиниции, основни закони, законитости, основни теории, заклучоци, резимеа.

**Инструментално – практичните текстови** како елемент на основниот текст имаат трансформативна функција, а содржат елементи кои овозможуваат усвојување на поставените содржини, самостојно стекнување на знаења, група прашања, задачи, изведување експерименти, елементи кои систематизираат и ги интегрираат наставните содржини. Присутни се и елементи кои служат за утврдување и воопштување на содржините.

**Дополнителните текстови** даваат дополнителни објаснувања, ја имаат функцијата на проширување и продлабочување на основниот текст.

Основниот текст се објаснува на подостапен, непосреден начин. Тоа се делови на научно–популарна литература, историја, толкување на поими, гатанки, пословици (кои се во соодветност со содржините на основниот текст).

Според **Н.Лакета** (2000, стр. 427) дополнителниот текст по својата природа овозможува индивидуализација на процесот на учење при што подобрите ученици ги поттикнува на творечка работа, вклучува и елементи на истражувања, а послабите ученици ги упатува на дополнителни задачи.

Овој дидактички поглед имплицира предноста на дополнителниот текст кој дава можности за индивидуализација на едукативната работа со секоја категорија ученик.

Овие текстови можат да бидат структурирани пред или после основниот текст во зависност од природата на истиот.

Овој вид текстови придонесуваат за подигање на воспитното ниво на наставата.

Во овој контекст ќе ги проследиме елементите на дополнителниот текст што ги истакнал **Зуев** (1988, стр. 106).

1. документи
2. материјали од хрестоматија
3. делови од уметничка, научно –популарна и мемоарска литература
4. уметнички описи и раскажување
5. говори
6. биографски и научни прилози
7. статистички податоци во табели
8. разни пишувани материјали, набројувања кои ги потполнуваат деталите на основните особини на појави и поими, прецизирање на општата слика на случување
9. прирачни материјали од дополнителен караткер, кои излегуваат од рамките на програмот

**Појаснувачките текстови** како посебна вербална структура ја имат улогата да помогнат во разбирањето и најпотполно усвојување на наставните содржини. Во оваа насока се иницира самостојната едукативна активност на ученикот.

Специфичната функција на овој вид текст сеуште во доволна мера не е проучена.

***Вонтекстуалната компонента*** се дели на три компоненти и тоа :

1. апаратура на организација на усвојување
2. илустративен материјал
3. апаратура за ориентација

Апаратот на организација на усвојување содржи: прашања, задачи и вежби кои ќе се експлицираат во понатамошниот процесуален тек на трудот.

***Апаратот за ориентација*** претставува посебна вредност на учебникот со цел да обезбеди ориентација на ученикот во содржината и структурата на учебникот. Овој апарат создава услови за самостојна активност на ученикот. Составни елементи на овој апарат се:

- предговор
- наслови
- содржина
- нумерација на страниците
- сигнали

**Предговорот** е краток инструктивно – методички текст со цел давање максимум неопходни објаснувања за учебникот, за учебниковата структура и откривање системот на основните односи и податоци во него

За **насловите и поднасловите** дидактичко презентирање дава **Б.Петровски** (1994, стр. 50) кој вели дека примарната улога на насловите и поднасловите е да ја означат темата, да се именува идејата, содржината, да се определи задачата, да се определат елементарните содржини на една целосна содржина, да се истакне и постави проблемот, да се дефинира во обопштен вид една определена содржина.

Со ова дефинирање се согледува дека насловите и поднасловите имат поливалентна функција во насока за ориентирање, и формирање за елементи на содржините. Мошне значајно е овие видови елементи да имаат соодветно значење при што ја изразуваат суштината на темата.

**Содржината** има улога да информира за логичкиот редослед на насловите и поднасловите во учебникот. Таа е поставена или на почетокот или на крајот од учебникот.

**Нумерацијата на страниците** е во единство со насловите и содржината со можност за лесно и брзо ориентирање на ученикот во учебникот.

**Сигналите** претставуваат симболи значајни за ориентирање на ученикот за учење со учебник. Пример, во учебникот за IV одделение од авторите Радевски Т. и Н. уште на самиот почеток на учебникот има истакнато кои сигнали ќе бидат ориентација на ученикот во текот на усвојувањето. Тие сигнали се за пеење, слушање, пеење на ноти, свирење, играње, задачи, творештво, знаења. Сигналите се составени од реални елементи со цртежи на ученици при што ученикот може логички да ги восприема и разбере.

Додека во учебникот за IV одделение од авторите Витанова А. и Атанасов З. сигналите се со цртежи од животни, како на пример шарпланинец куче за пеење, рис за слушање музика, був за музичка писменост, мечка за творење.

## *5.1. Сшрукшура на учебникош ио музичко образование*

Во учебниците по музичко образование во основното образование **основниот текст** се концепира врз основа на наставниот план и програм кој ги имплицира содржините низ програмските теми.

Компоненти на основниот текст се:

- музички текст;
- уметнички текст;
- музичко – уметнички текст;

**Музичкиот текст** е конципиран од музички знаења имплицирани преку музички факти и музички генерализации. Значајни музички факти се *музичкиiте симболи* за забележување различни ритмички и мелодиски траења наменети за музичко описменување во I,II и III одделение. Овие музички симболи служат како подготовка за вистинското музичко описменување - читање и пеење на нотен текст со апсолутна нотација.

Со овој вид симболи во I,II и III одделение се забележуваат ритмички и мелодиски вежби, песни кои се исто така музички факти. Во овој контекст спаѓаат и песните кои се забележани со различни ритмички траења.

- долги траења (1:1) - четвртина - четвртина;
- долги и кратки траења (1:2) - четвртина и две осмини и обратно

Во IV одделение сите музички вежби се забележуваат со апсолутна нотација - четвртини, осмини, цели ноти со соодветни паузи.

Мелодиските вежби се музички факти кои се забележуваат со музички симболи и апсолутна нотација.

Според најсовремените музички сознанија овие вежби треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- поредбена мелодија (едно по друго)
- логички интервалски скокови
- певливи, лесни за восприемање и исполнување, различни по карактер (весели, маршеви, приспивни)

- во различни темпа (бавно, умерено, брзо)
- во различни тактови:

  -во дво четвртински, четири четвртински

  -сложени нерамноделни тактови: пет осмински, седум осмински, девет осмински и слични.

Други музички факти се:

- детски музички игри
- уметнички народни песни
- вокална музика
- вокално – инструментална музика
- инструментални пиеси
- елементи на музички форми: мотив, фраза, музички реченици, период
- дводелна мала форма на песна
- триделна мала форма на песна
- триделни сложени форми на песна, пример: менует, валцер, марш, болеро, полка, мазурка, чардаш
- сложени музички форми: соната, сонатна форма, симфонија, концерт, музичко-сценски дела, опера, оперета, балет, мјузикл, џез, забавна музика во светот и кај нас.

*Музички генерализации се:*

- музички правила за правилна интерпретација на песни
- пеење и свирење на ритмички и мелодиски музички примери со помош на детски и музички инструменти
- активно слушање на музиката
- системно усвојување и почитување на музичките правила и принципи во сите содржини од програмските теми
- доживување и изразување на музиката со слободни движења
- усвојување елементарни знаења од музички форми и музичко – сценски дела
- восприемање, доживување, воочување и препознавање на музичките карактеристики од различни музички епохи:

ренесанса, барок, класицизам, романтизам, музика во XX век итн.

Музичките факти и музичките генерализации се меѓусебно поврзани во едно единство и меѓусебно се надополнуваат и надоградуваат.

**Уметнички текстови** во учебниците по музичко образование во одделенската настава се однесуваат на компонирани уметнички песни и текст поврзан со дообјаснување на композициите на слушање музика, кратки биографски податоци за композиторите на композицијата што се слуша, објаснување на теоретски музички проблеми: ноти, текстови, паузи, корона, продолжување на ноти со точка и лак.

Во овој вид текстови спаѓа и дидактичката апаратура, како и тестовите на знаења. Пример: Што знам за музиката?

Се истакнуваат и податоци од музичкото културно- историско минато, музичкиот фолклор, пример: Музиката во животот на народот (стр. 34 од учебникот по музичко образование за IV одделение од Радевски Т. и Н.; Народни носии (стр. 36 од истиот учебник).

Уметничките текстови во учебниците од V-VIII одделение содржински опфаќаат:

- Опис и значење на музичките инструменти:
  - гудачки
  - дувачки
  - лимени и дрвени
  - ударни
- Музичкиот фолклор
- Народни музички инструменти
- Оркестарски состави
- Инструменти со клавиши
- Тргачки инструменти
- Кратки биографски податоци за композиторите непосредно поврзани со композицијата што се слуша
- Вокална музика
- Видови гласови

- Видови хорови
- Соло песна
- Камерни вокални состави
- Орска народна традиција
- Народни носии во Македонија
- Општествени стилизирани игри: менует, валцер, марш, полка, мазурка, полонеза, болеро, чардаш
- Видови оркестри:
  - гудачки
  - дувачки
  - симфониски
  - мандолински
  - тамбурашки
  - камерни
  - инструментали состави
  - дуо состави
  - трио
  - квартет
  - квинтет
- Световна и духовна музика во Македонија
- Опера
- Барокни композитори
- Виенски класичари
- Романтизам
- Времето на Белканто
- Оперското творештво во Македонија
- Оперета
- Балет
- Македонски балет
- Мјузикл
- Програмска и апсолутна музика
- Руска петорка
- Музика во XX век

- Времето на истражување во XX век
- Џез и забавна музика
- Забавна музика во Македонија

**Музичко- уметнички текстови** се компонирани од музички и уметнички елементи во една целина. Пример: Горо ле, горо (стр. 64 учебник за III одделение од Радевски Т. и Н.) содржи мелодија со музичките симболи, а после тоа следи дидактичка апаратура на прашања, задачи, вежби и истакнување на дефиницијата за музичкото правило.

И овој вид текстови се во склопот на музичките текстови и уметничките и даваат разновидност на учебникот по музичко образование.

Во учебниците од V-VIII одделение музичко-уметничките текстови се разновидни по содржина, стил, карактер, жанр и сл. Всушност тие го завземаат поголемиот дел од рецептурата на учебникот зошто се испреплетуваат програмските теми како што се:

- Пеење песни
- Основи на музичка писменот
- Свирење на детски музички инструменти
- Слушање музика
- Музички форми

Примери за овој вид текстови во учебниците се: Јохан Себастијан Бах: Колку сакам (учебник за V одделение од авторите Радевски Т. Стојков С., Колев В-Ж).

Божик ( учебник за VII одделение, стр. 53 од Витанова А., Атанасов З., Ангеловска В).

Сите пееме за Гоце (учебник за VIII одделение од Поповски В., Георгиевски Г).

Во методолошкиот дел на трудот се елаборира застапеноста на видовите текстови во учебниците по музичко образование. Се анализирани одделно 22 учебника од I-VIII одделение, а се испитани и ставовите на наставниците за овој аспект.

# 6. ДИДАКТИЧКА АПАРАТУРА ВО УЧЕБНИКОТ

Дидактичка апаратура во учебникот се: *прашањата, задачите и вежбите*. Тие завземаат значајно место во структурата на учебникот при што придонесуваат за неговата функционалност, употребливост во наставниот процес и надвор од него.

За да се сфати улогата на прашањата, задачите и вежбите во учебникот најнапред тие ќе се определат одделно.

Во **Педагошкиот лексикон** (1996, стр. 371) прашањето се дефинира како значајно средство за водење разговор чија дидактичка функција се состои во поттикнување на активноста на ученикот, развивање и насочување на неговата мисловна активност, во контрола со постигнувањето, вежбањето, способности за поставување прашања.

Може да се согледа дека предноста, значењето на прашањето е активирање на ученикот да биде мисловно ангажиран во процесот на учењето.

Во **Педагошката енциклопедија 2** (Pedagoška enciklopedija 2, 1989, str.196) Прашањето се дефинира како составен дел на дијалогот, односно разговорот во наставата. Разговорот во својата глобална структура се состои од два дела: прашање и одговор. Прашањето е оној дел од вербалната формулација со која личноста се обраќа на друга личност со желба во одговорот да се добие бараната информација.

Во оваа смисла може да се констатира дека со прашањето се бара информација за успешно остварување на поставените барања, цели.

Во **Енциклопедискиот речник на педагогијата** (Enciklopedijski rječnik pedagogije, 1963, str. 679) прашањето се експлицира како прашална јазична формулација во форма на зборови или реченици, кои служат во наставата за водење разговор помеѓу наставникот и ученикот или помеѓу учениците.

Во оваа насока можеме да се надоврзиме дека прашањата имаат *комуникативни импликации* и во учебникот чии учесници во комуникативниот процес се и наставникот и ученикот. Наставникот потребно е да го проучи комплексно учебникот со прашањата за да може успешно комуникативно да работи со ученикот. Со употребата, работата со учебникот ученикот со проучување на текстот се насочува кон прашањата со можност врз основа на своите потенцијали да ги одговори.

Според **Лексиконот на темелни педагошки поими** (Leksikon temeljnih pedagogijskih pojmova, 2000, str. 286) задачата се дефинира како прецизно одредена обврска која ученикот треба да ја изврши во одреден рок, во училиште или во домот.

Во овој контекст значењето на задачата поставена од наставникот или од учебникот се огледува во иницирање активност на ученикот самостојно во одредено време да ги реализира поставените едукативни барања.

Задачите во учебникот се активност на сознајно поттикнување на ученикот по пат на самостојна работа да ги оствари, реализира поставените едукативни стандарди, цели (на содржините во учебникот).

**Д.Д.Зуев** (Zujev, D.D.1988,str.113) прашањата и задачите ги сфаќа како вербални структурни елементи на учебникот со чија помош се постигнува најцелисходна и најпродуктивна преработка на учебниковото градиво во свеста на ученикот, интелектуално и емоционално активирање во процесот на самостојно усвојување на знаења.

Прашањата и задачите со своите вредносни едукативни елементи придонесуваат за активирање за самостојното учење, работа на ученикот.

Во логичката процесуалност на трудот значајно е да се дефинираат и дидактичките поими вежба и вежбање.

Според **Лексиконот на темелни педагошки поими** ( Leksikon temeljnih pedagogijskih pojmova, 2000, str.282) вежбата е педагошки осмислена активност (писмена, усмена, лабараториска, работилничка, кабинетска, јазична и сл.). Во решавање на одредена задача која на ученикот му помага подобро да ја сфати и утврди теоретската страна на прашањата за примена на одредената задача.

Од изложеново може да се констатира дека вежбата помага за успешно усвојување и реализација на одредена задача.

Во **Педагошкиот лексикон** (1996, стр. 66) вежбата се дефинира како планирана активност чија цел е субјектот да се оспособи за успешно изведување моторички, перцептивни и интелектуални (мисловни) операции.

Во овој контекст за успешност на вежбата предуслов е *повторувањето* на активноста за квалитетно усвојување.

**Н.Д. Љевитов** (Poljak, V.1978, str.30) вежбата ја експлицира како организирано повторување т.е. такви повторувања насочени кон целта на основа на соодветна методика, при што секоја активност која во вежбата се повторува не е точна копија на претходните.

Со оваа експликација може да се согледа дека вежбата носи со себе *креативни елементи* зошто нема исти повторувања.

За успешна, квалитетна вежба основен услов е ***вежбањето*** .

**К.Н.Корнилов** (Poljak, V. 1978,str.30) вежбањето го третира како систематско усовршување на извесни активности, а не само нивно едноставно шаблонско повторување.

Во оваа насока треба да се истакне дека вежбањето треба да биде планско и систематски (по еден логички редослед) да се реализира.

Во **Енциклопедискиот речник на педагогијата** ( Enciklopedijski rječnik pedagogije, 1963, str. 1099) вежбањето се дефинира како повтору-

вање на некое дејствие со кое се стекнува одредена вештина, каде што постои можност на автоматизација на дејствието – се создава навика.

Може да се согледа дека со вежбањето се стекнуваат квалитетите вештина и навика што се многу значајни за процесот на учење на ученикот.

Во **Педагошката енциклопедија 2** (Pedagoška enciklopedija 2, 1989,str. 502 ) вежбањето се третира како процес во кој една активност повеќе пати се повторува за да се утврди. Се остварува целта кога активноста и постапките се увежбани и можат да се изведат лесно, брзо, вешто и точно.

И оваа дефинираност го изразува битот на вежбањето, а тоа е повторувањето.

**В.Пољак** (Poljak,V.1978, str.40) истакнува дека вежбањето во наставата треба да биде дидактички обликувано, а тоа значи да биде планирано, подготвително, психолошки мотивирано, пристапно, градуирано, разбирливо, рационално и економично изведено за постигнување подобар резултат.

Дидактичкото обликување на вежбањето со своите квалитативни елементи дава значајни едукативни вредности односно *учење за учење, знаење за знаење* на ученикот во сознајниот наставен процес.

Постојат повеќе *класификации* (видови) на прашања, задачи, вежби, како на пример од авторите Дамјановски, А. Зуев, Лакинска - Камчева.Б. Петровски, Б., Стевановиќ, М., Пољак, В., Мајер, Г, Јанцев, Перовски и др. Ќе се проследат класификациите на некои од нив.

**А.Дамјановски** (1989, стр. 129-130) врз основа на повеќе дидактички проучувања истакнува различни видови задачи:

- задачи на сфаќање и репродуцирање на изучениот материјал;
- задачи на вежбање со цел да се формираат умеења и навики;

- задачи на анализирање на предметите, појавите и процесите што се изучуваат;
- задачи на споредување и спротивставување;
- задачи во кои од учениците се бара да избираат факти и сознанија по определени прашања;
- задачи за осмислување на познатите податоци од ново становиште, односно нивно преструктуирање и ново организирање;
- задачи на издвојување на битното во изучуваните содржини и неговото постепено расчленување;
- задачи на групирање на материјалот по определена шема или табела;
- задачи на самостојно актуелизирање на порано усвоени поими, умеења и операции во соодветност со содржини што допрва ќе се изучуваат;
- задачи што бараат учениците да извлекуваат можни заклучоци, обопштувања и други идеи и констатации од познати податоци;
- задачи за споредување на изучените предмети, појави и процеси што се однесуваат на различни системи и групи;
- задачи што бараат од учениците да постапуваат и истражуваат одделни хипотези;
- задачи за докажување на одделни погледи или заклучоци;
- задачи за определување на тенденциите во развојот на предметите и појавите;
- задачи што бараат примена на различни начини на систематизирање на содржините;
- задачи за определување значењето на изучуваните содржини и изнесување на својот однос кон нив;
- задачи за расчленување на темата на нејзините составни делови (составување план, план – конспект, тези и др.);
- задачи на примена на знаењата во нови услови;
- задачи на симболично и графичко изразување;

- задачи на откривање на причини, односи и зависности;
- задачи на посматрање и експериментирање и др.

**Б. Петровски** (1994, стр.102-103) ја анализира класификацијата на рускиот педагог **Јанцов** кој истакнува дека во сите учебници треба да има прашања и задачи насочени кон поттикнување на индуктивниот начин на мислење.

Се истакнуваат и прашања со кои се овозможува мисловната операција споредување. Се додаваат и прашањата за примена на знаењата во практиката.

Јанцов во понатамошна логичка анализа дава поделба на три групи прашања и задачи.

- Прва група прашања за самопроверување ;
- Втора група прашања што иницираат вежбање на наученото, усовршување на знаењата;
- Трета група спаѓаат задачите за набљудување на природата.

**Е.И.Перовскии** (Zujev, D.D., 1988, str.115) како критериум за класификација ја зема разновидноста на дидактичките задачи и прашања и ги поделил во шест групи:

1. Прашања и задачи кои бараат исклучиво интелектуална работа (помнење, мислење, фантазија);
2. Прашања и задачи кои покрај интелектуалната работа бараат и работа со цртеж, карта;
3. Задачи за писмено утврдување;
4. Графички работи;
5. Задачи за набљудување предмети и појави;
6. Разновидни практични работи.

**Д.Д.Зуев** (Zujev, D.D., 1988, str. 115) прави класификација чија основа е организирањето на процесот усвојување при што се дефинираат три групи прашања – задачи:

*Прва група* – прашања – задачи кои вршат функција на утврдување на знаењата (репродуцирање на она што се учи, првобитна систематизација на факти, поими, формирање на навики).

*Втора група* – прашања – задачи кои овозможуваат совладување на методите на логичко мислење и искуство на творечки активности (самостојна работа при изведување на анализа, синтеза, споредување, воопштување, формирање оценки, заклучоци, продлабочување на системот на знаење, прецизирање, конкретизација, систематизација)

*Трета група* - прашања – задачи кои бараат примена на стекнатите знаења (извршување на самостојна работа, совладување на умеења и навики).

**Г. Мајер** (Meyer, G., 1968,str.133) проучувајќи го проблемот програмиран учебник ги истакнува прашањата – задачите и вежбите како:

1. Задачи за собирање информации и подготвување на учениците за нови знаења.
2. Задачи за обработка на нови информации, нови знаења и сознанија по пат на изведување експерименти индуктивно и дедуктивно доаѓање до сознанија, поими, закони, правила или математички релации, екскурзии, откривање причини на погрешки, преработка на литература од различни аспекти, уочување и препознавање на проблемот и негово решавање.
3. Задачи за проширување нови информации.
4. Задачи за систематизација на новите знаења.
5. Задачи за примена и задачи за утврдување на новите информации.

**И. Ј. Лернер** (Камчева – Лакинска, Б., 1996,стр.60-61) при правење на својата класификација на прашањата и задачите поаѓа од сознавачката активност на ученикот и ги дели на:

1. Задачи за репродуцирање и утврдување на знаењата

2. Задачи за развој на самостојноста и творештвото, а како посебна подгрупа ги издвојува сознајните задачи.
4. Задачи за практична работа.

**Б.Петровски** (1994, стр.104-113) темелно ги обработува прашањата и задачите и ги систематизира во три групи:

1. Прашања – задачи за повторување
2. Прашања – задачи за вежбање
3. Прашања – задачи за примена

**Б.Камчева- Лакинска** (1996,стр.64) прашањата и задачите во учебниците ги разработува од аспект на самостојната работа на ученикот во наставата при што истакнува дека учебниците кога постепено се комплетираат со прашање и задачи за подготвување и воведување на учениците во наставната работа, (задачи за набљудување, изведување на опити, читање на соодветни текстови, подготвување на материјали за работа) задачи за решавање проблеми, илустративно – графичко и симболичко изразување, пишување на разновидни состави, користење на примарни извори на знаења и упатување на друг вид вонучебна литература, вежби за организирање на разновидни самостојни активности.

**М.Стевановиќ** (Stevanović, M., 2001, str.119-121) прави класификација на прашања – задачи.

а) **интелектуални активности:** во кој се вбројува помнење, мислење, фантазија, аналогија, заклучување, изведување принципи и генерализации, задачи за анализирање, систематизирање, апстрахирање, издвојување, поврзување и многу други;
б) **набљудувачки активности:** набљудување на суштества, предмети, појави, дејствија, процеси;
ц) **активности во врска со текст:** пишување, цртање, дополнување, формулирање на одговор, утврдување проблемска ситуација, одговори на прашања, изработка на графикон;

д) **мануелни активности:** мерење, запишување, експериментирање, изработка на разни предмети, работа со хартија, дрво, метал и сл.

Врз основа на истакнатава класификација М.Стевановиќ укажува дека во дидактичката апаратура прашањата, задачите и вежбите имаат поливалентна функција. Учениците се упатуваат на проучување разни извори на знаења, ја развиваат вештината на набљудување, способноста на комуницирање, се оспособуваат за самостојно управување со сопствениот начин на учење, се воспитуваат за лична одговорност во извршување на поставените задачи, се вежбаат за собирање податоци, и експериментирање, обработка и интерпретација што е многу значајно за оспособување во методите и техниките на интелектуална работа.

Според **Педагошкиот лексикон** (1996, стр.371) се разликуваат:

- прашања кои доведуваат до пронаоѓање и средување на факти
- прашања кои можат да доведат до сознание на поврзаност
- посебно значење имаат проблемските прашања кои ги поттикнуваат учениците активно да се бават со некоја појава, а доведуваат и до творечки став при учењето

**В.Пољак** (Poljak,V., 1980, str. 44) во структурната компонента вежбање на активности истакнува задачи за вежбање кои на учениците во учебникот можат да им се формулираат различно градуирани како на пример:

- ученикот да увежбува иста активност која е изложена во учебникот;
- да увежбува слична активност во која ќе биде, за разлика од претходната, во некои мали промени во нејзините делови;
- да работи по формулирана задача која се однесува на аналогна активност;
- на темелот на стекнатото знаење сам да формулира задача за активноста и самостојно да е изведе

**Е.Маказлиева** (1995,стр.64) прави поделба на прашања, задачи, вежби според повеќе критериуми како на пример:

Според примената постојат: воведни; комплементарни (дополнителни) и завршни (генерализирани) прашања – задачи.

Според психолошката функција постојат: информациски и проблемски прашања – задачи;

Според формулацијата постојат едноставни и сложени задачи – прашања;

Според формулацијата на прашањето и барањето на одговор тие се делат на:

**Временски** (апсолутна и релативна временска одреденост на прашањето КОГА?)

**Причински** (со поставување на прашањето ЗОШТО?)

**Локациски** (место) – со прашањето КАДЕ?

**Квантитативни** (одреденост) – со прашањето КОЛКУ?

**Набројувачки** - со прашањето КОИ?

**Идентификација** – со прашањето КОЈ ? ШТО?

**За определеност** – со прашањето ЧИИ?

**За средство** – со прашањето СО КОЈ? СО ШТО?

**За намена** – со прашањето НА КОГО? НА ШТО?

Од досега истакнатите класификации на прашањата и задачите во учебникот може да се согледа дека нема една единствена и општоприфатена класификација. Секоја од нив си има определено значење, специфичност.

Повеќето автори (што се наведени во трудот) видот на прашањата и задачите, вежбите ги определуваат според нивната функција во процесот на организирање на системно усвојување на наставните содржини и реализирање на задачите на наставата.

## *6.1. Дидактичка апаратура во учебниците по музичко образование*

Дидактичката апаратура – прашањата, задачите и вежбите во учебниците по музичко образование имаат посебно место и улога. Со својата процесуалност, значење придонесуваат за квалитетот и употребата на учебникот по музичко образование како и во наставниот процес по самиот наставен предмет музичко образование.

Според функцијата усвојување на наставни содржини прашањата, задачите, вежбите во учебниците по музичко образование се делат на:

- репродуктивни
- продуктивни

***Репродуктивни прашања, задачи и вежби*** имплицираат повторување на усвоените музички знаења со цел да се спречи заборавањето. Се започнува од првичниот степен на механичко повторување до највисокиот степен повторување со разбирање.

Основна тенденција на овој вид апаратура е ученикот да ги усвои и утврди битните музички содржини, а аналогно на тоа да се мотивира да поставува прашања, задачи и остварува вежби за проширување на квантитетот и квалитетот на музичките знаења. Во оваа смисла се овозможува да се создаде модел за избирање битни елементи на музички содржини кои ќе имаат цел да придонесат во стекнување трансфербилни музички знаења.

Репродуктивната апаратура дава можност за самопроверка на ученикот на неговите музички знаења, способности и умеења.

Овој вид прашања, задачи, вежби најчесто се лоцирани на крајот од разновидниот текст (музички, уметнички, музичко – уметнички).

**Продуктивните прашања, задачи и вежби** имплицираат продуктивно учење, презентирање, продлабочување на веќе научените музички содржини со нови. Ученикот со помош на интелектуалната љубопитност и ангажираност комбинира, открива нови врски и односи, продуцира повеќе музички идеи.

Со оваа продуктивна дидактичка апаратура се развиваат:

- музичките способности за уочување, доживување и изразување на квалитетите на тонот (висина, јачина, трајност и боја)
- музичко помнење и меморија
- аналитички способности за разликување разни динамички нијанси на тоновите, видови темпа, различни ритмички траења, воочување, разликување, препознавање бојата на инструментите од разни видови оркестри
- интензивно емоционално воспримање и реагирање на музика
- интерес и вештина за свирење
- воочување и доживување елементи на музичкиот израз ( ритам, мелодија, темпо, динамика, форма, хармонија, тембар) во вокална музика
- развивање на музичка интелигенција

*Значајни вредности* на дидактичката апаратура во учебникот по музичко образование се:

- сознајно активирање на ученикот за вклучување во процесот на воспримање и доживување на музиката и изразување на музичките содржини;
- преку комуникативните вредности се воспоставува интерактивно функционирање на ученикот со учебникот, ученикот со наставникот во музичкиот наставен процес;
- развивање на музичка креативност и сл.

Во процесуалниот тек на трудот – методолошкиот дел, интерпретацијата на резултатите, направена е анализа на застапеноста на вкупниот број прашања, задачи и вежби во 22 учебника по музичко образование од I-VIII одделение. Направена е и квалитативна анализа во поглед на застапеноста на репродуктивни и продуктивни прашања, задачи, вежби во учебниците по музичко образование. Во овој контекст се испитани и ставовите на наставниците во поглед на овој значаен аспект, дидактичко подрачје.

# 7. ИЛУСТРАЦИИ ВО УЧЕБНИКОТ

Илустрациите се составен, конзистентен дел на учебникот. За овој дидактички поим има повеќе толкувања кои одредени од нив ќе се проследат.

Според **Енциклопедискиот речник на педагогијата** (Enciklopedijski riječnik pedagogije 1963, str. 322) илустрациите го оживуваат текстот и му даваат динамички карактер. Сликите и цртежите може да бидат основа за составување одредена писмена работа, но можат да служат како дополна и објаснување.

Во овој контекст се истакнува значајноста на сознајната функција на учебникот имплицирана преку илустрациите.

Во **Педагошката енциклопедија 1** (Pedagoška enciklopedija 1, 1989, str.260-261) се истакнува дека илустрацијата со нејзината структуралност односно уметничкото претставување на литературниот текст со ликовните средства овозможува потполно и силно доживување на содржината и пораката. Со естетската вредност на илустрацијата се осмислува текстот да биде попривлечен и поинтересен.

Изложеново ја импонира дидактичкиот придонес на илустрацијата за квалитетно системно усвојување на текстот во учебникот.

Во **Педагошкиот лексикон** (1996 стр. 188) илустрацијата се експлицира како ликовно претставување на текстот (по пат на цртежи, слики, шеми и сл.) за да подобро се разбере, посилно доживее и потполно запомни истиот.

И со ова толкување се препознаваат сознајните импликации што ги содржи илустрацијата за поквалитетно усвојување на текстот.

Според **професорот д-р Бранко Петровски** (1994, стр. 115) илустрациите се сликовен материјал од сите видови: скици, цртежи, графикони, шеми и друго, во боја со кои се реализираат определени задачи во наставата.

Во овој контекст се имплицира дека илустрациите се во функција на реализација на разновидни наставни цели, наставни задачи, наставни принципи.

Рускиот педагог **Зуев** (1994, стр. 115) илустрациите во учебникот ги дефинира како слики во боја или во црна-бела техника со чија присутност и специфичност, а во тесна врска со другите структурни компоненти, се реализираат научно-педагошките принципи што се вградени во учебникот.

Во оваа насока се потврдува дека илустрациите се структурна компонента на учебникот со која се реализираат суштинските сегменти на истиот.

Илустрациите во учебникот можат да бидат:

- разни слики
- репродукции на уметнички дела
- репродукции на детски, ученички творби
- скици
- историски фотографии
- историски карти
- географски карти
- панорами
- карикатурални прикази
- мозаични илустрации
- шеми
- шеми стебло
- организациона шема
- табеларна шема
- дијаграми
- графикони
- линеарен графикон
- столбест графикон
- кружен графикон
- сликовен графикон
- колор табели
- стрипови
- фотографии
- научни илустрации

За успешно процесуирање на илустрациите во учебникот, односно нивната валидност се постигнува со усогласеност со содржините на текстот, како и развојните карактеристики и возраста на учениците. За успешноста на учебникот потребно е да постои оптимална функционална врска помеѓу текстот и илустрациите, односно нивниот однос да биде во единствена логичка и уметничка целина. Фундаментлано е илустрациите - да бидат јасни и разбирливи уште во учебниците за почетните одделенија. Според светските пропозиции и стандарди прифатени и кај нас соодносот меѓу текстуалниот и илустративниот дел во учебниците за одделенска настава е 2:1 во полза на илустративниот сегмент. (Адамческа С, 2004,стр. 76). Со овој сооднос се согледува дека визуелната поддршка иницира позитивен комплексен развој на учениците од одделенска настава.

За различни развојни фази на учениците процесуираат различни барања на концепирање илустрации во учебникот. **Концепцијата за учебник за основно и за средно образование** (2006, стр. 44) ги истакнува следните барања:

- за учениците од почетните одделенија да има разбирливи илустрации со човечки фигури и фигури на животни со јасни активности;

- за учениците од средните одделенија да се внесени разбирливи илустрации на поединечни предмети и посложени просторни односи (на чиста основа) со јасни активности;

- за учениците од вишите одделенија илустрациите да се разбирливи, да пренесуваат предели, посложени активности, простор, промени, како и апстрактни односи.

Во оваа насока концепирањето на илустрациите во учебникот се почитува принципот на постапност во однос на возрасните карактеристики на учениците кои се корисници на учебникот при поучувањето и учењето.

Компетентноста на илустрациите се изразува преку нивните сознајни и воспитни функции. Комплексноста на овие значајни функции се изразува преку мултидимензионалните импликации како на пример:

- побудување мотивација на учениците за самостојно учење со учебник
- поттикнување мисловни процеси во насока на фокусирано внимание, набљудување, споредување, анализирање
- побудување мисловна активност за воопштување на поставените содржини
- на нагледен начин се пренесуваат појави и процеси кои не се забележливи и достапни во секојдневниот живот
- преку илустрациите со автентични историски материјали се пренесуваат пораки и простор за размислување
- со илустрациите во учебникот во зависност од наставните содржини може да се пренесуваат културни вредности да се побудува интерес, почит, разбирање за традицијата, верските и државните празници, симболите на РМакедонија, разбирање за традицијата и културата на македонскиот народ и другите заедници во РМакедонија.
- во учебниците има илустрации за пренесување на светскиот мултикултурализам
- значајни се илустрациите кои поттикнуваат интерес за науката, техниката, информатиката.

Во учебникот треба да има инвентивни, привлечни илустрации кои поттикнуваат не само на активностите на набљудување, размислување, туку и на активноста доживување.

Атрактивност на учебникот изразуваат илустрациите во вид на стрип кои побудуваат мотив за дијалог.

Флексибилни се илустрациите кои пренесуваат позитивна активност на одредени личности со истакнување на:

- одговорност
- почитување на човековите права
- почитување на правата на детето

Посебен вид илустрации се оние кои побудуваат интензивна мисловна сензибилност, размислување и чувствителност за праведност, приватност, одговорност, солидарност, толеранција.

Зуев (1988, стр. 137-145) прави класификација на илустрациите во три основни групи:

- водечки илустрации
- истозначни
- помошни

***Водечкиѿе илусѿрации*** служат за самостојно откривање на соджината, всушност тие го заменуваат основниот текст. Овој вид илустрации насочуваат на непосредно доаѓање до одговорот, на поставените барања. Во оваа насока се избегнува оптеретеноста на текстот со многу факти. Со водечката функција на овој вид илустрации на ученикот му се дава визуелна поддршка во усвојувањето на учебникот.

***Исѿозначниѿе илусѿрации*** следат со основниот текст со цел за најтемелно и најефикасно усвојување на структурата на учебникот. Овој вид илустрации имаат приоритетна сознајна функција.

***Помошниѿе илусѿрации*** го дополнуваат, конкретизираат дообјаснуваат и емоционално ја збогатуваат содржината на текстот. Со оваа илустрација ученикот поедноставно го перцепира и усвојува процесот на учење.

Компетентноста на секој вид илустрации е да ги продлабочуваат и дообјаснуваат содржините. Со својата одмерена застапеност даваат квалитативна вредност на учебникот.

Задача и одговорност на секој автор при концепирањето и уредувањето на учебникот неопходно е да ја идентификува и имплицира функционалната поврзаност на текстот и илустрациите.

## *7.1. Илусӣрации во учебникоӣ ӣо музичко образование*

Илустрациите се значаен, структурален дел во учебникот по музичко образование. Тие ги оживотворуваат процесуирањето на учебникот, односно иницираат мотивација за сфаќање, усвојување музички информации концепирани во еден музички систем. Илустрациите во овој вид учебници можат да бидат:

- илустрации со уметнички карактер
- разни слики
- фотографии на различни композитори
- репродукции на уметнички дела
- стрипови

Илустрациите со своите музичко- сознајни воспитни функции треба да бидат присутни во секоја наставна содржина во учебникот. Потребно е да се постигне компатибилност, соодветност помеѓу илустрацијата и музичкиот текст односно помеѓу нив да постои единственост во целина од логички и уметнички аспект.

Во функција на учебникот по музичко образование илустрациите имплицираат значајни дидактички позитивни вредности.

- поттикнување мотивација за музичка љубопитност, на пример, за проучување на животот и делото на некој композитор
- поттикнување на музичка анализа на одредено музичко дело
- со стрип- илустрациите се побудува музички дијалог, динамична ситуација во контекст на музичкото дело кое емотивно силно се доживува.
- преку илустрациите се пренесуваат музички пораки
- се пренесуваат музички културни вредности, како на пример: химната на РМ, народни песни, ора, македонска музичка традиција, како и светски музички мултикултурални дела творештво

- со побудената музичка сензибилност се развиваат позитивни карактерни црти на личноста на ученикот како на пример одговорност, сигурност, праведност, толеранција
- поттикнуваат вреднување и оценување на музичките дела, како и самовреднување на учениците за реализираните музички задачи, прашања, вежби

Во учебникот по музичко образование илустрациите се делат во три групи:

- водечки
- истозначни
- помошни

***Водечките илустрации*** самостојно ја откриваат содржината и го заменуваат музичкиот текст. Овој вид илустрации побудуваат музичка љубопитност кај ученикот при што на понепосреден начин доаѓа до музички одговор, решение на музичкото прашање, задача, вежба.

***Истозначните илустрации*** следат паралелно со музичкиот текст и со својата музичка сознајна функција придонесуваат за ефикасно усвојување на едукативните музички барања од учебникот.

***Помошни илустрации*** дополнуваат, дообјаснуваат и емоционално ја збогатуваат содржината на музичкиот текст. Тие имплицираат интензивно музичко доживување на поставените музички задачи, прашања, вежби.

Во понатамашната системна концепираност на трудот, односно во методолошкиот дел, интерпретација на резултатите е осветлена застапеноста на видовите илустрации во учебниците по музичко образование во одделните одделенија – од I-VIII одделение, како и резултатите од испитувањата на ставовите, мислењата на наставниците од аспект на видот на илустрации и нивното воспитно-образовно значење.

# 8. ДИЗАЈН НА УЧЕБНИЦИТЕ ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Учебниците по музичко образование од различни автори имаат свој дизајн, односно сопствен стил на дизајнираност. Во некој учебник може да се сретне едноставен дизајн кој имплицира само музички текст, или уметнички текст или музичко-уметнички текст следен со истозначна или помошна илустрација, а на крајот од содржината следи дидактичка апаратура. Во самиот дизајн на учебникот дидактичката апратура е различно застапена во одреден дел содржини и отсуствува, односно не е застапена.

Во самата дизајнираност на учебникот по музичко образование значајна улога имаат илустрациите кои го мотивираат ученикот за музичко сознајна активност, односно восприемање , доживување и изразување на музиката. Во дизајнот на учебникот илустрациите треба да поседуваат, достигнат високо уметничко ниво со висок степен на привлечност, непосредна достапност во контекст сообразност на психофизичките и музички способности на ученикот. Квалитетната илустрација ја насочува и забрзува љубопитноста за музика на ученикот за непосредна, отворена комуникација со истата.

За интересен дизајн на учебник по музичко образование може да се истакне учебникот за IV одделение од авторите Радевски Т и Радевска Н. Целиот учебник изобилува со повеќе музичко – уметнички текстови, повеќе разновидни водечки илустрации и богата дидактичка апаратура. Ќе го истакнеме дизајнот на наставната содржина од учебникот Музичките инструменти раскажуваат стр. 74, 75, 76,77, 78,79. Во прилог се имплицира целата наставна содржина.



Сергеј Прокофјев
(1891-1953)

# МУЗИЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ РАСКАЖУВААТ

Сергеј Прокофјев (1891 - 1953) е истакнат, плоден и многу талентиран руски композитор. За најмладите напишал една многу интересна и духовита музичка приказна "Петре и волкот" во која главните личности се животни и луѓе, претставени преку звукот на различни музички инструменти од симфонискиот оркестар.

Во целиот свет, возрасните и децата, ја знаат приказната за Петре и волкот. Во неа се раскажува за храброто дете Петре, кој со својата пријателка птичката го уловил волкот, за неговиот добар дедо, за приглупата самофална патка, подмолната мачка... Оваа весела и едноставна приказна Прокофјев ја напишал како симфониска* приказна, музика за симфониски оркестар**, во кој секоја личност има своја мелодија (тема) која се исполнува од одделни инструменти од оркестарот.

Главната личност во приказната е П етре. Во музичката приказна музиката за Петре ја исполнуваат гудачки инструменти (виолини прва и втора, виоли, виолончела и контрабаси). Мелодијата на дедото ја исполнува фагот, на птичката - флејта, на мачката - кларинет, на патката обоа, додека виењето на волкот хорни, а пукањето на ловџиите - тимпани.

Како што артистите на сцената разговараат еден со друг, сами со себе или со публиката, исто така и инструментите во оркестарот разговараат помеѓу себе исполнувајќи свои мелодии кои на моменти звуч ат одделно, на моменти заедно, како на пример, дијалогот на пајката и птичката (обоа и флејта) кои мошне забавно се препираат една со друга, но секој инструмент свири своја музика...

*

* *

Слушај ја музиката и следи ги цртежите на приказната претставени со инструменти на личностите, така полесно ќе ја сфатиш доживеешмузиката, нејзиното расположение и содржина.

Каква е музиката на Петре? ведра, весела, маршева, тажна, бодра
Каква е музиката на дедото? маршева шеговите тажна брза
Како звучи музиката која го изразува ликот на птичката и тоа: кога се препира со пајката; кога се појавува мачката и при крај на приказната?
Спореди ја звучноста на музиката која го изразува ликот на мачката и тоа: кога се доближува до птичката и кога се појавува волкот.
По што се разликува маршот на ловџиите од завршниот маршво приказната.

*Музика пишувана за симфониски оркестар.
** Оркестар во кој свират повеќе групи инструменти: гудачки, дувачки (дрвени и лимени) и ударни.

## СЕРГЕЈ ПРОКОФЈЕВ: "ПЕТРЕ И ВОЛКОТ"





76


KBAK






79

За оваа содржина се дизајнирани 24 водечки илустрации кои ги изразуваат главните личности на животни и луѓе преку звукот на различните инструменти од симфонискиот оркестар.

Илустрациите за оваа содржина се на високо уметничко ниво кои оставаат импресивен впечаток кај восприемачот ученикот а и на наставникот.

Од учебникот за V одделение од авторите Витанова А, Атанасов З, Динмова С. ја презентираме како пример на дизајн содржината Билјана платно белеше стр. 78. Дизајнот на оваа содржина проникнува со музички текст и истозначна илустрација. (Види прилог)



Од учебникот за VIII одделение од авторите Поповски В, Георгиевски Г. дизајнот на учебник се проследува со наставната содржина Современа музика стр. 56,57. Оваа дизајнирна содржина е изразена со уметнички текст, една црно бела фотографија и дидактичка апаратура. (Види прилог).

# СОВРЕМЕНА МУЗИКА

**Современа музика** е музиката која се јавува во раните години на XX век и се развива до почетокот на XXI век. Во поширока смисла сето она што настанало во тој временски период, без разлика на стилот и поврзаноста со минатото, се смета за **современа музика**, која уште се нарекува и **модерна музика.** Од тоа произлегува дека композиторите во технологијата на творештвото создаваат нешто модерно (ново), служејќи се со нови изразно-музички елементи, а во својата индивидуализација на истражувањето се спротивставуваат на минатото. Отворањето на новите хоризонти во современата музика го овозможи и брзиот развој на техничките и медиумските средства во создавањето на нов звук (тон), што е особен предизвик за голем број композитори за појавата на голем број стилови и правци на новото време.

Сите правци во современата музика можеме да ги поделиме на две основни групи: **традиционалистички** и **авангардно-модернистички.**

Претставниците на првата група **традиционалистички** композитори во своето творештво ги задржуваат традициите на минатото од времето на: **барокот, класицизмот, романтизмот, импресионизмот** и сл. Но, во своето творештво внесуваат и нешто ново со што го добиваат префиксот "**нео**" и ги нарекуваме: **необарокни, неокласичари, неоромантичари** и сл., честопати таканаречени **доцноромантичари.** Тие врз основа на традиционалните вредности од минатото изградуваат нов стил со внесување на нови изразни елементи во осовременувањето на хармонијата, полифонијата, усложнување на ритамот и сл. Во оваа група спаѓаат и композиторите од разни видови национални стилски школи кои го следат патот на нивните претходници од романтизмот во идеологијата за негување и развивање на националното творештво со специфични сопствени национални примери.

Најистакнати претставници на традиционалистичката група композитори се: руските композитори - **Игор Стравински, Сергеј Прокофјев** и **Дмитриј Шостаковиќ,** финскиот композитор **Јан Сибелиус,** чешкиот композитор **Бохуслав Мартинуа** и германскиот композитор **Паул Хиндемит.** Творештвото на оваа група композитори, кое се темели на вредностите од минатото е општоприфатено од поширокиот аудиториум, бидејќи нивните изразни елементи се поскромни во однос на новото време. Голем број композиции од вокален, инструментален и вокално-инструментален карактер и денес се актуелни во репертоарот на повеќе оркестри, оперски куќи, камерни состави, солисти и слично. Оваа група композитори ги поставија темелите на современата музика, премостувајќи го традиционалното со **авангардно-модернистичкото** музичко творештво на групата радикални композитори на новото време.

Втората група **авангардно-модернистички** композитори иако наидува на отпор од пошироките народни маси нивна тенденција и преокупација е откривање на нови творечко-технички можности за идното време. Тие не се задоволуваат со вредностите на минатото и со доволно искористените изразни средства во однос на тоналната музика. Во тој поглед прават радикални промени и ги напуштаат тоналните функции. Сè почесто во своето изразување ја користат атоналноста каде преовладува хроматиката, со што доаѓа до нарушување на хармонските функции и создавање на политонална структура , квартна хармонија, почести модулации во мелодиските линии и многу други изразни средства спротивни на вредностите од минатото. На тој начин доаѓа времето на **атоналната** музика. Во тој вид музика доаѓа до демонтажа на тоналната музика со нарушување на законитостите на хармонските односи во меѓусебното вертикално и хоризонтално поврзување на тоновите.

Меѓу првите претставници кои зачекоруваат по тој пат, во создавањето на современа музика, е австрискиот композитор **Арнолд Шенберг,** што го следат одреден број европски композитори. Тие во своите дела максимално ја користат 12-тонската хроматска нотација со меѓусебно поврзување на тоновите. Тоа доведу-

56

ва до нарушување на тематската обработка на музичкото дело, со што настанува **атематската форма**. Меѓутоа, бргу дошле до заклучок дека новиот стил не може да се изгради со апсолутна негација на претходниот систем, со што дошло до создавање на конструктивно решение од 12-тонски темпериран хроматски систем.

Друга карактеристика на современата музика е поврзување на сите уметности (музика, литература, ликовната уметност и сл.). Притоа, композиторите кои се ослободуваат од тонот посебно внимание посветуваат на звучниот колорит кој служи како автономна вредност произведен од инструмент или некој звучен апарат. Удирање по корпусот на жичените инструменти, променување на класичните штимови и други звучни ефекти што сето тоа се поврзува помеѓу себе во таканаречена звучно колористична структура (кланфарб).

Покрај тоа за творештвото на современата генерација композитори карактеристично е и отворањето на структурата на формата. Таа отвореност се манифестира во два вида: навлегување на импровизаторските елементи (со што композиторот го означува најбитното од фрагментите), а другото е слободно изразување на интерпретаторот, таканаречено **алеаторика**. Другата отвореност во формата е недовршеноста, незаокруженоста и неограниченото времетраење на композицијата што се дава голема слобода на интерпретаторот во изведувањето на музичкото дело. Во композициите се среќаваат карактеристични интервалски скокови, наеднаш преминување од пијанисимо во фортисимо и обратно.



*Камерен ансамбл - "Св. Софија"*

Современите композитори применуваат и разни графички симболи (броеви, слики и сл.), како да сакаат ликовната уметност да ја преведат во музичка.

Во истражувањето на нови изразни елементи се користат и современите технички средства: електронска музика, компјутерска музика и слично, што отвора нови можности и перспективи за современото музичко творештво.

Прв наш претставник на современата музика е композиторот **Тома Прошев**, кој напишал поголем број музички дела од таков вид и го основал првиот инструментален камерен состав *"Света Софија"*.

***ЗАДАЧИ:***

- Во кој период се појавува современата музика?
- На колку основни правци ја поделуваме современата музика?
- Со што се одликува творештвото на првите претставници на современата музика?
- Наброј неколку претставници од првата група композитори и како го нарекуваме нивниот правец?
- Како го нарекуваме вториот правец на современа музика?
- Кој бил првиот претставник на втората група композитори?
- Кои се основните карактеристики во творештвото на втората група композитори?
- Како го нарекуваме нашиот прв претставник и кој музички состав го создал тој?

57

# 9. ПРЕГЛЕД НА НЕКОИ РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА КОНЦЕПЦИЈАТА НА УЧЕБНИК

Современиот учебник како значаен дидактички проблем е истражуван во светот, се анализираат содржини на учебници кои се употребуваат во пошироката наставна практика. Така на пример, во САД, Велика Британија се реализира истражувачка дејност на анализа на дидактичките компоненти во учебникот. Во Германија (Маказлиева Е. 1995) истражувачката работа во областа на учебник е објективизирана во Билтен INFORMATIONEN ZU SCHULBUCHFRAGEN (Информации за прашањето на учебникот) кој го издава истражувачкото одделение на институциите одоговорни за издавање учебници Wolk Und Wissen во Берлин.

Во Франција (Маказлиева Е. 1995) истражувачката работа на учебниците интензивно започнува во 60-тите години на XX век. Водечка улога има Националниот институт во Париз во која најмногу се анализирало содржината во учебникот.

Во поранешната СССР значаен придонес во осветлувањето на дидактичките димензии на учебникот дава **Д.Д. Зуев** кој својата научно-истражувачка работа ја објективизирал во научниот труд Školski udžbenik. Во овој труд се експлицирани аспектите, дидактичките функции, структурата, текстот, вонтекстуалните компоненти, анализа, оцена и составување учебник. Овој автор истакна повеќе истражувања на познати научници кои се бават со оваа проблематика. Како на пример, Б.Ф. Ломов, А.А.Борзова, Е.И.Перовски, Л.В.Занкова, В.И.Свинцов, М.Н.Шабалин, В. П.Зинченко и др.

**Проф. д-р В. Пољак** во својот научен теоретски труд Didaktičko oblikovanje udžbenika i priručnika (1980) ги детерминирал разновидните аспекти на дидактичкото обликување на учебниците, посебно ја истакнал улогата на образовната технологија за овој значаен проблем, како и содржинското одредување на поимот учебник, учебникот и наставните системи, принципите и стандардите за изработка учебник и сл.

**Проф. Анатоли Дамјановски** во својот научен труд Функцијата и физиономијата на учебникот во процесот на современата настава (1970) ги детерминира основните теоретски есенцијални вредности на учебникот во насока на појмовно определување на учебникот одредување на концепцијата учебник, неговата полифункционалност во современата настава, логичката поврзаност на обработката на содржините ја експлицира структурата на учебникот неговите суштествени задачи и сл. Овој труд е една фундаментална основа за понатамошно истражување на овој значаен дидактички проблем учебникот.

Учебничката проблематика ја истражувал и познатиот **академик проф. др. Марко Стевановиќ**. Во неговото оригинално научно дело Учебникот во квалитетната настава (Udžbenik u kvalitetnoj nastavi, 2001) конструирал дескриптивен модел на креативно користење на учебникот. Како подмодел на овој модел се *истражувачките постапки*.

- критичко читање
- креативно читање
- истражувачки задачи

Следен подмодел е *проблемскиот пристап*

- формулирање проблем
- декомпонирање
- составување листа на проблеми
- формулирање хипотези
- развивање план на истражување

Како подмодел се *фактите* кои имплицираат:

- класификација на факти
- клучни зборови
- егземпларија и аналогија
- резиме
- алгоритам

Подмодел *учење* содржи:

- учење со поддршка на масс – медиуми
- симултано учење
- учење со визуелни ознаки

- учење со компјутер

Подмодел *изразување* содржи:

- рецепционо – естетичко изразување
- литературно – уметничко учење
- изразување спрема интересите на ученикот
- давање наслов
- истакнување на битното со потцртување
- различни писмени материјали
- изразување со табели, графикони и цртежи
- учење со создавање план

Стевановиќ извршил емпириско истражување за фактичката состојба на употреба на учебникот, како и потребата од нов пристап во употреба на учебник. Анкетирањето го извршил на 166 ученици од IV одделение, 114 ученици од VII одделение во основното училиште и 120 ученици од средно училиште. Во одделенската настава се испитани 96 наставници од 15 училишта како и во предметна настава 102 наставника од 14 училишта. Со истражувањето биле опфатени и 38 просветни советници, 40 педагози и 15 директори на училиште. Од повеќето испитаници се добиени одговори дека недоволно се користи учебникот во наставата, користењето на дидактичката апаратура е непотполно, недоволно и еднозначно и дека е потребно да сè примени нов пристап во подобрувањето на користење на учебникот во наставата во функција на поголема самостојна креативна работа на учениците. Од повеќето истражувачки показатели се прифатила главната хипотеза која гласела: се претпоставува дека примената на дескриптивниот модел во примањето (рецепција) на учебничките текстови има креативен пристап во учебникот кој ќе придонесе за поголема самостојност на учениците и нивниот креативен однос кон учебникот.

Стевановиќ напоменува дека во понатамошните истражувања за учебникот експериментално ќе го проверува секој подмодел во интерес на зголемен придонес на квалитетот на наставата односно зголемување на креативноста на ученикот во комуникација со учебникот.

Во македонската педагошка јавност прва докторска дисертација за проблемот учебник успешно ја одбранил **професорот Бранко Петровски** со наслов Прилог кон проучување на структурата на учебникот. Тој функцијата на учебникот ја определува според факторите на наставата. Функцијата на учебникот ја третира како наставно средство за реализирање на предвидените задачи на наставата. Улогата на учебникот ја имплицира во смисла на активирање на интелектуалните, емотивните и мотивационо-волевите активности на ученикот и неговиот активен однос кон учењето. Своите перманентни истражувања за учебникот ги објективизирал во неговото оригинално научно дело "Структурата на учебникот" (1994). Во ова значајно педагошко дело авторот првично го обработува проблемот учебник во современи услови, како појавата и развитокот на учебникот, дава и појмовна определба, дефинираност на учебникот. Истакнати се и основните детерминанти што ја определуваат структурата на учебникот, како и функцијата на фактите и генерализациите во учебникот, индуктивната и дедуктивната обработка на содржините во учебникот. На оригинален начин е елабориран проблемскиот пристап во структурирањето на наставните содржини во учебникот. Аналитички се обработени и прашањата, задачите, илустрациите во учебникот.

Овој значаен педагошки труд е фундамент за понатамошни теоретски и емпириски истражувања за проблемот учебник.

**Проф. д-р Благородна Камчева-Лакинска** спроведе истражување за дидактичкиот проблем самостојната работа на ученикот со учебник и друг печатен текст во наставата во основното училиште.Таа организира и реализира експериментално истражување во три основни училишта во наставата по историја во VII и VIII одделение за утврдување примена на самостојната работа со учебник и друг печатен текст на часот. Од повпечатливите позначајни резултати што се добиени со испитувањето потврдена е хипотезата дека значаен процент од учениците во VII и VIII одделение не се доволно оспособени за самостојна работа со учебник и

друг печатен текст (VII одделение M=47,65 бода, општ процентуален успех 44,67,VIII одделение M=52,66 бода, општ процентуален успех 50,16).

Професорката истакнува дека во истражувачкиот тек се потврдува генералната хипотеза дека систематското вежбање на учениците по пат на однапред определени и планирани вежби ефикасно влијае врз оспособувањето за самостојна работа со учебник и друг печатен текст. Во овој контекст е и нејзиното залагање почесто да се користи учебникот и другиот печатен текст на самиот час по можност тоа да биде по пат на самостојна работа на ученикот.

**Ели Маказлиева** има реализирано истражување за дидактичкиот проблем – Дидактички компоненти во учебниците во одделенска настава. Овој проблем го проучувала од два аспекти.

1) Од аспект познавање и согледување на фактичката состојба за третманот на прашањата, задачите и вежбите во учебниците преку анализа.
2) Од аспект на идентификување на ставовите и мислењата на наставниците кон прашањата, задачите и вежбите во учебниците за одделенска настава

Маказлиева направи содржинска анализа на учебниците по ЗПО, ЗП и ЗО за одделенска настава од аспекти: застапеност, локација, начин на поставување и видови прашања, задачи, вежби во истите. Утврдени се одредени слабости вон и кои може да се користат за понатамошниот тек на разработка.

Во текот на истражувањето се испитани ставовите и мислењата на наставниците од одделенска настава кои во својата работа ги користат постојните учебници, искажуваат определено незадоволство од репродуктивниот вид на дидактички компоненти во постојните учебници.

Маказлиева во заклучните согледувања од истражувањето се залага за создавање, обликување на современ учебник и негова примена во наставата.

Стручниот тим од педагошки советници при Бирото за развој на образованието со надворешни соработници направи квалитативна анализа, вреднување на учебниците во одделенска настава. По наставниот предмет македонски јазик ја вреднуваат Читанката; 1999 година и по наставниот предмет математика го вреднуваа учебникот по Математика за III одделение, 1998 година.

Вреднувањето на двата учебника го направија според следните критериуми:

- компатибилност на учебникот со наставната програма
- избор и дидактичко обликување на содржините
- начини на учење во учебникот
- мотивација на учениците за самостојно учење од учебник
- развојни воспитно - образовни функции при учењето со учебникот
- функции на дополнителните текстови
- дидактички визуелни прилози
- ниво на јазикот и градење јазична култура
- дидактичко – методски насоки за наставниците

Во македонската педагошка теорија и практика отсуствува проучување на третманот на учебникот по музичко образование во основното училиште. Во оваа насока е и нашето истражување да се осветли дидактичкиот проблем значењето и мултидимензионалноста на функционирањето на учебник по музичко образование во основното училиште.

# II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Предмет на истражување

Учебникот по музичко образование со своите дидактичко-методски димензии како што се видовите текстови, прашањата, задачи, вежби илустрации за сите одделенија во основното училиште иницира услови за активна, квалитетна настава. Со овие процесуални импликации на учебникот кај ученикот се развиваат музичка љубопитност, музички знаења, умеења и навики, музичка креативност, музички способности и сл.

Современата модерна, квалитетна компонираност на дидактичко-методските димензии во учебникот по музичко образование овозможува остварување на фундаменталната цел - системно усвојување на музички знаења, способности, умеења, навики кај ученикот.

Од повеќето значајни дидактички параметри за учебникот по музичко образование се определи **предметот на истражување,** а тоа се дидактичко-методските димензии – видовите текстови, прашања, задачи, вежби, илустрации во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение. Предметот на истражување е конципиран од два аспекта:

1. Од аспект сознавање и согледување на фактичката состојба за третманот на видовите текстови, прашања, задачи, вежби, илустрации во учебниците по музичко образование.
2. Од аспект на идентификација на ставовите и мислењата на наставниците кон третманот на видовите текстови, прашања, задачи, вежби, илустрации во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

Целта на истражувањето е испитување и утврдување на застапеноста на разновидните дидактичко-методски димензии, видовите текстови, прашања, задачи, вежби, илустрации во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.

Во овој труд се поставува прашањето каков карактер има истражувањето. Истражувањето има *современ карактер* конституиран со теоретски и емпириски импликации. Истражувањето ќе даде можност за унапредување на теоријата и практиката на наставата по музичко образование во основното училиште односно дидактичко-методска надградба и квалитативно усовршување на учебниците по овој наставен предмет.

## 3. Задачи на истражувањето

1. Да се испитаат ставовите, мислењата на наставниците за придонесот на учебникот по музичко образование во наставата.
2. Да се утврди квантитативната застапеност на поедини видови текстови во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.
3. Да се испитаат ставовите, мислењата на наставниците во однос на приоритетот на одреден вид текстови во учебниците по музичко образование.
4. Да се утврди бројот на прашања, задачи и вежби во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.
5. Да се утврдат видовите прашања, задачи и вежби во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.
6. Да се испитаат ставовите, мислењата на наставниците за приоритетот на застапеност на видот на прашања, задачи, вежби во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.

7. Да се испитаат ставовите, мислењата на наставниците за видовите функции на прашањата, задачите, вежбите во учебникот по музичко образование.
8. Да се испитаат ставовите, мислењата на наставниците за застапеноста на прашањата, задачите, вежбите според локацијата (местото) во текстот во учебникот по музичко образование.
9. Да се испитаат ставовите, мислењата на наставниците за воспитно-образовното значење на прашањата, задачите, вежбите во учебникот по музичко образование.
10. Да се испитаат ставовите, мислењата на наставниците за степенот на користење на прашањата, задачите, вежбите од учебникот на наставниот час.
11. Да се испитаат ставовите, мислењата на наставниците за односот на учениците кон прашањата, задачите, вежбите во учебникот по музичко образование.
12. Да се утврди квантитативната застапеност на видовите илустрации во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.
13. Да се испитаат ставовите, мислењето на наставниците во однос на видот илустрации кои треба да ги има во учебникот по музичко образование.
14. Да се испитаат ставовите, мислењето на наставниците за воспитно-образовното значење на илустрациите во учебникот по музичко образование.
15. Да се испитаат ставовите, мислењето на наставниците за потребата од дидактички материјал за ученикот, методски прирачник за наставникот.
16. Да се испитаат ставовите, мислењето на наставниците за потребата и употребата на учебник по музичко образование во I,II и III одделение деветгодишно образование.
17. Да се анализираат предлозите на наставниците за подобра концепција и квалитет на учебник по музичко образование.

## 4. Хипотези

### Општа хипотеза

Дидактичко – методските димензии – видовите текстови, прашања, задачи, вежби, илустрации во учебниците по музичко образование се различно застапени според нивниот број и видови.

### Помошни хипотези

1. Наставниците високо го оценуваат придонесот на учебникот за реализација на наставата по музичко образование.
2. Постои различен степен на застапеност на одделните видови текстови во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.
3. Застапеноста на музичко-уметничките текстови има приоритетно значење за наставниците.
4. Во поголемиот дел од учебниците по музичко образование од I-VIII одделение преовладува репродуктивниот тип на прашања, задачи и вежби.
5. Наставниците сметаат дека во учебниците по музичко образование треба да бидат застапени повеќе продуктивни прашања, задачи, вежби.
6. Наставниците високо го рангираат и оценуваат поттикнувањето на сознајната љубопитност за музика како функција на дидактичката апаратура на учебникот по музичко образование.
7. Застапеноста на прашањата, задачите и вежбите според мислењето на наставниците да биде на крајот – по текстот во учебникот по музичко образование.
8. Наставниците сметаат прашањата, задачите, вежбите од учебникот по музичко образование доволно се користат на наставниот час.
9. Наставниците сметаат дека учениците со задоволство ги користат прашањата, задачите, вежбите во учебникот по музичко образование.

10. Бројот на видовите илустрации е различно застапен во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.
11. Наставниците сметаат дека во учебникот по музичко образование треба да бидат застапени повеќе водечки илустрации.
12. Наставниците сметаат дека илустрациите во учебникот по музичко образование имаат големо воспитно-образовно значење во поттикнувањето љубопитност, интерес и смисла за убавото.
13. Наставниците сметаат дека исклучиво е потребно учебникот по музичко образование да биде придружен со дидактички материјал за ученикот и методски прирачник за наставникот.
14. Наставниците сметаат дека има потреба од користење учебник по музичко образование во I,II и III одделение деветгодишно образование.

## 5. Варијабли на истражувањето

Во ова истражување **независна варијабла** се дидактичко – методските димензии на учебниците по музичко образование од I-VIII одделение, а **зависна варијабла** се реализацијата на наставата по музичко образование, ставовите, мислењата на наставниците за видовите текстови, прашања, задачи, вежби, илустрации во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.

## 6. Методи, техники и инструменти на истражување

Во ова истражување се користи *дескриптивно аналитичкиот метод* на истражување. Во овај контекст се користи *анализата* како методолошка постапка. Квантитативната анализа го имплицира бројот на застапеност на видови текстови, прашања, задачи, вежби, илустрации во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.

За истражувањето ставови, мислења на наставниците се користи методолошката техника *анкетирање*. Како истражувачки инструмент се користи *анкетен лист – скалер* кој е конструиран од 14 прашања, 13 од

затворен тип, а едно прашање е од отворен тип. Првото прашање се однесува на придонесот на учебникот по музико образование во наставата. Второто прашање се однесува за застапеноста на видови текстови во учебникот по музичко образование. Третото прашање се однесува на приоритетноста на вид на текст во учебникот по музичко образование.Четвртото прашање се однесува на застапеноста на видовите прашања, задачи, вежби во учебникот по музичко образование. Петтото прашање се однесува на функцијата на прашањата, задачите, вежбите во учебникот по музичко образование. Шестото прашање се однесува на застапеноста на прашањата, задачите, вежбите според локацијата (местото во текстот). Седмото прашање се однесува на воспитно-образовното значење на прашањата, задачите, вежбите во учебникот по музичко образование. Осмото прашање се однесува на користењето на прашањата, задачите, вежбите од учебникот на наставниот час. Деветото прашање се однесува на односот на учениците кон прашањата, зададчите, вежбите во учебникот по музичко образование. Десетото прашање се однесува на видот на илустрации на учебникот по музичко образование. Единаестото прашање се однесува на воспитно-образовното значење на илустрациите во учебникот по музичко образование. Дванаесетото прашање се однесува на потребата од дидактички материјал за ученикот и методски прирачник за наставникот. Тринаесетото прашање се однесува на потребата и употребата на учебник по музичко образование во I,II и III одделение. Четиринаесетото прашање се однесува на предлозите за подобра концепција и квалитет на учебникот по музичко образование.

## 7. Популација и примерок

Во истражувањето како примерок за содржинска анализа се земени 22 учебника по музичко образование од I-VIII одделение. Се примени и стратификуван примерок од 6 училишта од градско подрачје и 3 училишта од селска средина. Се испитаа 98 наставници.

*Табела 1: Примерок на училишта и наставници за техниката анкетирање*

| Ред. бр. | Основни училишта | Стратум | Број на наставници |
|---|---|---|---|
| 1. | Свети Кирил и Методиј | Центар | 16 |
| 2. | Кирил Пејчиновиќ | Кисела Вода | 10 |
| 3. | Кузман Јосифовски Питу | Кисела Вода | 7 |
| 4. | Партение Зографски | Кисела Вода | 12 |
| 5. | Вера Циривири –Трена | Карпош | 9 |
| 6. | Христијан Тодоровски – Карпош | Карпош | 12 |
| 7. | Тихомир Милошевски | Ново Село | 11 |
| 8. | Јоаким Крчоски | с.Волково | 11 |
| 9. | Страшо Пинџур | Новоселски пат | 10 |
| | | В к у п н о: | 98 |

*Табела 2: Структура на примерокот наставници според степенот на образование*

| О б р а з о в а н и е | Број на наставници |
|---|---|
| а) Више<br>ПА – одделенска настава<br>ПА - отсек музика | 20<br>/ |
| б) Високо<br>Педагошки факултет – одделенска настава<br>Филозофски факултет – педагогија<br>Факултет за музичка уметност | 58<br>17<br>3 |
| В к у п н о: | 98 |

## 8. Статистичка обработка на податоците

За целокупната обработка на податоците од истражувањето се употреби фреквенција, процент и Хи-квадрат – тест.

## III. ДЕЛ АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во елаборирањето на квантитативните и квалитативни резултати од истражувањето првично се отпочнува со анализа на помошните хипотези.

Првата хипотеза – *Наставниците високо го оценуваат придонесот на учебникот за реализација на наставата по музичко образование* – се анализира со одговорите на наставниците од анкетниот лист – скалер првото прашање.

1. Каков е придонесот на учебникот по музичко образование во основното училиште во наставата?

*Табела 1: Ставови на наставниците за придонесот на учебникот по музичко образование*

| Придонес во | Многу придонесува | | | Малку придонесува | | | Воопшто нема | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | N | % | f | N | % | f | N | % |
| а) реализирање на наставната програма | 84 | 98 | 85,71 | 14 | 98 | 14,29 | / | 98 | / |
| б) поддршка на наставникот да планира, организира и реализира настава по наставниот предмет музичко образование | 78 | 98 | 79,59 | 19 | 98 | 19.39 | 1 | 98 | 1,02 |
| в) развивање интерес и љубов за музика кај ученикот | 74 | 98 | 75,51 | 24 | 98 | 24,49 | / | 98 | / |
| г) формирање музички знаења, музички способности, музички умеења кај ученикот | 78 | 98 | 79,59 | 20 | 98 | 20,41 | / | 98 | / |
| д) иницирање на учениковата музичка креативност | 58 | 98 | 59,18 | 40 | 98 | 40,82 | / | 98 | / |

84 испитаници – 85,71% сметаат дека учебникот многу придонесува за реализирање на наставната програма, за 14 – 14,29 сметаат дека малку придонесува.

78 испитаници – 79,59% одговориле дека учебникот многу придонесува за поддршка на наставникот да планира организира и реализира настава по наставниот предмет музичко образование.

19 испитаници – 19,39% сметаат дека учебникот малку придонесува во однос на овој аспект, а 1 испитаник – 1,02% смета дека учебникот воопшто нема придонес.

74 испитаници – 75,51% сметаат дека учебникот многу придонесува за развивање интерес и љубов за музика кај ученикот, додека 24 испитаници – 24,49% сметаат дека малку придонесува учебникот за овој аспект.

78 испитаници – 79,59% сметаат дека учебникот многу придонесува за формирање музички знаења, музички способности, музички умеења кај ученикот.

20 испитаници – 20,41% сметаат дека учебникот малку придонесува за овој аспект.

58 испитаници – 59,18% сметаат дека учебникот многу придонесува за иницирање на учениковата музичка креативност, додека 40 испитаници - 40,82% сметаат дека учебникот малку придонесува за овој аспект.

Високиот процент од алтернативите а,б,в и г ја докажува првата хипотеза. Од овие показатели може да се уочи дека отстапува ставот за иницирање за учениковата музичка креативност во однос на придонесот на учебникот за овој аспект.

Втората хипотеза – *Одделниѿе видови ѿексѿови имааѿ различен сѿеѿен на засѿаѿеносѿ во учебнициѿе ѿо музичко образование од I-VIII одделение* - може да се докаже со повеќе показатели како на пример со анализата на учебниците од *I-VIII одделение.*

Се анализираат 22 учебника од I-VIII одделение од следниве автори:

*Учебници за I одделение*

Радевски, Т., Радевска, Н. (2003), Музичко образование за I одделение. Скопје: Ирнел

Љафтова, С. (2002), Музичко образование за I одделение. Скопје: Просветно дело

Поповски, В., Поповска Г. (2002), Музичко образование за I одделение. Штип: Макфест

*Учебници за II одделение*

Радевски, Т., Радевска, Н. (2003), Музичко образование за II одделение. Скопје: Ирнел

Љафтова, С. (2002), Музичко образование за II одделение. Скопје: Просветно дело

Поповски, В., Поповска, Г. (2002), Музичко образование за II одделение. Штип: Макфест

*Учебници за III одделение*

Радевски, Т., Радевска, Н. (2003), Музичко образование за III одделение. Скопје: Ирнел

Поповски, В., Поповска, Г. (2002 ), Музичко образование за III одделение. Штип: Макфест

Витанова, А, Атанасов, З. (2003), Музичко образование за III одделение. Скопје: Евро култ 2000

*Учебници зз IV одделение*

Радевски, Т., Радевска, Н. (1999), Музички радости – музичко образование за IV одделение. Скопје: Ирнел

Витанова, А., Атанасов, З. (2000), Музичко образование за IV одделение. Скопје: Просветно дело

*Учебници за V одделение*

Радевски, Т., Стојанов, С., Колев, В-Ж., (2001) Музичко образование за V одделение. Скопје: Ирнел

Витанова, А., Атанасов, З., Димова, С., (2001) Музичко образование за V одделение. Скопје: Просветно дело

Поповски, В., Георгиевски, Г. (2001) Музичко образование за V одделение. Штип: Макфест

*Учебници за VI одделение*

Радевски, Т., Стојков, С., Колев, В-Ж. (2001) Музичко образование, учебник за VI одделение со CD (аудио касета) за самостојно учење. Скопје: Ирнел

Витанова, А., Атанасов, З., Димова, С., (2001) Музичко образование за VI одделение. Скопје: Просветно дело

*Учебници за VII одделение*

Радевски, Т., (2002) Музичко образование за VII одделение со CD (аудио касета) за самостојно учење и самообразование. Скопје: Ирнел

Витанова, А., Атанасов, З., Ангеловска, В., (2002) Музичко образование за VII одделение. Скопје: Евро култ 2000

Поповски, В., Георгиевски, Г. (2002) Музичко образование за VII одделение. Штип: Макфест

*Учебници за VIII одделение*

Радевски, Т., Радевска, Н., (2003) Музичко образование за VIII одделение , (составен дел на учебникот две CD, аудио касети за самостојно учење и самообразование). Скопје: Ирнел

Витанова, А., Атанасов, З., Малјановска, В., (2003) Музичко образование за VIII одделение. Скопје: Евро култ 2000

Поповски, В., Георгиевски, Г., (2002) Музичко образование за VIII одделение. Штип: Макфест

***Учебници од I одделение*** - чија завршна примена беше во учебната 2007/2008 година

*Табела 2: Видови текстови во учебниците од I одделение*

| | *Видови текстови* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Музички* | | | *Уметнички* | | | *Музичко-уметн.* | | |
| *Автори* | f | N | % | f | N | % | f | N | % |
| *Радевски Т. Радевска Н.* | 21 | 35 | 60 | 7 | 35 | 20 | 7 | 35 | 20 |
| *Љафтова С.* | 17 | 34 | 50 | 13 | 34 | 38,24 | 4 | 34 | 11,76 |
| *Поповски В. Поповска Г.* | 10 | 35 | 28,57 | 15 | 35 | 42,86 | 10 | 35 | 28,57 |

Од табелава 2 може да се види дека најмногу музички текстови (21-60%) има во учебникот на Радевски Т. и Н. а најмалку во учебникот на Поповски В.и Г. (10-28,57%).

Уметничките текстови најмногу ги има во учебникот на Поповски В. и Г. (15-42,86%), а најмалку во учебникот на Радевски Т. и Н. (7-20%).

Музичко – уметничките текстови најмногу ги има во учебникот на Поповски В. и Г. (10-28,57), а најмалку во учебникот на Љафтова С. (4-11,76%).

***Учебници од II одделение*** - чија завршна примена беше учебната 2007/2008 година

*Табела 3: Видови текстови во учебниците од II одделение*

| | *Видови текстови* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Музички* | | | *Уметнички* | | | *Музичко-уметн..* | | |
| *Автори* | f | N | % | f | N | % | F | N | % |
| *Радевски Т. РадевскаН.* | 16 | 31 | 51,61 | 6 | 31 | 19,35 | 9 | 31 | 29,03 |
| *Љафтова С.* | 11 | 27 | 40,74 | 15 | 27 | 55,55 | 1 | 27 | 3,70 |
| *Поповски В. Поповска Г* | 10 | 35 | 28,57 | 19 | 35 | 54,28 | 6 | 35 | 17,14 |

Од табелава 3 може да се види дека најмногу музички текстови се застапени во учебникот на Радевски Т. и Н. (16-51,61%) а најмалку во учебникот на Поповски В. и Г. (10-8,57%)

Уметнички текстови најмногу се застапени во учебникот на Поповски В. и Г. (19-54,28), а најмалку во учебникот на Радевски Т. и Н. (6-19,35%).

Музичко – уметнички текстови најмногу се застапени во учебникот на Радевски Т. и Н. (9-29,03%), а најмалку во учебникот на Љафтова С. (1-3,70).

***Учебници од III одделение***

*Табела 4: Видови текстови во учебниците од III одделение*

| | *Видови текстови* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Музички* | | | *Уметнички* | | | *Музичко-умет..* | | |
| *Автори* | F | N | % | f | N | % | f | N | % |
| *Радевски Т. Радевска Н.* | *32* | *72* | *44,44* | *17* | *72* | *23,61* | *23* | *72* | *31,94* |
| *Поповски В. Поповска Г* | *16* | *41* | *39,02* | *16* | *41* | *39,02* | *9* | *41* | *21,95* |
| *Витанова А. Атанасов З.* | *19* | *47* | *40,42* | *7* | *47* | *14,89* | *21* | *47* | *44,68* |

Од табелава 4 може да се согледа дека повеќе видови текстови музички, уметнички, музичко – уметнички се застапени во учебникот на Радевски Т. и Н. отколку кај учебниците на Поповски В. и Г. и Витанова, А , Атанасов, З. Вкупниот број на текстови кај Радевски Т. и Н. е 72 и е поголем од колку кај учебниците на Поповски В. и Г.- 41. и Витанова, А, Атанасов, З. – 47.

***Учебници од IV одделение***

*Табела 5: Видови текстови во учебниците од IV одделение*

| | Видови текстови | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Музички | | | Уметнички | | | Музичко-умет. | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | f | N | % |
| Радевски Т. Радевска Н. | 41 | 80 | 51,25 | 10 | 80 | 12,50 | 29 | 80 | 36,25 |
| Витанова А. Атанасов З. | 25 | 53 | 47,17 | 16 | 53 | 30,19 | 12 | 53 | 22,64 |

Од табелава 5 може да се согледа дека учебникот на Радевски Т. и Н. има поголем вкупен број на текстови -80 од учебникот на Витанова А. и Атанасов З. -53, а е и поголем бројот на видовите текстови како што се музичките (41-51,25%) и музичко-уметнички (29-36,25%).

Уметнички текстови има повеќе во учебникот на Витанова А. и Атанасов З. (16-30,19%).

***Учебници од V одделение***

*Табела 6: В идови текстови во учебниците одV одделение*

| | Видови текстови | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Музички | | | Уметнички | | | Музичко-умет. | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | f | N | % |
| Радевски Т. Стојков С. Колев В-Ж | 24 | 69 | 34,78 | 11 | 69 | 15,94 | 34 | 69 | 49,27 |
| Витанова А. Атанасов З. Димова С. | 37 | 83 | 44,58 | 19 | 83 | 22,89 | 27 | 83 | 32,53 |
| Поповски В. Ѓеорѓиевски Г. | 30 | 62 | 48,38 | 18 | 62 | 29,03 | 14 | 62 | 22,58 |

Од табела 6 се гледа дека во учебниците во V одделение од аспект видови текстови најмногу музички текстови 37 – 44,58 се сретнува во учебникот од авторите Витанова А, Атанасов З., Димова С., а најмалку

музички текстови 24 – 34,78% има во учебникот од авторите Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж.

Во поглед на уметничките текстови најмногу се застапени 19-22,89% во учебникот од Витанова А., Атанасов З., Димова С., а најмалку 11 – 15,94% во учебникот од авторите Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж.

Во поглед на музичко-уметничките текстови, нивна најзастапеност 34-49,27% има во учебникот од авторите Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж., а најмала застапеност 14-22,58% во учебникот од авторите Поповски В., Георгиевски Г.

***Учебници од VI одделение*** - чија завршна примена беше во учебната 2007/2008 година

*Табела 7: Видови текстови во учебниците одVI одделение*

| | *Видови текстови* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Музички* | | | *Уметнички* | | | *Музичко-умет.* | | |
| *Автори* | f | N | % | f | N | % | f | N | % |
| *Радевски Т. Стојков С. Колев В-Ж* | *18* | *63* | *28,57* | *7* | *63* | *11,11* | *38* | *63* | *60,32* |
| *Витанова А. Атанасов З. Димова С.* | ***36*** | ***67*** | ***53,73*** | ***17*** | ***67*** | ***25,37*** | ***14*** | ***67*** | ***20,89*** |

Од табелава бр. 7 може да се види дека поголема застапеност на музички текстови 36- 53,73% има во учебникот од авторите Витанова А., Атанасов З., Димова С., додека во учебникот од авторите Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж застапеноста на музичките текстови е 18-28,57%.

Во однос на уметничките текстови поголема застапеност 17 – 25,37% има во учебникот од Витанова А., Атанасов А., Димова С. во однос на учебникот од авторите Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж 7-11,11%.

Од аспект на музичко-уметничките текстови најголема застапеност 38-60,32% има во учебникот од Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж, а мала застапеност 14-20,89% има во учебникот од Витанова А., Атанасов З., Димова С.

***Учебници од VII одделение***

*Табела 8: Видови текстови во учениците одVII одделение*

| | Видови текстови | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Музички | | | Уметнички | | | Музичко-умет. | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | f | N | % |
| Радевски Т. | 5 | 70 | 7,14 | 36 | 70 | 51,43 | 29 | 70 | 41,43 |
| Витанова А. Атанасов З. Анѓеловска В. | 8 | 80 | 10,00 | 57 | 80 | 71,25 | 15 | 80 | 18.75 |
| Поповски В. Георѓиевски Г. | 8 | 42 | 19,05 | 29 | 42 | 69,05 | 5 | 42 | 11,90 |

Од табелава 8 може да се види дека иста застапеност 8 – 10,00% музички текстови има во учебникот од Витанова А., Атанасов З., Вангеловска В. и 8-19,05% во учебникот на Поповски В., Георгиевски Г. Помала застапеност 5- 7,14% има во учебникот од Радевски Т.

Во поглед на уметничките текстови најголема застапеност 57-71,25% има во учебникот од Витанова А., Атанасов З., Анегловска В., а најмала застапеност 29-69,05% во учебникот од Поповски В., Георгиевски.

Музичко-уметничките текстови најмногу се застапени 29-41,43% во учебникот од Радевски Т., а најмала застапеност 5-11,90% е присутна во учебникот од Поповски В, Георгиевски Г.

***Учебници од VIII одделение***

*Табела 9: Видови текстови во учебниците одVIII одделение*

| | Видови текстови | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Музички | | | Уметнички | | | Музичко-умет. | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | f | N | % |
| Радевски Т. Радевска Н. | 5 | 76 | 6,58 | 40 | 76 | 52,63 | 31 | 76 | 40,79 |
| Витанова А. Атанасов З. Маљановска В. | 8 | 57 | 14.03 | 42 | 57 | 73,68 | 7 | 57 | 12.28 |
| Поповски В. Георѓиевски Г. | 12 | 44 | 27,27 | 24 | 44 | 54.54 | 8 | 44 | 18,18 |

Од табелава 9 може да се согледа дека најголема застапеност на музички текстови 12 -27, 27% има во учебникот од Поповски В., Георгиевски Г., а најмала застапеност 5-6 58% има во учебникот од Радевски Т., Радевска Н.

Најголема застапеност на уметнички текстови 42-73,68% е присутна во учебникот од Витанова А., Атанасов З., Милјановска В., а најмала застапеност 24-54,54% во учебникот од Поповски В., Георгиевски Г.

Во поглед на музичко-уметничките текстови најголема застапеност 31-40,79 има во учебникот од Радевски Т., Радевска Н., а најмала застапеност 7-12,28% е присутна во учебникот од Витанова А., Атанасов З., Малјановска В.

Од нумеричките показатели од табеливе очигледно се согледува дека постои различна застапеност на видовите текстови во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение. Овој факт може да се докаже и со резулатите од испитаните ставови, мислења на наставниците од второто прашање од анкетниот лист – скалер. Може да се види табела 10.

2. Според Вашето мислење кои видови текстови треба да бидат застапени во учебникот по музичко образование?
(Заокружете алтернативи по Ваш избор)

*Табела 10: Ставови на наставници за застапеноста на видови текстови во учебникот по музичко образование*

| Видови текстови | f | N | % |
|---|---|---|---|
| а) музички текст | 23 | 94 | 23,47 |
| б) уметнички текст | 6 | 94 | 6,12 |
| в) музичко– уметнички текст | 76 | 94 | 77,55 |

Од табелава се гледа дека 76 испитаници – 77,55% сметаат дека треба да биде застапен музичко-уметнички текст. 23 испитаници – 23,47% сметаат дека треба во учебникот да биде застапен музичкиот текст, а најмалку 6 испитаници – 6,12% сметаат дека треба да биде застапен уметничкиот текст.

Показателите од анализата на учебниците, како и ставовите на наставниците ја докажуваат втората хипотеза дека одделните видови текстови имаат различен степен на застапеност во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.

Третата хипотеза – *Застапеноста на музичко- уметничките текстови во учебникот по музичко образование е од приоритетно значење за наставниците* – може да се докаже со резултатите од мислењата на наставниците имплицирани во табела 11.

3. Според Вашето мислење кој вид текст треба да биде приоритетен во учебникот по музичко образование?
(Заокружете само една алтернатива)

*Табела 11: Ставови на наставниците за избор на приоритетност на видовите текстови*

| Видови текстови | f | N | % |
|---|---|---|---|
| а) музички текст | 27 | 96 | 28,12 |
| б) уметнички текст | 5 | 96 | 5,21 |
| в) музичко– уметнички текст | 64 | 96 | 66,67 |

Од табелава 11 се гледа дека 64 испитаници – 66,67% наставниците за приоритетен го сметаат музичко – уметничкиот текст.

Се пресмета $X^2$=55,53; df=2; p< 0.01. Оваа пресметана вредност на $X^2$ (55,53%) потврдува дека разликата во одговорите што ги дале наставниците е статистички значајна на ниво на значајност од 0.01.

Со овие показатели се прифаќа третата хипотеза.

Во контекст на четвртата хипотеза – *Во поголемиот дел од учебниците по музичко образование од I-VIII одделение преовладува репродуктивниот тип на прашања, задачи и вежби* – првично се елаборира застапеноста на вкупниот број прашања, задачи, вежби во постојните учебници. Се анализира дидактичката апаратура во учебниците и се имплицира табеларно.

***Учебници од I одделение***

*Табела 12: Дидактичка апаратура во учебниците од I одделение*

| | Дидактичка апаратура | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прашања | | | Задачи | | | Вежби | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | F | N | % |
| Радевски Т. Радевска Н. | 24 | 60 | 40 | 26 | 60 | 43,33 | 10 | 60 | 16,67 |
| Љафтова С. | 9 | 24 | 37,5 | 15 | 24 | 62,5 | / | 24 | / |
| Поповски В. Поповска Г. | 12 | 13 | 92,31 | / | 13 | / | 1 | 13 | 7,69 |

Од табелата 12 може да се види дека најобемна дидактичка апаратура – 60 има во учебникот на Радевски Т. и Н., а најмала апаратура 13 – има учебникот на Поповски, В и Г.

Да конкретизираме, најмногу прашања (24-40%) има учебникот на Радевски Т. и Н., а најмалку прашања има во учебникот на Љафтова С. (9-37,5%)

Најмногу задачи - (26-43,33%) има во учебникот на Радевски Т. и Н., а воопшто нема задачи во учебникот на Поповски В. и Г.

Најмногу вежби – (10-16,67) има во учебникот на Радевски Т. и Н., една вежба – (1-7,65%) во учебникот на Поповски В. и Г., а во учебникот на Љафтова С. нема ниту една вежба.

***Учебници од II одделение***

*Табела 13: Дидактичка апаратура во учебниците од II одделение*

| | Дидактичка апаратура | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прашања | | | Задачи | | | Вежби | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | f | N | % |
| Радевски Т. Радевска Н. | 39 | 68 | 57,35 | 24 | 68 | 35,60 | 5 | 68 | 7,35 |
| Љафтова С. | 8 | 17 | 47,06 | 6 | 17 | 35,29 | 3 | 17 | 17,65 |
| Поповски В. Поповска Г. | 22 | 29 | 75,86 | 6 | 29 | 20,69 | 1 | 29 | 3,45 |

Од табелава 13 може да се забележи дека најобемна дидактичка апаратура – 68 има учебникот од Радевски Т. и Н., а најмала 17 учебникот на Љафтова С.

Со разгледување на деловите на дидактичката апаратура може да се воочи дека најмногу прашања има (39-57.35%) има во учебникот на Радевски Т. и Н., а најмал број прашања (8-47,06%) има во учебникот на Љафтова С.

Најголем број задачи (24-35,60%) има во учебникот на Радевски Т. и Н., а ист број задачи има во учебниците на Љафтова С. (6-35,29%) и Поповски В. и Г. (6-20,69).

Вежби најголем број има во учебникот на Радевски Т. и Н. (5-7,35%) најмалку само една вежба (1-3,45%) во учебникот на Поповски В. и Г.

Пред да се анализира дидактичката апаратура во учебниците од III-IV одделение треба да се истакне дека оваа апаратура во концепирањето од авторите е пообемна, од аспект на фондот на часовите кој е 2 часа неделно, односно 72 часа годишно, а учебниците се и со поголем број страници.

***Учебници од III одделение***

*Табела 14: Дидактичка апаратура во учебниците од III одделение*

| | Дидактичка апаратура | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прашања | | | Задачи | | | Вежби | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | f | N | % |
| Радевски Т. Радевска Н. | 104 | 259 | 40,16 | 125 | 259 | 48,26 | 30 | 259 | 11,58 |
| Поповски В. Поповска Г. | 31 | 56 | 55,36 | 10 | 56 | 17,86 | 15 | 56 | 26,78 |
| Витанова, А. Атанасов, З. | 30 | 47 | 63,83 | 6 | 47 | 12,76 | 11 | 47 | 23,40 |

Од табелава 14 може да се согледа дека вкупниот број прашања, задачи, вежби во учебникот на Радевски Т. и Н. е 259 и е четири пати поголем од учебникот на Поповски В.и Г. – 56., а пет пати поголем од учебникот на Витанова, А, и Атанасов, З. 47.

Од квантитативните податоци од табелава 11 може да се согледа дека во учебникот на Радевски Т. и Н. има поголем број прашања, задачи, вежби од преостанатите два учебника.

***Учебници од IV одделение***

*Табела 15: Дидактичка апаратура во учебниците од IV одделение*

| | *Дидактичка апаратура* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Прашања* | | | *Задачи* | | | *Вежби* | | |
| *Автори* | *f* | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* |
| *Радевски Т. Радевска Н.* | *172* | *318* | *54,89* | *129* | *318* | *40,57* | *17* | *318* | *5,34* |
| *Витанова А. Атанасов З.* | *34* | *49* | *69,39* | *10* | *49* | *20,41* | *5* | *49* | *10,20* |

Од изложениве квантитативни податоци во табела 15 може да се согледа дека дидактичката апаратура во учебникот на Радевски Т и Н. N=318, е шест пати пообемна од дидактичката апаратура на учебникот од Витанова А., Атанасов З.

Целосната дидактичка апаратура со прашања, задачи, вежби во учебникот на Радевски Т. и Н. е значително поголема од апаратурата составена од прашања, задачи и вежби во учебникот од Витанова А. , Атанасов З.

***Учебници од V одделение***

*Табела 16: Дидактичка апаратура во учебниците од V одделение*

| | *Дидактичка апаратура* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Прашања* | | | *Задачи* | | | *Вежби* | | |
| *Автори* | f | N | % | f | N | % | f | N | % |
| *Радевски Т. Стојков С. Колев В-Ж* | 87 | 150 | 58,00 | 45 | 150 | 30,00 | 18 | 150 | 12,00 |
| *Витанова А. Атанасов З. Димова С.* | 20 | 41 | 48,78 | 15 | 41 | 36,59 | 6 | 41 | 14,63 |
| *Поповски В. Георгиевски Г.* | 38 | 54 | 70,37 | 7 | 54 | 12,96 | 9 | 54 | 16,67 |

Од табелата 16 може да се види дека дидактичката апаратура во учебникот на Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж е најобемна N = 150, е трипати поголемо од дидактичката апаратура во другите два учебника.

Од табеларниот приказ може да се види дека најмалку прашања 20 – 48, 78% и вежби 6 – 14,63% има во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Димова С. во однос на другите два учебника.

Од видот дидактичка апаратура - задачи најмала застапаност 7-12,96% има во учебникот од авторите Поповски В., Георгиевски Г.

***Учебници од VI одделение***

*Табела 17: Дидактичка апаратура во учебниците од VI одделение*

| | *Дидактичка апаратура* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Прашања* | | | *Задачи* | | | *Вежби* | | |
| *Автори* | f | N | % | f | N | % | f | N | % |
| *Радевски Т. Стојков С. Колев В-Ж* | 53 | 110 | 48,18 | 37 | 110 | 33,64 | 20 | 110 | 18,18 |
| *Витанова А. Атанасов З. Димова С.* | 11 | 17 | 64,71 | 6 | 17 | 35,29 | / | 17 | / |

Од табела 17 може да се види дека дидактичката апаратура во учебникот од Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж. е N = 110, шест пати пообемна од дидактичката апаратура во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Димова С. е N = 17 во која нема ниту една вежба, а минимално се присутни прашања 11-64,71%, а шест вежби – 35, 29%.

***Учебници за VII одделение***

*Табела 18: Дидактичка апаратура во учебниците од VII одделение*

| | *Дидактичка апаратура* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Прашања* | | | *Задачи* | | | *Вежби* | | |
| *Автори* | *f* | N | *%* | f | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* |
| *Радевски Т.* | *69* | *93* | *74,19* | *23* | *93* | *24,73* | *1* | *93* | *1,08* |
| *Витанова А. Атанасов З. Ангеловска В.* | *4* | *5* | *80,00* | *1* | *5* | *20.00* | */* | *5* | */* |
| *Поповски В. Георгиевски Г* | *41* | *53* | *77,36* | *12* | *53* | *22,64* | */* | *53* | */* |

Од квантитативните податоци може да се согледа дека најобемна е дидактичката апаратура во учебникот на Радевски Т. N=93, двапати е помала во однос на овој учебник N=53 апаратурата во учебникот од авторите Поповски В., Георгиевски Г., а осумнаесет пати е помала N=5 во однос на учебникот на Радевски Т. и дидактичката апратура од Витанова А., Атанасов З., Ангеловска В. Премногу сиромашната дидактичка апаратура во овој учебник упатува на прашањето:Која е причината за присуството на минимална дидактичка апаратура? Овој факт сигнализира за отсуство на комплексност, целосност на дидактичките димензии на учебникот.

***Учебници за VIII одделение***

*Табела 19: Дидактичка апаратура во учебниците од VIII одделение*

| | Дидактичка апаратура | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прашања | | | Задачи | | | Вежби | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | f | N | % |
| Радевски Т. Радевска Н. | 45 | 60 | 75,00 | 14 | 60 | 23,33 | 1 | 60 | 1,67 |
| Витанова А. Атанасов З. Малјановска В | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Поповски В. Георѓиевски Г | 68 | 88 | 77,27 | 20 | 88 | 22,73 | / | 88 | / |

Од табелава 19 може да се види дека пообемна дидактичка апаратура N = 88 има во учебникот од Поповски В., Георгиевски Г.

Во учебникот од Радевски Т. и Радевска Н. квантитативната застапеност на дидактичката апаратура е N = 60, прашањата 45 – 75,00% задачи 14 – 23,33%, вежби 1-1,67%.

Дидактичката апаратура отсуствува во учебникот од Витанова А., Атанасов З., Малјановска В. и би се поставило прашањето: Зошто авторите не концепирале дидактичка апаратура во нивниот учебник? Ова отсуство на дидактичка апаратура е голем пропуст и слабости во користењето на учебникот од страна на ученикот, а со тоа се намалува комуникациската компетентност и квалитет на овој учебник.

Во функционално продолжение на трудот ќе ја истакнеме застапеноста на репродуктивни и продуктивни прашања, задачи, вежби во секој учебник поодделно, кој претходно е темелно проучувано.

Во учебникот за I одделение од Радевски Т. и Н. може да се согледа дека има повеќе прашања започнуваат со прашалните зборови Како?, Каков?, Каква? Со кој?, На кој?, Која?, Кој?, Зошто?

Има и продуктивни задачи кои почнуваат со зборовите: состави музичка вежба, опиши и сл.

Да го проследиме видот дидактичка апаратура по одделни наставни содржини од учебникот:

*Страна 12-* Во содржината *Приспивна песна* дидактичката апаратура се однесува на музиката за слушање и уметничкиот текст. Во оваа содржина има едно репродуктивно прашање и една репродуктивна задача.

*Страна 17-* Содржината *Дедо Мраз* има една репродуктивна задача и едно репродуктивно прашање.

*Страна 19.* Во содржината *Пееме...* репродуктивната задача се однесува за развивање чувство за мелодија и правилно поставување на вокалигте при пеење.

*Страна 22* – Содржината *Твориме, дополнуваме, пееме, свириме...* има продуктивна задача која се однесува на музичкиот запис во смисла да се состави вежба со долги и кратки траења.

*Страна 24* – Во соджината *Колку прашања толку одговори* проникнуваат 8 репродуктивни прашања во функција на слушањето музика Слон од Камиј Сенс Санс.

*Страна 25-* Во содржината *Мамо, пееме и свириме за тебе* има една репродуктивна и една продуктивна задача во контекст на музичко – уметничкиот текст.

*Страна 27-* Содржината *Довикување* содржи репродуктивна задача во функција на основите на музичката писменост за доживување ку-ку-мотив со тонот ми.

*Страна 29-* Во содржината *Бумбаров лет* од Корсаков – Слушање музика проникнуваат 3 репродуктивни прашања и една репродуктивна задача, како и една продуктивна задача во насока на слушањето музика.

Пример:

1. Која композиција ја свират бумбарите?
   (напишете го насловот над сликата)
2. Опиши летање на бумбар.
3. Поголема група на инструменти кои свират заедно се вика:
4. Кој инструмент препознаваш за време на слушањето?

5. Каква е оваа композиција?

   БАВНА БРЗА УМЕРЕНА

   (заокружи го точниот одговор)

*Страна 32-* Содржината *Смелиот јавач* од Роберт Шуман – Слушање музика има една репродуктивна задача и 5 репродуктивни прашања фокусирани на слушаната музика.

*Страна 34-* Во содржината *Проверка на знаењата* има едно репродуктивно прашање и 4 продуктивни задачи во функција на изучените музички содржини.

*Страна 35-* Во содржината *Славејче* има едно репродуктивното прашање и една репродуктивна задача кои се однесуваат на музичко-уметничкиот текст.

*Страна 37-* Содржината *Музички инструменти* содржи една репродуктивна задача во насока на препознавање на музичките инструменти.

*Страна 39-* Содржината *Творечко катче* содржи 4 продуктивни задачи во функција на развивање на музичката креативност на ученикот.

Во учебникот за I одделение од Љафтова С. сите прашања и задачи се репродуктивни, нема продуктивна апаратура. Прашањата и задачите започнуват со прашалните зборови Како? Со кој? Која? Што? Каква?

Да ја проследиме и репродуктивната дидактичка апаратура по одделни наставни содржини од учебникот.

*Страна 9-* Во содржината *Да се запознаеме со инструментите* има две репродуктивни задачи.

*Страна 10-* Содржината *Рамномерни ритмички траења* има 1 репродуктивна задача.

*Страна 11-* Во содржината *Бројалка Ени, мени, сени* има 2 репродуктивни задачи

*Страна 12* – Содржината *Марш на цуцињата* содржи 2 репродуктивни задачи и 2 репродуктивни прашања

*Страна 17-* Во содржината *Пееме високо – ниско* има 2 репродуктивни задачи

*Страна 18-* Содржината *Танц на снегулки* од композиторот Клод Дебиси – слушање музика има 1 репродуктивна задача и 2 репродуктивни прашања

*Страна 21-* Во содржината *Весели свирачи* – слушање музика има само една репродуктивна задача

*Страна 22-* Содржината *Музички инструменти (повторуваме)* има само 1 репродуктивна задача

*Страна 25-* Во содржината *Различни ритмички траења* има 1 репродуктивна задача

*Страна 26-* Содржината *Броиме со музички инструменти* содржи 3 репродуктивна задачи

*Страна 31-* Во содржината *Изразуваме чувства* има само 1 репродуктивно прашање

*Страна 32-* Во содржината *Долги и кратки траења* со сретнува само 1 репродуктивна задача

*Страна 34-* Содржината *Цвет за мама* содржи 1 репродуктивна задача

*Страна 39-* Во содржината *Лет на бумбарот* – слушање музика има 2 репродуктивни задача и 2 репродуктивни прашања

Во учебникот за I одделение од Поповски В. и Г. целата дидактичка апаратура е репродуктивна со прашалните зборови: Како?, Со кој?, Каков?, Какви?, Каква?, а нема ниту едно продуктивно прашање, задача, вежба.

До страна 15 од учебникот нема никаква дидактичка апаратура.

*Страна 15 -* Во содржината *Дивиот јавач* има 2 репродуктивни прашања

*Страна 19-* Во содржината *Тага за ластовичката* – слушање музика има само едно репродуктивно прашање

*Страна 22-* Во содржината *Танц на снегулките* – слушање музика има 2 репродуктивни прашања

Пример:

1. Со кој музички инструмент е исполнето музичкото дело?
2. Во каков вид е исполнето музичкото дело?

   Заокружи

   а) пеење (вокално)

   б) свирење (инструментално)

   в) пеење и свирење (вокално-инструментално)

*Страна 26*- Во содржината *Крокодил* – слушање музика има две репродуктивни прашања

*Страна 31*- Содржината *Пролетна песна* содржи 2 репродуктивни прашања

*Страна 36*- Содржината *Роден крај* – слушање музика содржи 1 репродуктивно прашање

*Страна 39*- Содржината *Игра во полето* – пеење песна содржи 2 репродуктивни прашања

Во учебникот за II одделение од Радевски Т. и Н. поголем број се репродуктивни прашања, задачи, вежби кои започнуваат со прашалните зборови: Кој?, Во кој?, Која?, На кој?, Кое?, Со која?, Со кој?, Каков?, Каква?, Какви?, Со каква?, Како?, Што?, По што?, Избери?, Спореди?,

Помал број се продуктивни прашња, задачи и вежби со почетните зборови: состави, напиши вежби.

*Страна 5* – Во содржината *Што знаеш за нашиот училишен хор* има 12 репродуктивни прашања, 1 продуктивна задача кои се насочени на слушаната хорска композиција

*Страна 7*- Содржината *Свириме и пееме* дава можности ученикот творечки да се изрази да дополни и состави вежби и да ги отсвири при што се остварува директен контакт со музиката. Во оваа насока се 4 репродуктивни задачи и 1 продуктивна вежба

*Страна 8*- Содржината *Детска симфонија* од Јозеф Хајдн – слушање музика има 1 репродуктивна задача на воочување на фрекфетноста на јавување на детски инструменти

*Страна 9-* Во содржината *Мелодиски мотив сол-ми* е дадено репродуктивно прашање на споредба високо – ниско и продуктивна вежба на изразување преку составување мелодија со тонови сол-ми

*Страна 10-* Во содржината *Паѓаат листенца* дидактичката апаратура се однесува на суштинските елементи на песната: чувството кое го буди песната, споредба на мелодиите на секој стих поодделно. Во овој контекст има 3 репродуктивни прашања и 2 продуктивни задачи

*Страна 15-* Содржината *Лебед* од Камиј Сен Санс- слушање музика содржи 5 репродуктивни прашања и 2 репродуктивни задачи

*Страна 16-* Во содржината *Тонот ла* има една продуктивна задача во функција на вежбите

*Страна 21-* Содржината *Музичките инструменти раскажуваат* која е имлицирана преку слушање музика Петре и волкот од Сергеј Прокофјев содржи 2 репродуктивни прашања и 1 продуктивно прашање на споредување на звучноста на музиката на мачката кога ја брка птичката и кога се појавува волкот.

*Страна 28-* Во содржината *Мајка* има 2 репродуктивни прашања, 1 репродуктивна задача и 2 продуктивни задачи. Од 1 продуктивна задача се бара од ученикот да состави кратка програма по повод свечениот празник на мајката 8-ми март.

*Страна 9-* Во содржината *Деца на Македонија* има една репродуктивно прашање и една репродуктивна задача.

*Страна 78-* Содржината *Хорско пеење* содржи само едно репродуктивно прашање.

*Страна 98-* Во содржината *Тома Прошев* се застапени само две репродуктивни прашања.

Во учебникот за VII одделение од авторите Поповски В., Георгиевски Г. најголем број се репродуктивни прашања и задачи (вежби нема) кои започнуваат со прашалните зборови: Што?, Кои?, Дали?, Како?, Кои?, Какви?, Каков?, Од колку?, Кој?, Во какво?, Од кој?, Од каде?, Наброј..., Опиши...

*Страна 14-* Содржината *Хорско пеење* содржи 6 репродуктивни прашања и една репродуктивна задача.

*Страна 15-* Содржината *Илинденска* содржи 7 репродуктивни прашања.

Пример:

1. Какви се содржината и карактерот на музичкото дело?
2. Каков хор ја исполнува композицијата?
3. Од колку гласови е составен хорот и како се викаат тие?
4. Кој глас најмногу се слуша во почетокот на композицијата?
5. Во какво темпо е композицијата?
6. Преку што најмногу е изразен карактерот на композицијата?
7. Кој глас најмногу се слуша на крајот од композицијата?

*Страна 24 -* Во содржината *Музички инструменти* се присутни 7 репродуктивни прашања, 2 репродуктивни задачи, една продуктивна задача.

*Страна 42-* Содржината *Инструментална интерпретација* има 8 репродуктивни прашања и 4 репродуктивни задачи.

*Страна 43-* Содржината *Новогодишен концерт* содржи 2 репродуктивни задачи.

*Страна 53-* Содржината *Музички форми* се застапени 8 репродуктивни прашања.

*Страна 54-* Содржината *Менует* има 3 репродуктивни прашања и една репродуктивна задача.

*Страна 67-* Содржината *Народно музичко творештво* содржи 8 репродуктивни прашања и 3 репродуктивни задачи.

*Страна 68 –* Во содржината *Комитска легенда* се застапени 3 репродуктивни прашања и една продуктивна задача.

Во учебникот за VIII одделение од авторите Радевски Т., Радевска Н. може да се согледа дека се застапени прашања кои започнуваат со прашалните зборови: Кои?, Како?, Која?, Со кои?, Со колку?, Каква?, Колку?, Какви?, Како?, По што?, Дали?, Каква?, Со какво?, Како и насочувачките зборови за задачите, вежбите- Настојувај..., Запомни..., Уочи..., Определи...Објасни..., Обрни внимание..., Обиди се... и сл.

*Страна 4-* Во содржината *Провери го своето знаење за народната музика* има 11 репродуктивни прашања.

*Страна 11-* Содржината *Десетта ракатка* содржи едно репродуктивно прашање и една репродуктивна задача.

*Страна 18 –* Содржината *Полифонија и хомофонија* има едно репродуктивно прашање и 2 репродуктивни задачи.

*Страна 21-* Во содржината *Рондо* се содржат 4 репродуктивни прашања и една репродуктивна задача.

*Страна 28 -* Во содржината *Георг Фридрих Хендел: музика на вода* се сретнуваат 4 репродуктивни прашања и 2 репродуктивни задачи.

*Страна 38-*Содржината *Волфганг Амадеус Моцарт: Концерт за хорна и оркестар во D-dur II став алегро* содржи 3 репродуктивни прашања, 3 репродуктивни задачи и една продуктивна задача.

*Страна 40-*Содржината *Тема со варијации* има една репродуктивна задача.

*Страна 41 –* Во содржината *Петар Илич Чајковски: Концерт за пијано и оркестар во b-moll* се застапени 3 репродуктивни прашања и една репродуктивна задача.

Пример:

1. Во какво темпо се изведува воведниот дел на првиот став?
2. Определи ја музичката форма на воведната тема и уочи ги нејзините музички елементи (делови).
3. Како го доживуваш почетокот на концертот?
4. Кој е поважен – солистот или оркестарот или пак заеднички го создаваат расположението во композицијата?

*Сӣрана 68-* Содржината *Модесӣ Пеӣрович Мусорѓски: Слики од изложбаӣа–суиӣа* содржи 4 репродуктивни прашања и една репродуктивна задача.

*Сӣрана 71-* Во содржината *Арам Хачиӣуријан:* Гајане се застапени 5 репродуктивни прашања, една репродуктивна задача и една продуктивна задача.

Во учебникот за VIII одделение од авторите Витанова А., Атанасов З., Маљановска В. отсуствува – нема дидактичка апаратура.

Учебникот за VIII одделение од авторите Поповски В., Георгиевски Г. содржи репродуктивна дидактичка апаратура повеќе прашања започнуваат со прашалните зборови: Што?, Кој?, На кој?, Кои?, Кога?, Во кој?, Со што?, Кога?, Каде?, Од каде?, Како?, Колку?. Репродуктивните задачи започнуваат со зборовите: Наброј..., Настојувајте..., Препознајте...

*Сӣрана 16* –Во содржината *Народнаӣа музика во делаӣа на комӣозиӣориӣе* се застапени 4 репродуктивни прашања и 2 репродуктивни задачи.

*Сӣрана 27-*Содржината *Ренесанса* содржи 10 репродуктивни прашања, 1 репродуктивна задача.

*Сӣрана 35-* Содржината *Тема со варијации* има 9 репродуктивни прашања.

*Страна 35*-Содржината *Новогодишен концерт* содржи 3 репродуктивни задачи.

*Страна 37*- Во содржината *Програмска музика* е присутна една репродуктивна задача.

*Страна 37*- Во содржината *Апсолутна музика* се застапени 2 репродуктивни задачи и едно репродуктивно прашање.

*Страна 39*- Содржината *Црковна музика* содржи 7 репродуктивни прашања и една репродуктивна задача.

*Страна 50* - Содржината *Создавање на сценско остварување на операта* има 5 репродуктивни прашања и 4 репродуктивни задачи.

*Страна 50*- Во содржината *Оперета* се застапени 3 репродуктивни прашања и 2 репродуктивни задачи.

*Страна 52*- Во содржината *Балет* се сретнуваат 4 репродуктивни прашања и 1 репродуктивна задача.

*Страна 52* -Во содржината *Мјузикл* има 2 репродуктивни прашања.

*Страна 54*- Содржината *Драмска музика* содржи 7 репродуктивни прашања.

*Страна 57*- Содржината *Современа музика* има 8 репродуктивни прашања.

*Страна 6*1- Содржината *Забавна музика* содржи 4 репродуктивни прашања и 2 репродуктивни задачи.

*Страна 65*- Во содржината *Влијанието на џез и рок музиката во македонската забавна музика* се застапени 5 репродуктивни прашања и 2 репродуктивни задачи.

Од квалитативната анализа на репродуктивната и продуктивната дидактичка апаратура во учебниците од I-VIII одделение се докажува, прифаќа четвртата хипотеза за преовладувањето на репродуктивниот тип прашања, задачи, вежби во поголемиот дел од учебниците по музичко образование од I-VIII одделение.

Петтата хипотеза – *Наставниците сметаат дека во учебниците по музичко образование треба да бидат застапени повеќе продуктивни прашања, задачи, вежби* – се докажува со резултатите од табела 20.

4. Кои видови прашања, задачи, вежби треба да бидат застапени во учебникот по музичко образование?
   (Заокружете алтернативи по Ваш избор)

*Табела 20: Ставови на наставниците за застапеноста на видовите прашања, задачи, вежби*

| Видови прашања, задачи, вежби | f | N | % |
|---|---|---|---|
| а) репродуктивни прашања, задачи, вежби | 38 | 97 | 39,17 |
| б) продуктивни прашања, задачи, вежби | 68 | 97 | 70,10 |

Од оваа табелава се гледа дека 68 испитаници – 70,10% сметаат дека треба да бидат застапени повеќе продуктивни прашања, задачи, вежби во учебникот. Со овој висок процент во однос на преостанатиот 38-39,17% се докажува петтата хипотеза.

Шестата хипотеза–*Наставниците високо го оценуваат поттикнувањето на сознајната љубопитност за музика како функција на дидактичката апаратура на учебникот по музичко образование* – се експлицира со резултатот од табела 21.

5. Која е функцијата на прашањата, задачите, вежбите во учебникот по музичко образование?
(Заокружете алтернативи по Ваш избор)

*Табела 21: Ставови на наставниците за функцијата на прашања, задачи, вежби*

| Функција на прашања, задачи, вежби | F | N | % |
|---|---|---|---|
| а) ученикот да ги повтори изучените музички содржини | 36 | 98 | 36,73 |
| б) поттикнување сознајна љубопитност за музика | 55 | 98 | 57,29 |
| в) мотивирање почит и љубов кон музиката | 47 | 98 | 47,96 |
| г) интензивно емоционално восприемање и реагирање на музиката | 29 | 98 | 29,59 |
| д) развој на аналитички способности за воочување и доживување елементи на музичкиот израз | 43 | 98 | 43,88 |
| ѓ) иницирање на самопроверка на ученикот на неговите музички знаења, способности и умеења | 42 | 98 | 42,86 |
| е) поддршка за самостојно откривање нови музички содржини | 36 | 98 | 36,73 |

Од табелава се гледа дека 55 наставници – 57,29 највисоко го оценуваат поттикнувањето на сознајната љубопитност за музика во однос на другите функции. Со овој показател се прифаќа шестата хипотеза.

Седмата хипотеза – *Застапеноста на прашањата, задачите и вежбите според мислењето на наставниците да биде на крајот– по текстот во учебникот по музичко образование-* се докажува со резултатите дистрибуирање во табела 22.

6. Каква треба да биде застапеноста на прашањата, задачите, вежбите според локацијата (местото) во текстот?
(Заокружете само една алтернатива)

*Табела 22: Ставови на наставниците за застапеноста на прашања, задачи, вежби според локацијата во текстот*

| Застапеност на прашања, задачи, вежби според локација во текстот | F | N | % |
|---|---|---|---|
| а) воведни – пред текстот | 22 | 98 | 22,45 |
| б) со текстот | 28 | 98 | 28,57 |
| в) на крајот –по текстот | 48 | 98 | 48,98 |

Најмногу испитаници 48 – 48,98% сметаат дека прашањата, задачите, вежбите треба да бидат застапени на крајот – по текстот. 28 испитаници – 28,57% сметаат да бидат застапени со текстот и 22 – 22,45% да бидат застапени воведни пред текстот. Со овие нумерички показатели може да се прифати седмата хипотеза – застапеноста на дидактичката апаратура да биде на крајот по текстот во учебникот по музичко образование.

Со анкетниот лист скалер се испита ставот на наставниците од аспект на воспитно-образовното значење на прашањата, задачите, вежбите во учебникот по музичко образование. Според значењето наставниците оценуваа од 1-5.

7. Кое е воспитно – образовното значење на прашањата, задачите, вежбите во учебникот по музичко образование?
(Оценете од 1 до 5)

*Табела 23: Ставови на наставниците за воспитно-образовното значење на прашањата, задачите, вежбите*

| Воспитно-образовното значење на прашањата, задачите, вежбите | Ранг |
|---|---|
| а) развој на сознајна љубопитност за музика | 5 |
| б) самостојна употреба на учебникот по музичко образование | 1 |
| в) поттикнување на музичка креативност | 2 |
| г) формирање естетски вкус за разни видови музика | 3 |
| д) интерактивна музичка комуникација помеѓу наставникот и ученикот | 4 |

Од табелата 23 се гледа дека најголемо воспитно-образовно значење наставниците дале на самостојната употреба на учебникот по музичко образование. На второ место е рангирано поттикнувањето на музичка креативност, а на петто место развојот на сознајна љубопитност за музика.

Осма хипотеза – *Наставниците сметаат прашањата, задачите, вежбите од учебникот по музичко образование доволно се користат на наставниот час* – се докажува со резултатите од табелата 24.

8. Колку прашањата, задачите вежбите од учебникот се користат на наставниот час, во наставата?
(Заокружете само една алтернатива)

*Табела 24: Ставови на наставниците за користење прашања, задачи, вежби на наставен час*

| Користење прашања, задачи, вежби на наставен час | f | N | % |
|---|---|---|---|
| а) многу се користат | 28 | 97 | 28,86 |
| б) доволно се користат | 56 | 97 | 57,73 |
| в) недоволно се користат | 12 | 97 | 12,37 |
| г) не се користат | 1 | 97 | 1,03 |

Од табелава се гледа дека 56 испитаници – 57,73 сметаат дека доволно се користат на наставниот час прашањата, задачите, вежбите од учебникот. Само еден испитаник 1,03% одговорил дека не се користат.

Се пресмета вредноста на $X^2$ =70,63; df=3; p<0.01. Пресметаната вредност на $X^2$ (70,63) потврдува дека разликата во одговорите што ги дале наставниците е статистички значајна на ниво на значајнот од 0.01.

Со овие показатели се прифаќа, докажува осмата хипотеза.

Деветата хипотеза – *Наставниците сметаат дека учениците со задоволство ги користат прашањата, задачите, вежбите во учебникот по музичко образование* – се докажува со квантитативните податоци од табела 25.

9. Каков е односот на учениците кон прашањата, задачите, вежбите во учебникот по музичко образование?
   (Заокружете само една алтернатива)

*Табела 25: Ставови на наставниците за односот на учениците кон прашањата, задачите, вежбите во учебникот*

| Односот на учениците кон прашањата, задачите, вежбите во учебникот | f | N | % |
|---|---|---|---|
| а) учениците со задоволство ги користат | 60 | 98 | 61,22 |
| б) делумно ги користат | 38 | 98 | 38.78 |
| в) не ги користат | / | 98 | / |

60 испитаници, 61,22% сметаат дека учениците со задоволство ги користат прашањата, задачите, вежбите во учебникот. 38 – 38,78% сметаат дека делумно ги користат.

Со високиот процент 60 – 61,22% се прифаќа деветата хипотеза.

Десетата хипотеза- *Бројот на видовите илустрации е различно застапен во учебниците по музичко образование од I-VIII одделение* – првично се докажува со анализата на илустрациите во постојните учебници.

***Учебници од I одделение***

*Табела 26: Видови илустрации во учебниците од I одделение*

| | Видови илустрации | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Водечки | | | Истозначни | | | Помошни | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | F | N | % |
| Радевски Т. Радевска Н. | 44 | 151 | 29,14 | 66 | 151 | 43,70 | 41 | 151 | 27,15 |
| Љафтова С. | 24 | 101 | 23,76 | 27 | 101 | 26,73 | 50 | 101 | 49,50 |
| Поповски В. Поповска Г. | 26 | 77 | 33,77 | 35 | 77 | 45,45 | 16 | 77 | 20,78 |

Од табелата 26 може да се види дека најмногу илустрации N=151 има во учебниците од Радевски Т., Радевска Н., а најмалку N=77 во учебникот од Поповски В. и Поповска Г..

Најмногу водечки илустрации 44-29,14% има во учебникот на Радевски Т., Радевска Н., а најмалку водечки илустрации има во учебникот на Љафтова С., 24-23,76%.

Истозначни илустрации најмногу има во учебникот на Радевски Т., Радевска Н., 66-43,70, а најмалку истозначни илустрации има во учебникот на Љафтова С. 27-26,73%.

Помошни илустрации најмногу се застапени во учебникот на Љафтова С. 50-49,50%. Најмалку помошни илустрации има во учебникот од Поповски В., Поповска Г. 16-20,78%.

***Учебници од I одделение***

*Табела 27: Застапеноста на илустрации и слики во учебниците од I одделение*

| | *Илустрации* | | | *Слики* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Автори* | *f* | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* |
| *Радевски Т. Радевска Н.* | *151* | *151* | *100* | */* | *151* | */* |
| *Љафтова С.* | *101* | *101* | *100* | */* | *101* | */* |
| *Поповски В. Поповска Г.* | *65* | *77* | *84,42* | *12* | *77* | *15,58* |

Од аспект на застапеноста на илустрации и слики од табелата 27 може да се види дека во учебникот од Радевски Т., Радевска Н. како и во учебникот од Љафтова С. нема слики, застапени се само илустрациите од уметнички карактер, а во учебникот на Поповски В., Поповска Г. има само 12 слики – 15,58% во однос на вкупниот број 77 илустрации.

***Учебници од II одделение***

*Табела 28: Видови илустрации во учебниците од II одделение*

| | *Видови илустрации* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Водечки* | | | *Истозначни* | | | *Помошни* | | |
| *Автори* | *f* | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* | *F* | *N* | *%* |
| *Радевски Т. Радевска Н.* | *54* | *125* | *43,20* | *58* | *125* | *46,40* | *13* | *125* | *10,40* |
| *Љафтова С.* | *10* | *39* | *25,64* | *1* | *39* | *2,56* | *28* | *39* | *71,79* |
| *Поповски В. Поповска Г.* | *13* | *61* | *21,31* | *28* | *61* | *45,90* | *20* | *61* | *32,79* |

Од табелата 28 се согледува дека најмногу илустрации N= 125 има во учебникот од Радевски Т., Радевска Н. Во однос на овој учебник трипати помалку илустрации N=39 има во учебникот од Љафтова С. а два пати помалку N=61 во учебникот од Поповски В., Поповска Г.

Водечки илустрации најмногу има 54-43,20% во учебникот на Радевски Т., Радевска Н., а најмалку 10-25,64% во учебникот на Љафтова С

Истозначни илустрации има најмногу 58-46,40% во учебникот на Радевски Т., Радевска Н., а најмалку 1-2,56% во учебникот на Љафтова С.

Помошни илустрации има најмногу 28-71,79% во учебникот на Љафтова С., а најмалку 13–10,40% во учебникот на Радевски Т., Радевска Н.

*Учебници од II одделение*

*Табела 29: Застапеност на илустрации и слики во учебниците од II одделение*

| | *Илустрации* | | | *Слики* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Автори* | *f* | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* |
| *Радевски Т. Радевска Н.* | *125* | *125* | *100* | / | / | / |
| *Љафтова С.* | *35* | *39* | *89,74* | *4* | *39* | *10,26* |
| *Поповски В. Поповска Г.* | *54* | *61* | *88,52* | *7* | *61* | *11,48* |

Од аспект на застапеноста на видот – илустрации и слики од табелата 29 се гледа дека во учебникот на Радевски Т., Радевска Н. се застапени само илустрации од уметнички карактер N=125.

Во учебникот на Љафтова С. има најмногу илустрации 35-89,74%, а слики 4-10,26%.

Во учебникот на Поповски В.Поповска Г. најмногу се застапени илустрации 54-88,52%, а најмалку слики 7-11,48%.

***Учебници од III одделение***

*Табела 30: Видови илустрации во учебниците од III одделение*

| | Видови илустрации | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Водечки | | | Истозначни | | | Помошни | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | F | N | % |
| Радевски Т. Радевска Н. | 63 | 205 | 30,73 | 75 | 205 | 36,58 | 67 | 205 | 32,68 |
| Витанова А Атанасов З.. | 16 | 56 | 28,57 | 10 | 56 | 17,86 | 30 | 56 | 53,57 |
| Поповски В. Поповска Г. | 9 | 83 | 10,84 | 24 | 83 | 28,91 | 50 | 83 | 60,24 |

Од табелата 30 се гледа дека најголем вкупен број илустрации N=205 содржи учебникот на Радевски Т., Радевска Н., четири пати помалку N=56 има во учебникот од Витанова А., Атанасов З.

Водечки илустрации најмногу се застапени 63-30,73% во учебникот на Радевски Т., Радевска Н., а најмалку 9-10,84% се застапени во учебникот на Поповски В., Поповска Г.

Истозначни илустрации најмногу 75-36,58% се застапени во учебникот од Радевски Т., Радевска Н., а најмалку 10-17,86% се содржат во учебникот од Витанова А., Атанасов З.

Помошни илустрации најмногу 67-32,68% ги има во учебникот на Радевски Т., Радевска Н., а најмалку 30-53,57% се присутни во учебникот од Витанова А., Атанасов З.

*Учебници од III одделение*

*Табела 31: Застапеност на илустрации и слики во учебниците од III одделение*

| | *Илустрации* | | | *Слики* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Автори* | *f* | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* |
| *Радевски Т. Радевска Н.* | *195* | *205* | *95,12* | *10* | *205* | *4,88* |
| *Витанова А. Атанасов З.* | *36* | *56* | *64,29* | *20* | *56* | *35,71* |
| *Поповски В. Поповска Г.* | *69* | *83* | *83,13* | *14* | *83* | *16,87* |

Од табелата 31 може да се види дека најмногу слики 20-35,71% се застапени во учебникот од Витанова А., Атанасов З., а најмалку слики 10-4,88% се застапени во учебникот на Радевски Т., Радевска Н., чии учебник содржи 195-95,12% илустрации од уметнички карактер. Најмалку 36-64,29% илустрации има во учебникот на Витанова А., Атанасов З.

***Учебници од IV одделение***

*Табела 32: Видови илустрации во учебниците од IV одделение*

| | *Видови илустрации* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Водечки* | | | *Истозначни* | | | *Помошни* | | |
| *Автори* | *f* | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* | *F* | *N* | *%* |
| *Радевски Т. Радевска Н.* | *77* | *200* | *38,50* | *68* | *200* | *34,00* | *55* | *200* | *27,50* |
| *Витанова А. Атанасов З.* | *25* | *72* | *34,72* | *9* | *72* | *12,50* | *38* | *72* | *52,78* |

Од табелата 32 најмногу N=200 илустрации има во учебникот на Радевски Т., Радевска Н., а три пати помалку N=72 има во учебникот на Витанова А., Атанасов З.

Во контекст на ова потребно е да се истакне дека во учебникот на Радевски Т., Радевска Н. има најголема застапеност на водечки 77-38,50% истозначни 68-34,00% и помошни илустрации 55-27,50% додека видовите на илустрации во учебникот од Витанова А., Атанасов З.,се помалку застапени водечки 25-34,72%, истозначни илустрации 9-12,50% и помошни илустрации 38-52,78%.

*Учебници од IV одделение*

*Табела 33: Застапеност на илустрации и слики во учебниците од IV одделение*

| | *Илустрации* | | | *Слики* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Автори* | *f* | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* |
| *Радевски Т. Радевска Н.* | *174* | *200* | *87* | *24* | *200* | *13* |
| *Витанова А Атанасов З.* | *53* | *72* | *73,61* | *19* | *72* | *26,39* |

Од аспект на застапеноста на илустрации и слики во учебниците за IV одделение од табелата 33 се гледа дека најмногу илустрации од уметнички карактер 174-87,00% има во учебникот на Радевски Т., Радевска Н., а најмалку 53-73,61% се сретнува во учебникот на Витанова А., Атанасов З. Слики 26-13,00% најмногу се застапени во учебникот на Радевски Т., Радевска Н., а најмалку 19-26,39% во учебникот на Витанова А., Атанасов З.

Од табелава се гледа дека во двата учебника најголема застапеност има на илустрации од уметнички карактер, а помалку слики.

***Учебници од V одделение***

*Табела 34: Видови илустрации во учебниците од V одделение*

| | Видови илустрации | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Водечки | | | Истозначни | | | Помошни | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | F | N | % |
| Радевски Т. Стојков С. Колев В-Ж. | 60 | 106 | 56,60 | 26 | 106 | 24,53 | 20 | 106 | 18,87 |
| Витанова А. Атанасов З. Димкова С. | 55 | 120 | 45,83 | 12 | 120 | 10,00 | 53 | 120 | 44,17 |
| Поповски В. Георгиевски Г. | 42 | 136 | 30,89 | 17 | 136 | 12,50 | 77 | 136 | 56,61 |

Од табелата 34 најголем број илустрации N=136 има во учебникот од Поповски В., Георгиевски Г., а најмалку N=106 во учебникот на Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж.

Водечки илустрации најмногу 60-56,60% се застапени во учебникот на Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж., а најмалку 42-30,89% ги има во учебникот на Поповски В., Георгиевски Г.

Истозначни илустрации најмногу 26-24,53% се застапени во учебникот од Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж. , а најмалку 12 – 10,00% во учебникот од Витанова А., Атанасов З., Димкова С.

Помошни илустрации најмногу 77-56,61% се присутни во учебникот од Поповски В., Георгиевски Г., а најмалку 20-18,87% се сретнуваат во учебникот на Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж.

*Учебници од V одделение*

*Табела 35: Застапеност на илустрации и слики во учебниците од V одделение*

| | *Илустрации* | | | *Слики* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Автори* | *f* | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* |
| *Радевски Т. Стојков С. Колев В-Ж* | *43* | *106* | *40,57* | *63* | *106* | *59,43* |
| *Витанова А. Атанасов З. Димкова С.* | *37* | *120* | *30,83* | *83* | *120* | *69,17* |
| *Поповски В. Георгиевски Г.* | *98* | *136* | *72,06* | *38* | *136* | *27,94* |

Во насока на застапеноста на илустрации и слики од табелата 35 се гледа дека најмногу илустрации 98-72,06% се застапени во учебникот на Поповски В., Георгиевски Г., а најмалку 37-30,83% во учебникот од Витанова А., Атанасов З., Димова С. Слики најмногу 83-69,17% се застапени во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Димова С., а најмалку 38-27,94% во учебникот на Поповски В., Георгиевски Г.

Од табелава може да се согледа дека во учебниците од Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж. како и од Витанова А., Атанасов З., Димова С. поголема застапеност има на слики во однос на илустрации од уметнички карактер.

***Учебници од VI одделение***

*Табела 36: Видови илустрации во учебниците од VI одделение*

| | *Видови илустрации* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Водечки* | | | *Истозначни* | | | *Помошни* | | |
| *Автори* | *f* | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* | *F* | *N* | *%* |
| *Радевски Т. Стојков С. Колев В-Ж* | *18* | *30* | *60,00* | *5* | *30* | *16,67* | *7* | *30* | *23,33* |
| *Витанова А. Атанасов З Димова С..* | *10* | *71* | *14,08* | *4* | *71* | *5.63* | *57* | *71* | *80,28* |

Од табелава 36 се гледа дека најголема застапеност на илустрации N=71 има во учебникот од Витанова А., Атанасов З., Димова С., а помалку илустрации N=30 има во учебникот од Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж.

Водечки илустрации се најзастапени 18-60,00% во учебникот на Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж., а помалку 10-14,08% во учебникот на Витанова А., Атанассов З., Димова С.

Истозначни илустрации повеќе има во учебникот од Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж. 5-16,07% во однос на учебникот на Витанова А., Атанасов З., Димова С. кој има 4-5,63%.

Помошни илустрации најзастапени 57-80,28% има во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Димова С., а помалку 7-23,33% во учебникот од Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж.

*Учебници од VI одделение*

*Табела 37: Застапеност на илустрации и слики во учебниците од VI одделение*

| | *Илустрации* | | | *Слики* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Автори* | *f* | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* |
| *Радевски Т. Стојков С. Колев В-Ж* | *12* | *30* | *40,00* | *18* | *30* | *60,00* |
| *Витанова А. Атанасов З. Димова С.* | *18* | *71* | *25,35* | *53* | *71* | *74,65* |

Од табелава 37 се гледа дека и во двата учебника повеќе се застапени слики во однос на илустрации. Учебникот во Витанова А., Атанасов З., Димова С. има најзастапеност на слики 53-74,65%, додека илустрациите ги има 18-25,35%. Во учебникот на Радевски Т., Стојков С., Колев В-Ж. застапеност на илустрации е 12-40,00% кои се помалку во однос на присутноста на слики 18-60,00%

***Учебници од VII одделение***

*Табела 38: Видови илустрации во учебниците од VII одделение*

| | Видови илустрации | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Водечки | | | Истозначни | | | Помошни | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | F | N | % |
| Радевски Т. | 46 | 100 | 46,00 | 3, | 100 | 34,00 | 20 | 100 | 20,00 |
| Витанова А. Атанасов З Ангеловска В.. | 24 | 217 | 11,06 | 17 | 217 | 7,83 | 176 | 217 | 81,11 |
| Поповски В. Георѓиевски Г. | 34 | 171 | 19,89 | 6 | 171 | 3,51 | 131 | 171 | 76,60 |

Од табелата 38 се гледа дека најголем број N=217 има во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Ангеловска В., а најмалку N=100 во учебникот на Радевски Т.

Водечки илустрации најмногу се застапени 46-46,00%, во учебникот на Радевски Т., а најмалку 24-11,06% Витанова А., Атанасов З., Ангеловска В.

Истозначни илустрации најмногу 34-34,00% има во учебникот на Радевски Т., а најмалку 6-3,51% во учебникот на В., Поповски Георгиевски Г.

Помошни илустрации најмногу 176 -81,11% се застапени во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Ангеловска В., а најмалку 20-20,00% има во учебникот на Радевски Т.

*Учебници од VII одделение*

*Табела 39: Застапеност на илустрации и слики во учебниците од VII одделение*

| | Илустрации | | | Слики | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Автори | f | N | % | f | N | % |
| Радевски Т. | 13 | 100 | 13,00 | 87 | 100 | 87,00 |
| Витанова А. Атанасов З. Анѓеловска В. | 41 | 217 | 18,89 | 176 | 217 | 81,11 |
| Поповски В. ГеорѓиевскиГ. | 26 | 171 | 15,20 | 145 | 171 | 84,80 |

Од табелава 39 се гледа дека во сите три учебници најмногу се застапени слики, а помалку илустрации.

Најмногу слики 176-81,11% има во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Ангеловска В., а најмалку 87-87,00% има во учебникот на Радевски Т. Илустрации најмногу 41-18,89% има во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Ангеловска В., а најмалку 13-13,00% во учебникот на Радевски Т.

***Учебници од VIII одделение***

*Табела 40: Видови илустрации во учебниците од VIII одделение*

| | Видови илустрации | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Водечки | | | Истозначни | | | Помошни | | |
| Автори | f | N | % | f | N | % | F | N | % |
| Радевски Т. Радевска Н. | 16 | 78 | 20,51 | 17 | 78 | 21,79 | 45 | 78 | 57,69 |
| Витанова А. Атанасов З Малјановска В. | 9 | 190 | 4,74 | 13 | 190 | 6,84 | 168 | 190 | 88,42 |
| Поповски В. Георѓиевски Г. | 3 | 119 | 2,52 | 4 | 119 | 3,36 | 112 | 119 | 94,11 |

Од табелава 40 најголем број N=190 на илустрации има во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Мајановска В., а најмалку илустрации N=78 има во учебникот на Радевски Т., Радевска Н.

Најмногу застапени водечки илустрации 16-20,51% има во учебникот на Радевски Т., Радевска Н., а најмалку 3-2,52% има во учебникот на Поповски В., Георгиевски Г.

Истозначни илустрации најмногу 17-21,79% има во учебникот на Радевски Т., Радевска Н., а најмалку 4-3,36% се застапени во учебникот на Поповски В., Георгиевски Г.

Помошни илустрации најмногу 168-88,42% се застапени во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Малјановска В., а најмалку 45-57,69% ги има во учебникот на Радевски Т., Радевска.

*Учебници од VIII одделение*

*Табела 41: Застапеност на илустрации и слики во учебниците од VIII одделение*

| | *Илустрации* | | | *Слики* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Автори* | *f* | *N* | *%* | *f* | *N* | *%* |
| *Радевски Т. Радевска Н.* | *7* | *78* | *8,97* | *71* | *78* | *91,03* |
| *Витанова А. Атанасов З. Малјановска В* | *9* | *190* | *4,74* | *181* | *190* | *95,26* |
| *Поповски В. ГеоргиевскиГ.* | *5* | *119* | *4,20* | *114* | *119* | *95,80* |

Од табелава 41 се гледа дека во сите три учебника најголема застапеност има на слики, а минимална застапеност на илустрации.

Илустрации повеќе 9- 4,74% има во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Малјановска В., а најмалку 5-4,20% во учебникот на Поповски В., Георгиевски Г.

Најмногу слики 181-95,26% има во учебникот на Витанова А., Атанасов З., Малјановска В., а најмалку 71-91,03% се застапени во учебникот на Радевски Т., Радевска Н.

Со анализата на илустрациите во учебниците се докажува, прифаќа десетата хипотеза дека бројот на видовите илустрации е различно застапен во истите .

Единаеста хипотеза – *Наставниците сметаат дека во учебникот по музичко образование треба да бидат застапени повеќе водечки илустрации* – се докажува од табела 42.

10. Според Вашето мислење од кој вид илустрации треба да има во учебникот по музичко образование?
(Заокружете алтернативи по Ваш избор)

*Табела 42: Ставови на наставниците за видот илустрации*

| Вид илустрации | f | N | % |
|---|---|---|---|
| а) водечки илустрации | 54 | 98 | 56,25 |
| б) истозначни илустрации | 25 | 98 | 26,04 |
| в) помошни илустрации | 38 | 98 | 39,58 |

Во оваа табела се гледа дека поголемиот број од испитаниците 54-56,25% ги сметаат водечките илустрации повеќе да бидат застапени. 38 испитаници -39,58% сметаат повеќе да бидат застапени помошните илустрации, а најмалку испитаници 25-26,04% да бидат застапени истозначните илустрации. Со овие резултати се докажува, прифаќа единаестата хипотеза за поголемата застапеност на водечките илустрации.

Дванаестата хипотеза – *Наставниците сметаат дека илустрациите во учебникот по музичко образование имаат големо воспитно-образовно значење во поттикнувањето љубопитност, интерес и смисла за убавото* - се докажува со резултатите од табела 43.

11. Кое е воспитно–образовното значење на илустрациите во учебникот по музичко образование?
(Заокружете алтернативи по Ваш избор)

*Табела 43: Ставови на наставниците за воспитно-образовното значење на илустрациите*

| Воспитно-образовното значење на илустрациите | f | N | % |
|---|---|---|---|
| а) поттикнување љупопитност, интерес и смисла за убавото | 61 | 98 | 62,89 |
| б) позитивен однос кон музичката историска културна традиција | 40 | 98 | 41,24 |
| в) воодушевување и воспириемање на виртуозни музички уметнички дела | 21 | 98 | 21,65 |
| г) внимание и осознавање на различни музички проблеми | 34 | 98 | 35,05 |
| д) формирање естетски однос и вреднување на илустрациите од учебникот | 29 | 98 | 29,89 |

Од оваа табела се гледа дека 61-62,89% од испитаниците сметаат дека големо воспитно-образовно значење на илустрациите учебниците има поттикнувањето љубопитност, интерес и смисла за убаво. Со тој висок процент во однос на преостанатите алтернативи, нивни нумерички показатели се прифаќа оваа хипотеза.

Тринаеста хипотеза – *Наставниците сметаат дека исклучиво е потребно учебникот по музичко образование да биде придружен со дидактички материјал за ученикот и методски прирачник за наставникот* – се докажува со резултатите од табела 44.

12. Колку е потребно учебникот по музичко образование да биде придружен со дидактички материјал како што е CD, DVD за ученикот, методски прирачник за наставникот?
(Заокружете само една алтернатива)

*Табела 44: Ставови на наставниците за потребата од дидактички материјал за ученикот, методски прирачник за наставникот*

| Потреба од дидактички материјал за ученикот методски прирачник за наставникот | F | N | % |
|---|---|---|---|
| а) исклучиво е потребно | 75 | 98 | 76,53 |
| б) многу е потребно | 15 | 98 | 15,31 |
| в) потребно е | 6 | 98 | 6,12 |
| г) не е потребно | 2 | 98 | 2,04 |

75 испитаници односно 76,53% сметаат дека исклучиво е потребно дидактички материјал за ученикот, методски прирачник за наставникот, а само минимално 2 испитаника – 2,04% одговориле дека не е потребно.

Пресметана е вредноста $X^2$=101,08 ;df=3; p<0,01.

Пресметаната вредност $X^2$ (101,08) потврдува дека разликата во одговорите што ги дале наставниците е статистички значајна на ниво на значајност од 0.01.

Со овие значајни показатели се докажува тринаестата хипотеза.

Четиринаеста хипотеза - *Наставниците сметаат дека има потреба од користење учебник по музичко образование во I, II и III одделение деветгодишно образование* – се докажува од резултатите од табелата 45.

13. Во деветгодишното основно образование и воспитание во I, II и III одделение учениците немаат учебници по музичко образование. Што мислите за потребата и употребата на учебник по музичко образование во I, II и III одделение? (Заокружете алтернативи по Ваш избор)

*Табела 45: Ставови на наставниците за потребата и употребата од учебник по музичко образование во I,II и III одделение*

| Потреба и употреба од учебник по музичко образование во I, II и III одделение | f | N | % |
|---|---|---|---|
| а) има потреба од учебник по музичко образование во I, II и III одделение | 66 | 98 | 67,35 |
| б) учебникот би ја олеснил реализацијата на наставната програма по музичко образование | 53 | 98 | 54,08 |
| в) би се надминала импровизацијата на наставникот на час без учебник | 39 | 98 | 39,79 |
| г) учениците посистемно ќе усвојуваат музички знаења | 29 | 98 | 29,59 |
| д) учениците пофлексибилно со поголема љубопитност ја сфаќаат, доживуваат и изразуваат музиката. | 28 | 98 | 28,57 |
| ѓ) оптимална интерактивна музичка комуникација помеѓу наставникот и ученикот на часот по музичко образование | 22 | 98 | 22,45 |
| е) зголемување на квалитетот на наставата по музичко образование | 43 | 98 | 43,88 |

Со висок процент 66-67,35% се оценува потребата од учебник по музичко образование. 53-наставника – 54,08% сметаат дека учебникот би ја олеснил реализацијата на наставната програма по музичко образование. 43 испитаници – 43,88% сметаат учебникот го зголемува квалитетот на наставата по музичко образование.

Со овие показатели се докажува тринаесетата хипотеза дека наставниците ја сметаат потребата од користење учебник по музичко образование во I, II и III одделение деветгодишно образование.

Со прифатените, докажани помошни хипотези 2,3,4,5,10,11 се **прифаќа** општата хипотеза – ***Дидактичко- методските димензии - видовите текстови, прашања, задачи, вежби, илустрации во учебниците по музичко образование се различно застапени според нивниот број и видови.***

Во анкетниот лист – скалер четиринаесетото прашање е од отворен тип кое се однесува на донесување предлози од наставниците за подобра концепција и квалитет на учебникот по музичко образование. Од 98 испитаници 43 не одговориле. Од повеќето предлози би се издвоиле следниве:

- учебникот по музичко образование да е придружен со CD, DVD и да поттикнува музичка креативност, да формира естетски вкус за разни видови музика;
- електронска верзија на учебникот би придонела во квалитетот на стекнатите знаења и во развивање на системни музички производи од учениците – компонирање;
- во учебникот да има вметнување на песни од актуелни детски фестивали, текстовите да се во целост запишани во учебникот, снимката на CD или DVD да е за една октава пониска и поприродна или испеана со детски глас: учебникот да е илустриран и примамлив за децата;
- учебникот задолжително да има работни листови, CD и прирачник за наставници;
- да има учебник за прво одделение зошто неопходно е потребно;
- учебникот да содржи и работен дел во кој ќе може ученикот самостојно да сработи за проверка и вреднување на знаењата;
- да има прирачник за наставникот со детално разработени наставни содржини;
- да се изработат учебници за I, II и III одделение со прирачник зошто се неопходни и примарни;

- да има упатства за секоја содржина во учебникот кои ќе служат за самостојна употреба во учебникот од страна на учениците;
- да има музички текстови од новите празнувања, одбележувања и врвни музички уметнички дела;
- учебникот да го изработуваат професионални музички педагози во соработка со наставниците во основните училишта.

Современата тенденција во концепирање на модерен учебник е и создавање на ***електронски учебник*** кој во блиска иднина има големи едукативни, иновативни вредности и предности.

Развојниот квалитет на учебникот по музичко образование импонира функционирање на елементи на мултимедијален пакет. Тоа подразбира придружни сегменти на учебникот, а тоа е:

- дидактички аудио, аудиовизуелен материјал CD и DVD и за ученикот и за наставникот;
- работни практични листови за ученикот;
- методски прирачник за наставникот;
- додатна стручна литература за наставникот (музички енциклопедии, музички методики, учебници од повеќе автори, користење интернет);
- додатна литература за ученикот преку користење на интернет.

# IV. ДЕЛ

## 1. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во системната аналитичка развојно – функционална обликуваност на трудот резултираат следниве заклучни согледувања.

1. Во трудот е елабориран поимот учебник преку мултидимензионалната развојна дефинираност.
2. Се истакна оригиналната дефиниција на поимот учебник по музичко образование во основното училиште.
3. Се анализираа видовите дидактички функции на учебникот со содржински импликации во учебникот по музичко образование.
4. Се истакна дефинираност на целите на музичкото образование во основното училиште.
5. Се осветлија аспектите на наставните програми по музичко образование и нивната рефлектираност во учебниците.
6. Појмовно експлицирана структурата на учебникот, нејзината општа рамка, како и структурата на учебникот по музичко образование.
7. Теоретски се презентира дидактичката апаратура во учебникот и се конкретизира апаратурата во учебникот по музичко образование.
8. Се презентира и поимот илустрации во учебникот, како и видови илустрации во учебникот по музичко образование.
9. Се направи преглед на некои релевантни истражувања за концепцијата на учебник во кој посебно внимание се посвети на дескриптивниот модел на креативно учење на учебникот конструиран од академик проф. д-р Марко Стевановиќ.
10. Се направи темелна аналитичка методолошка функционална елаборација на истражувањето имплицирана преку дефинираноста на предметот, целта, задачите (17 задачи), хипотезите (15)од кои една општа и 14 помошни. Во текот на истражувањето се користеше дескриптивно – аналитичкиот метод за анализа на 22 учебника од I-VIII одделение. Во оваа насока се употреби и

методолошката техника анкетирање за испитување на ставови, мислења на наставниците за различните аспекти на компетентноста на учебникот по музичко образование во основното училиште. Овој значаен чекор се оствари и преку испитување на 98 испитаници од 9 основни училиштап по пат на истражувачкиот инструмент анкетен лист – скалер.

11. Од тестирањето на поставените хипотези, кои истите се прифатени, докажани се констатира дека:

- дидактичко – методските димензии – видовите текстови, прашања, задачи, вежби, илустрации во учебниците по музичко образование се различно застапени според нивниот број и видови;
- високо се оценува придонесот на учебникот за реализација на наставата по музичко образование;
- музичко-уметничките текстови имаат приоритетно значење во учебникот;
- во учебниците по музичко образование преовладува репродуктивниот тип на прашања, задачи, вежби;
- има потреба од поголема застапеност на продуктивни прашања, задачи, вежби;
- сознајната љубопитност за музика се имплицира како значајна функција на дидактичката апаратура на учебникот по музичко образование;
- постои потреба прашањата, задачите, вежбите да функционираат на крајот по текстот во учебникот по музичко образование;
- прашањата, задачите, вежбите од учебникот по музичко образование доволно се користат на наставниот час;
- учениците со задоволство ги користат прашањата, задачите вежбите во учебникот по музичко образование;
- постои потреба од повеќе водечки илустрации во учебникот по музичко образование;

- поттикнувањето љубопитност, интерес и смисла за убаво е од големо воспитно – образовно значење на илустрациите во учебникот по музичко образование;
- постои исклучива потреба учебникот по музичко образование да биде придружен со дидактички материјал за ученикот и методски прирачник за наставникот;
- постои потреба од користење учебник по музичко образование во I,II,III одделение деветгодишно образование.

## 2. ЕДУКАТИВНИ ПРЕПОРАКИ

Врз основа на презентираните теоретски и методолошки аспекти на учебникот по музичко образование во основното училиште се предлага авторите на концепирање учебник по музичко образование да дизајнираат модерен и иновативен учебник во форма на ***мулшимедијален џакеш***.

Конституитивни елементи на *мулшимедимедијалниош џакеш* се:

- модерно дизајниран учебник за ученикот кој подразбира функционална компатибилност на учебникот со наставната програма, нејзините цели, задачи, содржини, активности, очекувани резултати. Учебник во кој основната структура содржи повеќе музичко- уметнички текстови во однос на музичките и уметничките текстови. Учебник во кој приоритет има продуктивната дидактичка апаратура – прашања, задачи, вежби како и водечките илустрации за развој на сознајната љубопитност за музика и самостојна музичка комуникација, музичко самоучење на ученикот со учебникот;
- работни музички практични листови за ученикот за поттикнување на музичка меморија, музички способности, музичка креативност и изразување на ученикот;
- дидактички аудио- визуелен материјал, CD и DVD и за ученикот и за наставникот во рамките на концептот музика се учи со музика;
- методски прирачник за наставникот во чија концепираност се:
    - импликации на теоретски содржини од музичката педагогија, дидактика, методика на наставата по музичко образование, како и сознание од современата образовна технологија;
    - разработка на програмски теми од наставната програма од дидактичко – методски аспект;
    - ориентациони програми за работа;
    - ориентациони модели на наставни часови;

- едукативни инструкции за додатно перманентно информирање и усовршување на наставникот за успешна, ефикасна реализација на наставата по музичко образование;
- додатна литература за наставникот и ученикот преку користење на инернет.

Современите модерни развојни тенденции на наставата по музичко образование ја афирмира потребата од концепирање ***електронски учебник*** кој ќе овозможи мултипликативна електронска музичка комуникација на ученикот во усвојување и развивање квалитетни музички знаења, навики и умеења, музичка креативност согласно со концептот музика се учи со музика.

# РЕЗИМЕ

